СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

ПРЕДЛОГ

ic@mchamber.mk | www.mchamber.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2018 ГОДИНА

*Март, 2019 година*
*С к о п ј е*

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Седумнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 16.02.2018 година:**

- Предлог-Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2017 година;
- Неданочните и парафискалните давачки како оптоварување за правните субјекти во Република Македонија;
- Предлог-одлука за доделување награди и други признанија на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за четвртиот квартал од 2017 година и за период јануари-декември 2017 година, со споредбени податоци за истиот период од претходната година и проекции за првиот квартал од 2018 година;
- Предлог-одлука за дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија;
- Информација за прописи од значење за бизнисот;
- Предлог-Одлука за основање на клуб на консултанти/експерти.

**Осумнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија,**

**одржана на 18.04.2018 година:**

- Предлог-Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-март 2018 година;
- Одлука за овластување за вршење на делокругот на надлежности што ги врши Извршниот директор на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за висината на надоместокот на услугите на Стопанската комора на Македонија при вршење на јавните овластувања;
- Извештаи на Бизнис центарот за тренинг и обука:
    - Предлог-извештај за работењето во 2017 година;
    - Предлог-финансиски извештај за 2017 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Деветнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 07.06.2018 година:**

- Претприемачките права во Европската Унија и во Република Македонија;
- Верификација на Записникот од електронската консултација на членовите на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија од 30.05.2018 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Дваесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија,**

**одржана на 19.09.2018 година:**

- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-јуни 2018 година;
- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на листите на арбитри на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Информација за прописи од значење за бизнисот;

**Дваесет и прва седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија,**

**одржана на 06.11.2018 година:**

- Дискусија за предложените мерки за воведување на прогресивно оданочување и ефектите врз работењето на деловните субјекти;
- Извозна диверзификација и модерна реиндустријализација како фундаментални процеси во забрзување на растот на македонската економија;
- Финансиски извештај преку остварувања на Стручната служба на Комората за период јануари-септември 2018 година и споредба на остварувањата со планираните проекции за трет квартал 2018 година;
- Предлог-одлука за унапредување на работењето и остварувањето на функциите на Здружението ЗБ6 Коморски инвестициски форум;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Дваесет и втора седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија,**

**одржана на 04.12.2018 година:**

- Пазарот на капитал во функција на бизнисот;
- Предлог-програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2019 година;
- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2019 година;
- Предлог-програмски насоки за активностите на Бизнис центарот за тренинг и обука во 2019 година;
- Предлог-финансиски план на Бизнис центарот за тренинг и обука за 2019 година;
- Преглед за реализација на заклучоците од одлуките на седниците на Управниот одбор, одржани на 07.06.2018 година, 19.09.2018 година и 06.11.2018 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Деветта седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 18.04.2018 година:**

- Неданочните и парафискалните давачки како оптоварување за правните субјекти во Република Македонија;
- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2017 година;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
- Одлуки за избор и за верификација на мандат:
  - Одлука за избор на член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандат на нов претставник од „ФОД“ АД „ЕЛЕМ“ ДООЕЛ - Новаци, за член на Собранието на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандат на нов претставник од АД „ЕЛЕМ“ Скопје – Подружница „РЕК БИТОЛА“ - Новаци, за член на Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија.

**Десетта седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 13.12.2018 година:**

- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2019 година;Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2019 година;
- Одлуки за престанок на мандат, за избор и за верификација на мандат:
  - Одлука за престанок на мандатот на членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за избор на потпретседател на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандатот на нов претставник од „ПИВАРА СКОПЈЕ“ АД – Скопје за член во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандатот на нов претставник од „РУДНИК САСА“ ДООЕЛ – Македонска Каменица за член во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандатот на нов претставник од „КОЖУВЧАНКА“ ДОО – Кавадарци за член во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандатот на нов претставник од АД „БУТЕЛ – ПОГРЕБЕН СЕРВИС“ – Скопје за член во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Извозна диверзификација и модерна реиндустријализација како фундаментални процеси во забрзување на растот на македонската економија.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Седумнаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 09.02.2018 година:**

– Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2018 година со извештаите на пописните комисии.

**Прва седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 31.3.2018 година:**

– Запознавање со донесениот Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
– Информација за надлежностите на Надзорниот одбор, планирани седници на Надзорниот одбор за период март 2018 - февруари 2019 и информација за финансиското работење;
– Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
– Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „Б и Љ" ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2017 година.

**Втора седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 17.07.2018 година:**

– Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2018 до 30.06.2018 година;
– Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
– Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
– Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
– Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2018 година.

**Трета седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 23.11.2018 година:**

– Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2019 година

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани 49 прес-конференции и присуство на медиуми на над 40 други настани.

2. Одржани преку 100 настани (состаноци и расправи за компаниите, конференции, форуми, проектни активности, презентации) на здруженијата според дејности и преку 50 на регионалните комори.

3. Организирани 20 бизнис-форуми и уште толку бизнис-средби, присуство на над 15 меѓународни конференции.

4. Над 10 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

5. Издадени 45 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“, во просек на околу 20 страници.

6. Објавени 45 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“.

7. Отпечатени над 50 прилози во месечникот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“.

8. До компаниите доставени 50 информации за прописи и 264 прегледи на информации за објавени економски статии во дневни и неделни печатени медиуми.

9. Центарот за едукација и развој на човечки ресурси реализираше 96 едукативни настани, на коишто присуствуваа 1.794 учесници.

10. Издадени вкупно 93 веб-сертификат Exellent SME во 2018 година.

11. Во Клубот на менаџери-претприемачи согласно Годишната агенда за 2018 година беа реализирани 25 едукативни настани и се остварија 2 вмрежувања во земјата.

12. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:

    - 2320 сертификати за потекло на производите (Форм А);
    - 12241 сертификати за потекло на производите (Оригин);
    - 524 АТА-карнети;
    - 7 потврди за ексклузивитет;
    - 14 потврди за слободна продажба;
    - 10 потврди за производител;
    - 9 потврди за членство во Комората;
    - 150 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Потврдено во Комора);
    - 48 мислења за исполнување на економските услови.

**Целиот Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2018 година, можете да го најдете на следниот линк: https://issuu.com/www.mchamber.mk/docs/finalen_godisen_izvestaj_na_komora_**

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ
## *(СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ВО 11:00 ЧАСОТ)*

**15 јануари 2018 година**
СОРАБОТКАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО ВЛАДАТА НА РМ – ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПРОМЕНИ ВО НОРМАТИВНАТА РАМКА ЗА ПОВОЛЕН ДЕЛОВЕН АМБИЕНТ

**22 јануари 2018 година**
СО СООДВЕТНИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ОТПАД, ВОДОВОД И ПАЗАРИ ДО ПОЕФИКАСНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ НА ЛОКАЛНО НИВО

**29 јануари 2018 година**
СОСТОЈБИ ВО РУДАРСТВОТО И ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДЛОГ-ИЗМЕНИТЕ НА  ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**5 февруари 2018 година**
ЕФЕКТИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД 10-ГОДИШНОТО УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ЕВРОПСКАТА МРЕЖА НА БИЗНИС-МОЖНОСТИ (ENTERPRISE EUROPE NETWORK) ВО МАКЕДОНИЈА

**12 февруари 2018 година**
ПОТРЕБА ОД ПРОМЕНА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОЛИТИКА СО ЦЕЛ СОЗДАВАЊЕ ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**20 февруари 2018 година**
РАБОТНА СРЕДБА ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА КЛУБОТ НА КОНСУЛТАНТИ/ЕКСПЕРТИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**26 февруари 2018 година**
РЕЗУЛТАТИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР

**7 март 2018 година**
ЕВРОПСКИТЕ ИСКУСТВА ЗА УЛОГАТА НА КОМПАНИИТЕ КОИ УПРАВУВААТ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД – СЕГА И ВО ИДНИНА

**12 март 2018 година**
БИЗНИС ФОРУМ И МАКЕДОНСКО-ЕСТОНСКИ ДЕЛОВНИ СРЕДБИ

**19 март 2018 година**
ПОДГОТВЕНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

**26 март 2018 година**
ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ДЕН СО МАКЕДОНСКИТЕ ВОДЕЧКИ ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ“ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ВО СОРАБОТКА СО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Н.Е. Д-Р ЃОРГЕ ИВАНОВ

**2 април 2018 година**
НЕОПХОДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ПОГОЛЕМИ ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ ВО ТУРИЗМОТ

**10 април 2018 година**
МАКЕДОНСКИОТ ЧЕЛИК ПОД СЕРИОЗНА ЗАКАНА ОД МЕРКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗ НА ЧЕЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ

**16 април 2018 година**
УНАПРЕДУВАЊЕ НА АРБИТРАЖНОТО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БИЗНИС ПАРТНЕРИТЕ

**23 април 2018 година**
ЗАБЕЛЕШКИТЕ НА УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

**30 април 2018 година**
РАЗВИЕНИ АЛАТКИ КОИ ГО ГАРАНТИРААТ БОНИТЕТОТ НА СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ, ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИЦИ

**7 мај 2018 година**
РАБОТНА СРЕДБА СО ЗОРИЦА АПОСТОЛСКА, МИНИСТЕРКА БЕЗ РЕСОР ЗАДОЛЖЕНА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ВЛАДАТА НА РМ - ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА НОВИОТ ПАКЕТ ФИНАНСИСКИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА НА РМ ПРЕД ИТАЛИЈАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

**9 мај 2018 година**
МЕЛНИЧАРИТЕ БАРААТ РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ЖЕТВАТА

**14 мај 2018 година**
МЕЃУНАРОДЕН МЕТАЛУРШКИ КОНГРЕС: „МЕТАЛУРГИЈАТА, МАТЕРИЈАЛИТЕ И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“ - НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА МЕТАЛНИОТ СЕКТОР

**21 мај 2018 година**
ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВО ПРОДАЖБАТА НА АРАНЖМАНИ НА ХОТЕЛСКИТЕ И РЕСТОРАНСКИТЕ УСЛУГИ СО ЦЕЛ ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА

**28 мај 2018 година**
КОМПАНИИТЕ СО БАРАЊЕ – ДА СЕ ОДЛОЖИ ПРИМЕНАТА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИФТОВИТЕ СЕ` ДО НОСЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ ПРОЦЕДУРИ

**4 јуни 2018 година**
ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ КОИ ИМААТ ОСНОВНА ЦЕЛ КОНТИНУИРАН ПОРАСТ НА СТАПКАТА НА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

**11 јуни 2018 година**
НЕДАНОЧНИТЕ И ПАРАФИСКАЛНИТЕ ДАВАЧКИ КАКО ОПТОВАРУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО МАКЕДОНИЈА

**18 јуни 2018 година**
ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИТАРНИОТ НАСТАН – „СВЕТСКИ ПИКНИК“ ОРГАНИЗИРАН ОД СТРАНА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

**25 јуни 2018 година**
ПОГОЛЕМА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ - ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО ВО ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА

**2 јули 2018 година**
КВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПОГОЛЕМО ВРАБОТУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „E4E@MK“

**9 јули 2018 година**
СО СРЕДСТВАТА ОД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ ДО ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ

**16 јули 2018 година**
АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА

**23 јули 2018 година**
СОСТОЈБИТЕ ВО РУДАРСКИОТ СЕКТОР И ВЛИЈАНИЕТО ОД ИЗМЕНИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**6 август 2018 година**
ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

**20 август 2018 година**
СО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ВЕТЕРИНАРНО МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ ДО ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ НА КОМПАНИИТЕ

**27 август 2018 година**
ГРУПАЦИЈАТА НА ПАЗАРИ И КОМОРАТА НА ТРГОВЦИТЕ НА ТЕЗГИ И ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ - ЗАЕДНИЧКИ ВО РЕШАВАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО ДЕЈНОСТА

**3 септември 2018 година**
РАБОТНА СРЕДБА МЕЃУ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКАТА КОМОРА НА КОСОВО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД БИЗНИС ЗАЕДНИЦИТЕ НА ДВЕТЕ ЗЕМЈИ ВО НАСОКА НА ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БИЛАТЕРАЛНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА КОСОВО

**10 септември 2018 година**
ПРЕКУ ЕВРОПСКИ ПРОЕКТ ДО ПОДДРШКА НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ЗА ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ

**17 септември 2018 година**
СО ПАРТНЕРСТВА, ИНОВАЦИИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СОВЕТУВАЊА ДО ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**25 септември 2018 година**
СТАВ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ВО ОДНОС НА ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ

**1 октомври 2018 година**
ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ПРИЧИНИ КОИ РЕЗУЛТИРАА СО ПАД НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПИВО

**8 октомври 2018 година**
ДО НОВИ ПАЗАРИ И ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ ПРЕКУ КАТАЛОГОТ НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**15 октомври 2018 година**
АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА – ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**22 октомври 2018 година**
АВТОХТОНИТЕ СОРТИ КАКО МОЖНОСТ ЗА НОВ И УСПЕШЕН БИЗНИС

**29 октомври 2018 година**
РЕГУЛИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА УПОТРЕБУВАНАТА ТЕХНИЧКА СТОКА И ЗАБРАНА ЗА НЕЈЗИНО ПУШТАЊЕ НА ПАЗАРОТ

**5 ноември 2018 година**
ОЛЕСНУВАЊЕ НА ВИЗНИОТ РЕЖИМ ЗА МАКЕДОНИЈА ДА ОСТАНЕ НА ГЛОБАЛНИОТ БАЛКАНСКИ ТУРИСТИЧКИ ПАЗАР

**12 ноември 2018 година**
ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СТАНДАРД ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ДО ПОГОЛЕМА ЕФИКАСНОСТ НА КОМПАНИИТЕ

**19 ноември 2018 година**
ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ ПРЕКУ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ФОРМАЛНОТО И НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**26 ноември 2018 година**
РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, М-Р ГОРАН СУГАРЕСКИ

**3 декември 2018 година**
ПРЕКУ АКТИВНОСТИТЕ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ДО ПОДОБРО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**10 декември 2018 година**
ДО ПОГОЛЕМ ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ ОД УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ПРЕКУ УСВОЈУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА ДЕЈНОСТА

**17 декември 2018 година**
СО ПРЕДЛОГ ИЗМЕНА НА РЕГУЛАТИВАТА ДО ПОДОБРО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ

**24 декември 2018 година**
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНОВАЦИИТЕ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ПРЕКУ СОРАБОТКА МЕЃУ ЕТАБЛИРАНИТЕ И СТАРТАП КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ДИРЕКЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИЈА И РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ

## ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

**15.1.2018**

### СОРАБОТКАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ИНИЦИЈАТИВИ, БАРАЊА И ПРЕДЛОЗИ ЗА ПРОМЕНИ ВО НОРМАТИВНАТА РАМКА ЗА ПОВОЛЕН ДЕЛОВЕН АМБИЕНТ

На прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија (15.01.2018 година), посветена на соработката на Комората со Владата на РМ во делот на реализација на иницијативите за промени во законските и подзаконските прописи во насока на воспоставување поволен деловен амбиент, беше потенцирано дека Планот за економски раст преточен во неколку мерки, кој неодамна ги промовираше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, генерално ги содржи насоките и барањата на деловната заедница за коишто Стопанската комора на Македонија континуирано имаше свои предлози и укажувања до креаторите на економската политика. Планот за економски раст, дефиниран преку три столба, има за цел остварување на поголем економски раст преку поддршка на компании кои се во добра кондиција и истовремено може да испорачаат уште поголеми позитивни резултати - нови вработувања, нови инвестиции, како и зголемување на извозните потенцијали на македонското стопанство.

Посочувајќи дека Стопанската комора на Македонија не ги бара недостатоците во системот со цел да критикува, туку да презентира конкретни решенија за проблемите на бизнис заедницата, засновани на подолгорочни истражувања, експертски мислења и анализи, денес беа претставени дел од иницијативите кои се поднесени изминатиот период, за кои се очекува што побрза и поефикасна операционализација од надлежните министерства, со нагласување дека од 1 јуни до крајот на 2017 година се поднесени вкупно 19 иницијативи, од кои ниту една не е одбиена, а комуникацијата е во тек.

Генерална оценка на соработката со Владата е дека постои силна волја за соработка и воспоставен е јавно-приватниот дијалог на највисоко ниво (претседателот на Владата на РМ, заменикот на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања...), но има реални потреби за подобрување на комуникацијата, не само на највисоко ниво, туку на оперативно ниво (со министерствата и со другите органи на управата), што ќе биде во насока на поттикнување на ефикасноста и ажурноста на јавните и на државните службеници и намалување на административните бариери, бидејќи без брзи и ефикасни административни постапки, без намалување на бирократизацијата и без професионална администрација, не може да одиме напред и да очекуваме брза реализација на нашите иницијативи кои се во интерес на унапредување на деловната клима во државата.

**22.1.2018**

### СО СООДВЕТНИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ОТПАД, ВОДОВОД И ЗА ПАЗАРИ ЗА ЕФИКАСНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ НА ЛОКАЛНО НИВО

-Измени на законските прописи кои го регулираат вработувањето работници во комуналните претпријатија на локално и на државно ниво, интервенција во Законот за јавни набавки и активно вклучување во изработка на новиот закон за управување со отпад се активностите на кои Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија ќе работи приоритетно во следниот период, - истакна Даниела Михајловска Василевска на денешната прес-конференција.

Здружението ќе се вклучи во активностите околу донесувањето на новиот закон за управување со отпад кој е во почетна фаза и согласно укажувањата на Министерството за животна средина треба да се донесе до октомври годинава. Здружението има забелешки и на постојниот Закон за јавни набавки, согласно кој голем дел од тековните работи на комуналните претпријатија се отежнуваат. Проблемот е во понудената најниска цена која не соодветствува

со квалитетот, како и во лимитот од 500 евра согласно кој може да се вршат интервентни набавки, што е многу мал износ, - посочи Јованоски.

Здружението на комуналните дејности минатата недела имаше изборна седница на којашто се избраа нов претседател и двајца заменици-претседатели, а беа избрани нов претседател и двајца заменици-претседатели и на Групацијата на пазарите во рамките на Здружението на комуналните дејности.

**24.1.2018**

## СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СО АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД



Целта на средбата на Министерот за животна средина и просторно планирање господинот Садула Дураки со колективните постапувачи со отпад беше да се разменат информации околу имплементирањето на постојната регулатива и да се договорат идни активности во насока унапредување на овој сегмент од животната средина.

Во дискусијата беа посочени отворените прашања во управувањето со посебните текови на отпадот, како што е потребата од вклучување во системот на што поголем број производители на отпад од пакување, батерии и акумулатори и електрична и електронска опрема, потоа за висината на надоместоците утврдени со Законот, за потребата од поголема соработка со општините и друго. Асоцијацијата со свои предлози и сугестии активно ќе партиципира во постапката на донесување на рамковниот закон за отпад во насока на подготовка на практично применливи законски решенија.

**24.1.2018**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ - ПОДДРШКА НА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ



На седницата на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, одржана на 24.01.2018 година се расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градежни производи и за состојбата во производството на градежни и неметални производи.

Во обемната дискусија по Предлог – законот беше потенцирано дека Законот за градежни производи мора да се применува, како од страна на компаниите, така и од страна на надлежните институции, од причина што станува збор за законски решенија кои имаат влијание во тековното работење на компаниите. Посебно како проблем, беше истакнато дека и покрај тоа што Законот е донесен во 2015 година, сѐ уште не се донесени правилниците кои произлегуваат од овој Закон, кои сепак претставуваат пречка за негова целосна имплементација. Имајќи предвид дека согласно законските решенија, се бара имплементација на европските стандарди кои се усвоени во нашата земја во последните две години, Здружението организираше обуки за компаниите во Комората, по региони во државата, но се` уште постои инертност кај нив и многу малку ги имаат имплементирано европските стандарди. На состанокот се заклучи да се побара официјално пролонгирање на периодот на транзиција, за што ќе се побара средба со министерот и заменик-министерот.

Во однос на состојбите во производството на градежни производи, беше истакнато дека, и покрај тоа што има зголемување на индустриското производство, се увезуваат градежни производи кои се произведуваат и во нашата земја, како што се тулите, цементот, битуменски производи, арматура и друго. Посебно беше нагласено дека мора да се врши контрола при увозот, пред сѐ заради самиот квалитет на производите, кои се вградуваат во нашите објекти.

**25.1.2018**

## ГРУПАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА - СЕ ПОДГОТВУВААТ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА



На состанокот на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржан на 25.01.2018 година, се расправаше за изменување и дополнување на Правилникот за висината на трошоците за извршување стручни работи за безбедност при работа, објавен на 20 јануари 2014 година во „Службен весник на РМ“ .

Се констатира дека периодот на имплементација во пракса на овој Правилник, уште на почетокот покажа дека унифицираните цени за услугите не се реални и дека не треба да има унифицирање на истите, односно дека висината на цената мора да биде во правопропорционален однос со обемот и сложеноста на услугата која се испорачува, а се` во зависност од специфичноста на дејноста на работодавачот, односно компанијата во која се извршува. На состанокот се заклучи, по усвојување на измените и дополнувањата на овој Правилник, со образложение, да се доставaт до Министерството за труд и социјална политика.

**26.1.2018**

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КРАВЈОТО МЛЕКО ИСКЛУЧИВО ПО КВАЛИТЕТ - УСЛОВ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО СЕКТОРОТ

Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој 2018-2022 година беше оценета како добра, но нема доволно апликанти за истата. Во 2017 година повеќе од 50% од средствата не беа искористени затоа што фармерите не се подготвени да ризикуваат. Под овие услови фармерите и не сакаат да инвестираат. Мерката е добра, само е потребно да се зголеми износот на средства (148 милиони денари за грла за расплод).Со истата треба да се поддржат поголемите производители, а не малите со 3-5 грла кои сочинуваат 92%, односно да се стимулираат професионалните фармери.

Домашните откупувачи на млеко укажаа и на сериозен пад на количините на сурово кравјо млеко, што доведе до недостаток на истото кај повеќе млекарници во државата, при што дојде до зголемување на реалната цена на суровото млеко.

**26.1.2018**

## ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ЗАПИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА СТАРА ОПРЕМА И НА ДРУГИ СТАРИ ПРОИЗВОДИ

На 26.01.2018 година во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок на Групацијата на провајдери на дигитални решенија, за еколошките решенија при прометот и употребата на производите и опремата од информатичко-комуникациските технологии. Присутните се заложија за воведување европски стандарди во врска со зачувувањето на животната средина во Република Македонија, промена на законската регулатива поврзана со увоз и пуштање во промет на производи, особено од информатичката технологија, кои не се во согласност со европските

регулативи, промовирање, како и за имплементација на најновите светски технологии од информатичката област и развој на информатичкото општество во Република Македонија.



За Твининг-проектот „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад и директивите за посебните видови на отпад (пакување, батерии и отпад од електрична и електронска опрема (ОЕЕО)“, во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање, зборуваше Греам Брн, постојан твининг-советник. Тој нагласи дека општата цел на овој Твининг-проект е понатамошно усогласување и имплементација на регулативата на ЕУ во областа на животната средина преку јакнење на административните капацитети за управување со животната средина на централно и на локално ниво во областа на управувањето со отпад.

## 31.1.2018

## НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА - ПРЕДИЗВИК НА ГРУПАЦИЈАТА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Најавените Премиум тарифи за обновливите извори, предизвикуваат забуни, заради тоа што не е пропишан начинот и постапката по која тие премиуми ќе се доделуваат. Присутните ги истакнаа проблемите поврзани со измените во проектната документација, со што се одолговлекува изведувањето на постројките за обновливи извори, заради што треба да поминуваат повторно низ постапки за разни дозволи и сл.




## 31.1.2018

## УНИКАТНА БИЗНИС МОЖНОСТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ОБЛАСТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА

Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 31.01.2018 година, расправаше за претстојниот Дигитален самит што ќе се одржи во Скопје, на 18 и 19 април 2018 година.

Во рамките на Самитот ќе стане збор за досегашното ниво на дигитализација во стопанството во рамките на регионот, а ќе се предложат и нови идеи со цел зголемување на дигитализацијата во секој апсект од општествениот живот, кои ќе вродат со зголемено темпо на усогласување со барањата на новото дигитално време, а со тоа ќе се услови зголемување на продуктивноста, поголема додадена вредност и развој на целокупната економија во земјите од Западен Балкан. Покрај редовните бизнис средби, ќе бидат претставени и идеи за вложување и развој на дигиталните вештини.

На седницата стана збор и за потребата од поголеми инвестиции во софтверски решенија, како и други опции за дигитализација, со што ќе се надминат одредени поодминати методи во економиите на Западен Балкан и ќе се заменат со најсовремени практични вештини каде истите ќе бидат од корист на регионалното стопанство.

## 08.2.2018

## ГРУПАЦИЈА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА - ПОКРЕНАТА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ТРИБИНА НА ТЕМА "СОСТОЈБИТЕ СО ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА"

Членовите на Групацијата за противпожарна заштита на седницата одржана на 08.02.2018 година расправаа за актуелните состојби во оваа дејност. Од страна на претседателот г-дин Милан Клопчевски присутните беа информирани за одржаниот состанок во Дирекцијата за заштита и спасување на Р.Македонија со членови од Групацијата. На состанокот во Дирекцијата беа отворени повеќе проблеми кои влијаат на работата на фирмите од оваа дејност. Беше истакнато дека Дирекцијата е отворена за соработка со членките на Групацијата при што искажаа спремност секоја измена која се планира на одредени правилници да биде доставена до Групацијата при Стопанската комора на Македонија за заедничко разгледување и решавање на проблемите. Членовите на Групацијата за ПП заштита констатираа дека досегашната соработка не беше на доволно ниво и очекуваат подобрување на соработката во иднина.

На состанокот се заклучи да се достави до Дирекцијата за заштита и спасување на РМ барање за информација за листа на сервисни фирми кои имаат легални овластувања за работа. Исто така се покрена иницијатива за одржување на Трибина на тема: „Состојбите со заштита од пожари во Р.Македонија".

## 13.2.2018

## АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД ЌЕ ОРГАНИЗИРА ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД КОЛЕКТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД



Со цел афирмирање на местото и улогата на системите за колективно постапување со посебните текови на отпад, во организација на Асоцијацијата за управување со посебни текови на отпад, во средината на март 2018 година, во Стопанската комора на Македонија ќе се организира Меѓународна конференција. Преку афирмирање на досегашните активности, на местото и улогата на колективните постапувачи со отпад од пакувања, од батерии и акумулатори и од електрична и електронска опрема, како и преку презентирање на системите на управување од страна на учесници од други земји, ќе се потврди дека овој модел на постапување со посебните текови на отпад дава најдобри резултати во постигнување на поставените национални цели.

За остварување на поставените цели, Асоцијацијата ги разгледа можностите за организирање заедничка промотивна кампања за подигање на јавната свест на населението.

## 21.2.2018

## ДЕЛ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО НАЦРТ-ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ОТВОРААТ МНОГУ ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ ЗА ГРАДЕЖНИЦИТЕ

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа седница на 20.02.2018 година, на која во присуство на претставник на Бирото за јавни набавки, расправаше по текстот на Нацрт–законот за јавни набавки.

Во рамки на расправата беше заклучено дека предложениот текст на Законот за јавни набавки е видно различен од текстот на важечкиот Закон, при што е променет критериумот најниска цена за доделување на договорите и се користи нов термин **економски најповолна понуда,** кое беше едно од основните барања на економските оператори. На состанокот беше предложено да се изработи методологија за утврдување на критериуми за најповолна понуда во зависност од набавката која се спроведува за секоја гранка одделно, а се дискутираше и за потребата да се предложи измена на одредбата за гаранција на понудата која во текстот на Предлог – законот не е уредена со

ограничување, на начин што ќе остане претходното решение за максимален износ за гаранција на понудата од 3%, потребата да се дефинира што претставува техничко докажување на потребните квалификации со оглед дека има новини во одредбите за докажување на способноста на економските оператори и условите за учество и потребата за измени во договорот за јавните набавки со цел допрецизирање, бидејќи има утврдено ограничување од 20% од вредноста на договорот, а при тоа не е јасно што тоа претставува и дали ги опфаќа дополнителните непредвидени и вишоци и кусоци.

**22.2.2018**

## ГРУПАЦИЈА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА - СЕ БАРА РАЗУМЕН РОК ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ СО НОВИОТ ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ НА ВИДОВИТЕ И НА КОЛИЧИНИТЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА



Членовите на Групацијата за противпожарна заштита на седницата одржана на 22.02.2018 година расправаа за актуелните состојби во оваа дејност посебно за новиот Правилник за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожарни апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за утврдување на критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на пп апарати, кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа („Службен весник на РМ“, бр. 26 /3018).

На состанокот се предложи член 12 од новиот Правилник да не важи за сервисите на противпожарни апарати кои се отворени и работат пред влегување во сила на новиот Правилник или да се остави разумен рок за усогласување со оваа одредба. Ова е од причина што треба старите објекти да може да се отуѓат, па потоа да се најдат нови локации на коишто ќе се дислоцираат нови објекти, а тој процес во никој случај не може да се заврши за 30 дена.

**23.2.2018**

## КОРЕКТНИ ОДНОСИ НА ОПЕРАТОРИТЕ КОИ ВРШАТ РЕЕМИТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗЛИЧНИ ПЛАТФОРМИ



На 23.02.2018 година, Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија одржа седница и расправаше за предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Присутните со задоволство констатираа дека согласно предлозите од Здружението и јавниот состанок се избришани одредбите за „must carry“ кои не беа прецизни и беа спротивни од соодветните споредбени податоци од ЕУ за вакви искуства.

Меѓутоа, збунувачки и несоодветни се двата нови става кои се ставени во текстот, во однос на обврските на операторите кои реемитуваат програмски сервиси, со кои се уредува дека во случај на реемитување на кој и да било дел од програмскиот сервис на радиодифузер од друга држава, за кој програмски сервис тој радиодифузер нема регулирани права за територијата на Република Македонија, целата морална, материјална и кривична одговорност паѓа на операторот кој го реемитува тој програмски сервис.

Членките на Здружението – сите оператори кои вршат реемитување преку различни платформи, сметаат дека овој дел е несоодветен, со оглед дека реемитување на програмски сервиси е јавна електронска комуникациска услуга која

ја обезбедува оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и претставува примање и истовремено пренесување на радио или телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина и без дополнителни технички интервенции, што радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста (дефиниција од ЗААВМУ).

**26.2.2018**

## РЕЗУЛТАТИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР

Резултатите за 2017 година се релативно успешни, капиталот на осигурителниот сектор е 4,34 пати над потребното ниво на маргината на солвентност, а дигитализацијата на процесите и на каналите на комуникација е еден од најважните и најнеизбежните предизвици со коишто се соочува осигурителната индустрија во Република Македонија.

-Како и секоја друга индустрија, така и осигурителната се соочува со многу предизвици, но и можности, бидејќи станува збор за пазар којшто се развива и има голем потенцијал. Инвестираме во нови, иновативни производи и услуги, коишто обезбедуваат додадена вредност на постојните производи. Дигитализацијата на процесите и на каналите на комуникација секако е еден од најважните и најнеизбежните предизвици со коишто се соочуваме. - истакна Ѓорѓе Војновиќ, претседател на Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија и главен извршен директор на „Триглав Осигурување“.

**27.2.2018**

## РАБОТЕН СОСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЕНЕРГЕТИКАТА



Членките на Здружението на енергетиката искажаа спремност за проактивно делување при носењето на подзаконската регулатива, со тоа што ќе ги истакнат проблемите со кои се среќаваат во нивното секојдневно работење, а се поврзани со постојните подзаконски акти. Целта на ваквото проактивно делување е да се помогне на експертската група која е задолжена за изготвување на подзаконската регулатива, да изготви правилници со кои ќе се олесни примената на новиот Закон за енергетика.

**28.2.2018**

## ОДРЖАНА ВТОРА СЕДНИЦА НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ

На 27 февруари 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа втората седница на Клубот на извозници. На седницата беа разгледани предлозите за идните активности, предвидени со Програмата за работа на Клубот.




Пред компаниите - членки беше презентиран каталогот: „Macedonian exporting directory“, наменет за промоција на компаниите-членки на Клубот со нивното извозно портфолио. Посебно изработениот каталог со детални информации за извозно ориентираните македонски компании - членки на Клубот, ќе биде достапен како промотивен материјал, проследен до сите потенцијални партнери во земјата и во странство, како и до странските претставништва во Македонија и дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија во странство. Каталогот ќе биде достапен во текот на месец април годинава.

На седницата беше одржана и презентација на ЕУ-проектот: „Извозен акцелератор за мали и средни претпријатија“, којшто е наменет за подигање на конкурентноста на малите и средни претпријатија и имплементацијата на националните стратешки документи за конкурентност преку директна инволвираност на компаниите во процесот на добивање експертска поддршка во подготовката на извозната процедура и документација и други поврзани извозни активности (анализи, нови пазари, контакти со дистрибутивни мрежи и др.). Беше презентиран и проектот на УСАИД „Факторинг“, еден од главните компоненти при работењето на извозно ориентираните компании, чијашто цел е зголемување на конкурентноста на малите и средни претпријатија во Македонија со проширување на нивните пазарни можности преку искористување на алтернативни извори на финансирање.



Поради големиот интерес на македонските компании за извоз на пазарите на земјите од Блискиот Исток, Ангела Николовска од компанијата „JAPPA“ пред присутните ги презентираше можностите за соработка и пласман на своите производи на катарскиот пазар. Компанијата веќе две години активно работи на катарскиот пазар и успешно извезува и пласира македонски производи од прехранбената индустрија. Можностите за соработка се големи за сите заинтересирани македонски компании, при што како една од опциите за наредниот период го посочи и Саемот за прехранбена индустрија „FOODEX“, каде што „JAPPA“ со свој штанд ќе ги претстави македонските компании и нивните производи под заедничко лого.

- Покрај тековните активности, во наредниот период Клубот ќе работи на формирање комисија за креирање посебни критериуми и правилник за оценување на извозните компании со цел доделување награди во 3 дадени категории: 1. Извозник на годината; 2. Дизајн на производ за странски пазар и 3. Најуспешна рекламна кампања. Овие награди би се доделувале на извозно ориентираните компании со цел стимулирање на нивната работа и промоција на нивните достигнувања, - додаде претседателот Цветанов.

Компаниите - членки на Клубот едногласно се согласија со дадениот предлог, со тоа што сметаат дека покрај дадените категории за награди, истите би можеле да се прошират со тоа што повеќе компании би добиле признанија за своите достигнувања во различни категории.

**01.3.2018**

## ГРАДЕЖНИЦИТЕ ВО ДИЛЕМА - КАДЕ ДА ГИ ДАДАТ ПРЕДЛОЗИТЕ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ И ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, одржа седница на 01.03.2018 година, на која расправаше за предложените измени на Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање, доставени од компаниите.



Предложените измени на Законот за градењ се дискутираше дека се во насока на појаснување, подобрување, но и бришење на одредени членови од Законот кои создаваат потешкотии при нивната имплементација, додека предложените измени на Законот за просторно и урбанистичко планирање имаат за цел дорегулирање на надлежностите на администрацијата, односно локалната самоуправа, зголемување на ингеренциите на планерите, дорегулирање на подзаконските акти и друго.

Претседателот на Здружението, Андреа Серафимовски, истакна дека досега на седници на Здружението се разгледувани и други два закона и тоа Законот за изменување и дополнувања на Законот за градежни производи и Нацрт-законот за јавни набавки. Забелешките по Предлог - законот за градежни производи се вградени во неговиот текст, а исто така е воспоставен е дијалог со Министерството за економија и прифатени се повеќе сугестии кои се однесуваат за временски рок за имплементација и спроведување на Законот за градежни производи. Договорено е

производителите кои во производството ги користат стандардите од хармонизирано подрачје, веднаш да започнат постапка за сертифицирање, а последен рок е 30 септември 2018 година. Во однос на производството на производи од нехармонизирано подрачје, компаниите се известени дека треба да го започнат процесот на донесување национални стандарди и да направат почетно испитување на производството од страна на овластена лабораторија, а резултатите, односно документот ќе им послужи при пласирање на производот на пазарот, се' до моментот на издавање на сертификатот.

За Нацрт-законот за јавни набавки, исто така се расправаше на седница на Здружението, а пристигнатите забелешки се обработуваат и истите вградени во забелешките на ниво на Комората, ќе бидат доставени до Бирото за јавни набавки.

**02.3.2018**

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ТРГОВИЈАТА – КОМПАНИИТЕ ГО РАЗГЛЕДУВАА НАЦРТ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 2.3.2018 година, го разгледуваше Нацрт-законот за изменување и дополнување на Законот за трговија, објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 13.02.2018 година и дискутираа и за други прашања од тековното работење.

Компаниите-членки на Здружението ги поддржаа предложените измени на Законот за трговија кои се однесуваат на укинувањето на ограничувањето на работното време во кое може да се врши продажба на алкохолни пијалаци во продажните објекти во кои се врши трговија на мало и соодветно на тоа и укинувањето на обврската за исполнување на минималните технички услови за продажба на алкохолните пијалоци, кои што беа и едни од барањата на компаниите од овие сектори. Компаниите дискутираа и за постојниот режим за поседување лиценци за продажба на алкохолни пијалаци, при што ставот на компаниите е дека ваквиот режим треба да се измени, со оглед дека негативно влијае врз работењето на деловните субјекти коишто вршат трговија на мало, што е резултат на високите трошоци и сложените административни процедури за издавање и за продолжување на лиценците за продажба на алкохолни пијалаци. Поради тоа, Здружението предложи да се укине обврската за поседување лиценца за продажба на алкохолни пијалаци.

На седницата се дискутираше и за обврската на компаниите кои вршат трговија на мало (маркетите) во врска со залихите на стоките на субконтракторите, фирми кои во продажниот дел на маркетот изложуваат сопствени производи, а, кои се продаваат и се наплатуваат на касите на тие маркети (пекарници, месарници, рибарници, слаткарници, продавници за бела техника). Компаниите од оваа дејност предлагаат соодветно уредување на прашањето за водењето евиденција на залихите во ситуациите на постоење на субконтрактори, при што докажувањето на залихата во сопственост на субконтракторот да биде обврска на самиот субконтрактор, додека обврската за докажување на продадената количина од неговите производи ќе продолжи да биде обврска на трговецот со оглед на тоа дека се наплаќа на касите на трговецот.

**02.3.2018**

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ПРОИЗВОДСТВО НА МЕБЕЛ - АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ПРОИЗВОДСТВО НА МЕБЕЛ И ЗАПОЗНАВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ СО ПРОЦЕСОТ НА СЕРТИФИКАЦИЈАТА НА ШУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Здружението на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел при Стопанската комора на Македонија, на 1 март 2018 година, одржа седница на којашто присуствуваа претставници на компании за примарна преработка на дрвото, компании - производители на мебел, комерцијалниот директор на ЈП „Македонски шуми“, Борче Бојчовски и Јурант Дика, овластен раководител на Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. На состанокот се дискутираше за актуелните состојби во примарното производство на дрво и производството на мебел, како и за актуелните проблеми со сертификацијата на шумите во РМ.

Во однос на сертификацијата на шумите Бојчовски истакна дека е започнат процес на сертификација на околу 4000 хектари во областа на Пехчево, и од ова ќе се има увид во состојбите во кои се наоѓа ЈП „Македонски шуми“, во поглед на техничката подготвеност и опрема, но и во однос на подготвеноста на нивните вработени да спроведат еден така тежок процес. Тој истакна дека крајот на декември би бил крајниот рок кога евентуално би завршиле активностите околу сертификацијата и тогаш ќе можат да ги сублимираат резултатите.

Г-дин Јурант Дика, овластен раководител на Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, на компаниите им ја презентираше Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) со вградување на следните ЕУ-мерки:

* Timber Regulation EU/995/2010;

* Regulation EC/2173/2005 on Forest Law Enforcement, Governance and Trade (FLEGT),

### 07.3.2018

## АСОЦИЈАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД - КОЛЕКТИВНИТЕ ПОСТАПУВАЧИ СО ОТПАД ОСНОВАНИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ СЕ ДОБРО РЕШЕНИЕ, НЕДОСТАСУВА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА




Асоцијацијата за управување со посебни текови на отпад при Стопанската комора на Македонија, на прес-конференцијата, одржана на 7.3.2018 година, ја најави Меѓународната конференција на тема: „Европските искуства за улогата на компаниите кои управуваат со посебните текови на отпад – сега и во иднина“, што ќе се одржи на 13 март 2018 година во Комората.

Претседателот на Асоцијацијата, д-р Филип Ивановски истакна дека конференцијата има за цел да ги лоцира отворените прашања од аспект на практичната применливост на регулативата и да даде насоки за нејзино натамошно доградување. Колку отпад создаваме и колку го рециклираме, дали сме на добар пат, учиме ли од земјите кои се пред нас во управувањето со отпадот, како понатаму? Ова се дел од прашањата на кои на Конференцијата ќе се дадат одговори и насоки. Тој истакна дека колективните постапувачи со отпад основани од бизнис секторот се добро решение, но недостасува институционална поддршка.

### 13.3.2018

## АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД - МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: „ЕВРОПСКИТЕ ИСКУСТВА ЗА УЛОГАТА НА КОМПАНИИТЕ КОИ УПРАВУВААТ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД – СЕГА И ВО ИДНИНА“

Меѓународна конференција на тема: **„Европските искуства за улогата на компаниите кои управуваат со посебните текови на отпад – сега и во иднина“,** организирана од страна на Асоцијацијата за управување со посебни текови на отпад имаше за цел да ги актуелизира/афирмира активностите кои ќе придонесат за унапредување на процесот на колективното управување со посебните текови на отпад (отпад од пакување, електронски и електричен отпад, отпадни батерии и акумулатори).

Асоцијацијата смета дека моделот кој сега го имаме со колективни постапувачи формирани од индустријата е добар и дека недостасува институционална поддршка за негово полно имплементирање. Соработката со општините мора да биде на повисоко ниво, како и санкционирањето на компаниите кои пуштаат на пазарот отпад од посебни текови, а не финансираат системи за негово собирање и рециклирање, - истакна претседателот на Асоцијацијата д-р Филип Ивановски.

На конференција учествува директори на најголемите компании - колективни постапувачи од Германија, Чешка (двете земји со најголеми количини рециклиран отпад), потоа од Бугарија и од Асоцијацијата на колективни

постапувачи со седиште во Брисел – „ЕКСПРА“, кои ги пренесоа искуствата од нивните земји каде законите за управување посебни текови се на сила повеќе од две децении.

## 19.3.2018

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ - ПОДГОТВЕНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија, Андреа Серафимовски, на прес–конференцијатаодржана на 19.03.2018 година, говореше за подготвеноста на компаниите за имплементација на одредбите од Законот за градежни производи.




Претседателот на Здружението посочи дека имплементацијата на Законот за градежни производи, го обврзува производителот во целост да е одговорен за производството, оценувањето и потврдувањето на сообразноста на градежниот производ. Законот дава голема одговорност на производителот на градежен производ, во поглед на контролата на квалитетот и во однос на одржување на постојаност на својствата на градежниот производ.Тоа значи дека самиот производител издава потврда за квалитет за својот производ, т.е**. Изјава за својства (Declaration of performance),** која во целост ќе го замени досегашниот Атест. За да може производителот, било на агрегат или на кој и да било друг градежен производ, да изготви Изјава за својства со која ќе може слободно да го пласира производот на пазар, производителот треба да поседува Сертификат за сообразност на фабричка контрола на производство издаден од страна на именувано тело за сертификација на градежни производи**.**

Бидејќи Законот за градежни производи го обврзува производителот во целост да е одговорен за производството, за оценување и потврдување на сообразноста на градежниот производ, на барање на Здружението, а во согласност со Министерството за економија, беа поддржани иницијативите:

- економскиот оператор кој пушта на пазар градежен производ од хармонизирано подрачје должен е своите производи да ги  усогласи заклучно до 30.9.2018 година. Тоа значи дека производителите треба да започнат со почетно испитување, во соработка со именувано тело за сертификација на градежни производи;

- економскиот оператор кој пушта на пазар градежни производи од нехармонизирано подрачје, должен е своите производи да ги усогласи заклучно со 31.12.2018 година;

- производителите во Република Македонија, кои во производството на своите производи сѐуште ги користат МКС (YUS) стандардите, а кои се повлечени од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) во 2011 и 2012 година, неопходно е да започнат постапка за донесување нови национални стандарди.

## 20.3.2018

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ, ОПАСНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ, ПИРОТОЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА – КОМПАНИИТЕ ДИСКУТИРАА ЗА ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПОДГОТОВКАТА НА ЗАКОНОТ ЗА РАЗВОЈ, ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ



На седницата одржана на 20.3.2018 година, претставниците на Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена заедно со претставници на Управата за наменско производство при Министерството за економија и експерти вклучени во изготвувањето на Предлог-законот за развој, производство и промет на воени стоки, дискутираа за актуелните прашања во врска со подготовката на Предлог-законот.

Претставниците на Управата за наменско производство ги информираа присутните за потребата за изготвување на нов закон од областа на воената опрема чија цел е да се разјасни, поедностави и подобри правната рамка поврзана со развојот, производството и прометот на воени стоки и истата да се усогласи со европското законодавство со кое е уредена оваа област, при што беше изразена подготвеност за соработка со бизнис заедницата и нејзино активно вклучување во подготовката на Предлог-законот. На седницата беа разгледани прашања поврзани со новините и терминолошките определби содржани во Предлог-законот, начинот на вршење на дејноста за развој, производство и промет на воена стока, постапката и надлежностите на државните органи при издавањето дозволи за промет и обезбедување услуги на воени стоки, како и други прашања кои го засегаат работењето на компаниите - членки на Групацијата.

## 27.3.2018

## СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА КОЖАРСКО-ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА

На 27.3.2018 година во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Здружението на кожарско-преработувачката индустрија, на којашто беше истакнато дека Република Македонија е земја со традиција во оваа индустрија, каде компаниите се познати по својот висок квалитет на производите.

Во 2017 година извозот во оваа дејност изнесува 67,8 милиони САД долари, а поодделно кај производството на кожа и производи од кожа изнесува 2,9 милиони САД долари, додека кај производството на обувки изнесува 64,9 милиони САД долари и тоа претставува околу 1,2% од вкупниот извоз на државава.

Компаниите-членки на Здружението ги согледаа и досегашните ефекти од примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата кој почна да се применува од месец септември 2017 година. Беше истакнато дека само околу 10% од вкупните средства на месечно ниво предвидени со овој Закон се искористени од страна на компаниите и не е постигнат бараниот ефект од примената на истиот.

## 27.3.2018

## ОДРЖАНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ФАКТОРИНГ КАКО ФИНАНСИСКО РЕШЕНИЕ КОЕ ОВОЗМОЖУВА РАСТ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

На 27 март 2018 година, во Стопанската комора на Македонија, во организација на Проектот на УСАИД за факторинг, во соработка со Стопанската комора на Македонија, се одржа конференцијата на тема: „Факторинг како финансиско решение кое овозможува раст на мали и средни претпријатија“.На конференцијата беше презентиран Проектот за факторинг којшто е тригодишен проект, а започна во октомври 2017 година, чијашто основна цел е зголемување на конкурентноста и проширување на пазарните можности на малите и средни претпријатија во Македонија преку едукација и информирање за пристап и користење на алтернативни извори на финансирање. Факторингот, како

алтернативен извор на финансирање го помага растот на претпријатијата преку обезбедување брз пристап до финансиски средства, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите. Проектот за факторинг обезбедува техничка помош и имплементира низа активности преку три главни компоненти: подигнување на свеста и знаењето на малите и средни претпријатија за алтернативните финансиски можности; имплементација на правната регулатива за факторинг и финансиска едукација на малите и средни претпријатија.




Ловре Ристевски, директор на УСАИД Проектот за факторинг, додаде дека факторингот помага во подобрување на готовинскиот тек на компаниите, обезбедува свеж обртен капитал во моментот кога им е најпотребен, го поддржува нивниот раст и развој. Во основа, факторингот претставува преземање на недоспеани побарувања. Министерот без ресор во Владата на Република Македонија задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима на домашните компании, д-р Зоран Шапуриќ, во своето обраќање накусо истакна дека поддршката на микро, малите и средните компании која е една од клучните владини определби, мора да се спроведува на долг рок. Во таа насока, една од мерките е настојувањето да се зголемат средствата во МБПР и значително да се намалат каматите. Факторингот во Република Македонија засега го користат банките и само некои фирми што слушнале и што знаат дека истиот претставува опција да си помогнат во даден момент, а го нудат и осигурителните друштва, како и Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) како придружен производ на осигурувањето за извоз. -Во Европската унија обемот на факторинг изнесува повеќе од 10 отсто на БДП, а во Словенија чиј пазар е поразвиен од останатите во регионот, достигнува три проценти од БДП или 1,2 милијарди евра, - истакна Дарко Стефановски од МБПР, којшто воедно беше и модератор на панел дискусијата во вториот дел на конференцијата.

**02.4.2018**

## НЕОПХОДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ПОГОЛЕМИ ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ ВО ТУРИЗМОТ

Во периодот јануари - декември 2017 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 16,6%. Кај домашните туристи има зголемување за 6,3%, а кај странските за 23,5%. Бројот на ноќевањата во истиот период е зголемен за 12,8%. Кај домашните туристи има зголемување за 5,2%, а кај странските за 22,8%.

Анализирано по земји, Турција останува земјата од којашто најголем број туристи ја посетиле Македонија, втора е Србија, а потоа следуваат Грција, Бугарија, Холандија, Албанија, Косово, Германија, Хрватска, Полска, Италија, САД, Израел, други азиски земји и Кина.

Од аспект на реализирани ноќевања во Република Македонија, најбројни се повторно турските туристи, потоа холандските, а меѓу петте земји од коишто туристите реализрале најмногу ноќевања се и Србија, Грција и Бугарија.

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и преку оваа прес-конференција (2.4.2018 година) има за цел да порача дека се неопходни интервенции во законската регулатива за поголеми економски ефекти во туризмот. Интервенциите се потребни на неколку полиња, - посочи Даниела Михајловска Василевска од Стопанската комора на Македонија.

Македонија на светската карта на туризмот учествува со помалку од 0,1%, но како дел од регионот дефинитивно можностите за развој на секторот се далеку поголеми.

-Здружението веќе одреден период во официјална комуникација со Министерството за надворешни работи, укажува на трендот во регионот и доколку Македонија не направи релаксирање на визниот режим, ќе остане надвор од глобалниот балкански туристички пазар, - вели Сирачевски. Согласно статистиката, земјите во регионот остваруваат значително поголем девизен прилив од Македнија во делот на туризмот.

**03.4.2018**

## ПРИМЕНЛИВИ РЕШЕНИЈА ПРЕКУ АМАНДМАНИ НА ПРЕДЛОГ-ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

На 2.4.2018 година, Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија одржа седница и расправаше за поднесените Предлог-измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.



Согласно интензивните контакти и усогласувања со надлежните субјекти за донесување на преложените измени и дополнувања на Законот, согласно европските директиви од оваа област, почитувањето на авторските права, како и согласно на веќе прифатениот текст од Комисијата за транспорт, врски и еколигија, во Собранието на Република Македонија, членките на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, заклучија да предложат текст со амандмански измени кои ќе придонестат да се донесат прифатливи законски решенија за сите засегнати страни, со јасно дефинирани права и обврски.

**04.4.2018**

## ВЕРИЦА ЃОРГИЕВСКА ОД „НАШЕ ОСИГУРУВАЊЕ“ - КОЧАНИ ОСТАНУВА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКИ ДРУШТВА

На 3.4.2018 година се одржа 26. седница на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва при Стопанската комора на Македонија. Исто така, на седницата беа усвоени Извештајот за реализирани активности на Асоцијацијата во изминатата 2017 година и Програмата за работа на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва во 2018 година.

**10.4.2018**

## МАКЕДОНСКИОТ ЧЕЛИК ПОД СЕРИОЗНА ЗАКАНА ОД МЕРКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА ЧЕЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ




Протекционистичките мерки што ги воведе САД за заштита од увоз на челични производи, но уште повеќе на мерките кои ги воведува Европската унија за заштита од увоз на производи од челик претставуваат сериозна закана за металургијата, како индустриска гранка со голем импакт врз македонската економија, изразен како преку директните, така и преку мултипликативните ефекти што ги има врз целокупната национална економија истакна д-р Митко Кочовски на денешната средба со новинарите. Сериозноста на мерките се потенцира и со фактот што македонската челична индустрија најголем дел од извозот го реализира на европскиот пазар, како главно комерцијално одредиште на оваа индустриска гранка.

Здружението на металургијата, покрај задолженијата за самите деловни субјекти, очекува целосна и навремена вклученост на институциите на системот и политички да делуваат со цел македонската челична индустрија да биде изземена од мерките на САД и на ЕУ за ограничување на увоз на челични производи, од причина што таа не е фактор којшто на кој и да било начин би можела да го загрози нивниот пазар, но може да има крајно неповолни реперкусии врз економијата на земјата.

## 12.4.2018

## ГРУПАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА – УСОГЛАСЕНИ ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА



На состанокот на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржан на 12.4.2018 година, беа усогласени изменувањата и дополнувањата на Правилникот за висината на трошоците за извршување стручни работи за безбедност при работа.

Се констатира дека периодот на имплементација во пракса на овој Правилник, уште на почетокот покажа дека унифицираните цени за услугите не се реални и дека не треба да има унифицирање на истите, односно дека висината на цената мора да биде во правопропорционален однос со обемот и сложеноста на услугата која се испорачува, а се` во зависност од специфичноста на дејноста на работодавачот, односно компанијата во која се извршува. Воедно, во подготовка е и измена на Правилникот за издавање лиценци за стручни лица, со кој се регулира издавањето лиценци за стручните лица од оваа област, бидејќи постојниот не соодветствуваат со условите во нашата земја.

## 23.4.2018

## УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ДОСТАВИ ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, повеќе години активно го следи процесот на креирање на законската рамка за уредување на авторското право и сродните права во делот што го дефинира Колективното управување, а во насока на дефинирање и на обврските што произлегуваат за угостителските објекти (хотелите и ресторантите), согласно Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела.

-Ова пред се` е поради фактот што по основ на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела, угостителите имаат законски обврски за плаќање кон Здружението за заштита на авторски музички права по три тарифи 2, 4 и 5, согласно кои нивните трошоци по овој основ се многу големи.

## 25.4.2018

## ОДРЖАН ЕДУКАТИВЕН СЕМИНАР: „ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА БЕТОНОТ СО ПОТРЕБНИТЕ СТАНДАРДИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ“

Во Стопанската комора на Македонија, во организација на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти во рамки на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите во соработка со Институтот за стандардизација на Република Македонија и телата за сертификација - „Градежен институт „Македонија“ (ГИМ), ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл – Скопје и Заводот за испитување на материјалите и развој на нови технологии „Скопје“ АД Скопје (ЗИМ) беше одржан едукативен семинар на тема: *„Оцена на сообразност на бетонот со потребните стандарди согласно Законот за градежните производи“*. На семинарот на кој учество земаа поголем број на производители на бетон, присуствуваа и претставници од Министерството за економија, Инспекцискиот совет на Република Македонија, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Едукативниот семинар имаше за цел подетално запознавање на производителите на градежни производи со обврските согласно Законот за градежните производи, стандардите од областа на градежништвото и придобивките од нивната примена, постапките за пласирање на квалитетен градежен производ на пазарот, како и контролата на

квалитетот на градежните производи. Посебен акцент беше ставен обврските на производителите и сертификационите тела согласно стандардот МКС EN 206:2014+A1:2017, лабораториската опрема која е потребно да ја поседуват производителите на бетон, како и чекорите во постапката за сертификација кои ги преземаат производителите и телата за сертификација.

**25.4.2018**

## ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ И ДРУГИ ПРИЗНАНИЈА ШТО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ТРАДИЦИОНАЛНО ГИ ДОДЕЛУВА НА СВОИТЕ ЧЛЕНКИ

Стопанската комора на Македонија традиционално како и секоја година и оваа, додели награди и други признанија на компании членки кои во изминатата 2017 година оствариле позитивни резултати во работењето врз основа на однапред утврдени критериуми.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески потенцираше дека станува збор за фирми кои имаат свој удел во домашната економија, посакувајќи секоја следна година да имаме што поуспешни и перспективни компании.

Награди и признанија во 11 категории добија 15 компании членки на Стопанската комора на Македонија.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, на крајот констатираше дека наградата ќе биде поттик и обврска за наградените компании, а предизвик за останаите за натамошно докажување и постигнување на уште подобри резултати.



**02.5.2018**

## ЗАШТИТА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ОД НЕОСНОВАНИ ПРИЈАВИ/ПРЕТСТАВКИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ ДО ИНСПЕКЦИСКИТЕ ОРГАНИ

На работната средба одржана на 2.5.2018 година со претставници на Инспекцискиот совет на Република Македонија, Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, компаниите-членки на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија дискутираа за прашањето за заштита на работодавачите од неосновани пријави/претставки кои против нив се поднесуваат до инспекциските органи. Компаниите како работодавачи посочија дека при секојдневното работење се соочуваат со неосновани пријави/претставки по различни основи кои против нив се поднесуваат до надлежните инспекциски органи. Постапката по ваквите пријави/претставки, како што




беше истакнато на средбата, за компаниите значи дополнително ангажирање на труд и ресурси за докажување на неоснованоста на пријавите/претставките, за сметка на нивното тековно работење. Воедно, истите сериозно можат да го нарушат изградениот углед на компаниите во деловното опкружување и да предизвикаат штета на нивното работење.

На работната средба се покрена прашањето за изнаоѓање соодветни решенија за унапредување на законската регулатива со која е уредено прашањето кое беше предмет на разгледување на денешната седница, како и определување на насоките на дејствување и активностите кои Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија ќе ги преземе во идниот период со цел надминување на состојбите со кои се соочуваат работодавачите.

## 03.5.2018

## ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА АРМАТУРНИ МРЕЖИ НА ГОЛЕМИ МАКИ ПОРАДИ НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА

Во рамките на Здружението на металната и електроиндустријата, на работниот состанок одржан на 3.5.2018 година, се формира Работна група од фирми производители на арматурни мрежи. Целта на формирањето на оваа Работна група е надминување на проблемите во работењето во овој сектор и спречување на нелојалната конкуренција. На состанокот се избраа претседател и заменик-претседател на Работната група.



Во работниот дел, фирмите го истакнаа проблемот со увозот на неквалитетна арматурна мрежа од Косово, која на македонскиот пазар се продава по дампинг цени , со што македонските фирми трпат огромни загуби, а се принудени фирмите да ги стават во мирување или минимално да произведуваат. Надминувањето на проблемот го гледаат во подобрување на постапката за царинење, каде ќе се земат предвид регионалните цени на репроматеријалите, со што ќе се изврши поправедно царинење, низ транспарентна царинска постапка која нема да го наруши пазарниот принцип, а при тоа ќе се зголеми квалитетот на производите кои се користат во Р. Македонија.

Заради погоре наведените причини, примената на овој Правилник води кон намалување на квалитетот на услугите кои се испорачуваат од страна на стручните лица и овластени компании, а секако и кон деградирање на инженерскиот кадар - стручните лица за безбедност при работа.

## 07.5.2018

## РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРКАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ, ЗОРИЦА АПОСТОЛСКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА НА РМ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

На 7 мај 2018 година, во Стопанската комора на Македонија, се одржа работен состанок и презентација на мерките на Владата на РМ за финансиска поддршка на инвестиции. На работната средба учествуваа Н.Е. Карло Ромео, амбасадор на Р. Италија во Македонија, Зорица Апостолска, министерка без ресор задолжена за странски инвестиции во Владата на Р. Македонија и господин Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки

индустриски развојни зони. Пред присутните претставници од италијански компании присутни на македонскиот пазар, беа презентирани најновите владини мерки за финансиска поддршка на странските инвестиции.



Работната средба се одржа на иницијатива на Амбасадата на Р. Италија во Македонија и „Конфиндустрија – Македонија“, Здружение на италијански компании во Република Македонија. Во своето поздравно обраќање пред присутните, Н.Е. Карло Ромео, амбасадор на Р. Италија во Македонија, истакна дека во последните неколку години поради политичката криза во Македонија бројот на италијански инвестиции беше намален, но ги охрабрува странските инвеститори да продолжат понатаму со инвестирање во Технолошките индустриски развојни зони и да ги искористат поволностите коишто ги нуди Владата на Република Македонија. Тој истакна дека странските инвестиции се важен фактор за раст на економијата и за намалување на невработеноста на Република Македонија. Во последните години, поради зголемениот број странски инвестиции во Македонија, извозот е значително зголемен, отворени се 23.000 нови работни места, а технологијата и знаењето се на повисоко ниво.

На настанот, госпоѓа Зорица Апостолска, министерка без ресор задолжена за странски инвестиции во Владата на Р. Македонија, ги запозна присутните со условите и можностите за користење на мерките на Владата на РМ за финансиска поддршка на инвестиции. Според министерката, околу 8 илјади компании би можеле да ги користат новите мерки на Владата на РМ. Таа најави дека интензивно се преговара со странски компании за инвестирање во Република Македонија и се надева дека новите мерки ќе придонесат за уште поголем број на инвестиции.

**08.5.2018**

## УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ НАМЕНЕТИ ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РАМКИТЕ НА ТРЕТИОТ СТОЛБ ОД ПЛАНОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕД КОМПАНИИТЕ

На 8.5.2018 година во присуство на претставниците од бизнис секторот, Стопанската комора на Македонија во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој одржа инфо сесија за отворениот јавен повик за поднесување на предлог проекти за финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за мерките од третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија.



-В.д. извршниот директор на Стопанската комора на Македонија Билјана Пеева-Ѓуриќ, посочи дека целта на денешната информативна сесија е презентирање и промовирање на поволностите кои компаниите може да ги искористат преку првиот Јавен повик објавен од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, а кои се предвидени во рамките на третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија.

Директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, Јован Деспотовски, пред присутните стопанственици ги презентираше условите и начините за аплицирање за добивање финансиски средства, кофинансирани грантови и тоа:

- кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („газели“);

- кофинансирани грантови за микро претпријатија;

- кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста и

- кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса за новвработени млади лица.

Повикот за поднесување предлог-проекти за финансиска поддршка беше објавен од страна на Фондот за иновации и технолошки развој на 28.4.2018 година, откако Владата на РМ ги донесе подзаконските акти со кои се допрецизираат критериумите и постапките според кои ќе се доделува финансиската поддршка за иновации и технолошки развој и истиот ќе биде активен до 11.6.2018 година. Вкупниот буџет за првиот повик изнесува 185.000.000,00 денари, додека вкупниот буџет за 2018 година за финансирање проекти на малите и средни претпријатија изнесува 645.000.000,00 денари.

## 09.5.2018

## ОФИЦИЈАЛИЗИРАНА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ЧЕТИРИТЕ СТОПАНСКИ КОМОРИ И ВЛАДАТА НА РМ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА

Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, како претставници на бизнис заедницата, потпишаа Меморандум за формално воспоставување на јавно приватен дијалог со Владата на Република Македонија. (9.5.2018 година).




Меморандумот за соработка претставува голем чекор во процесот на градење стабилна и плодна соработка помеѓу бизнис заедницата и Владата на Република Македонија, како и зајакнување на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор, особено во делот на легислативата.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, ја поздрави иницијативата за потпишување на Меморандумот за соработка на коморите со Владата и ги сподели искуствата на Австрија, според кои треба да се водат засегнатите страни со цел функционирање на јавно приватниот дијалог. -Парламентот во Австрија, како што посочи Азески, не прифаќа закон доколку не е запазена процедурата на транспарентност и не е добиено мислење од Комората на Австрија, кога станува збор за законски решенија кои ја засегаат бизнис заедницата.

Според Азески, причините зошто не функционира јавно приватниот дијалог во РМ е дека законите се` уште се носат во поголем број, ад хок, без да се предвидат во годишниот план на Владата. Азески се осврна и на функционирањето на ЕНЕР - системот кој, според него, треба да биде проширен и на подзаконските акти, како и на потребата да бидат определени роковите за одговор или повратно мислење од страна на институциите зошто е, или не е прифатено одредено мислење или забелешка.

Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ се спроведува од страна на „Епи Центар Интернационал“ во партнерство со Стопанската комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и МАСИТ.

## 09.5.2018

### МЕЛНИЧАРИТЕ БАРААТ РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ЖЕТВАТА

Како резултат на погрешните политики кон мелничарството од страна на претходните влади, овој сектор постепено се уништува, а со тоа последици трпат и индивидуалните производители на пченица, беше истакнато на денешната прес-конференција на Групацијата, во Комората.

По неколкуте дописи и укажувања до надлежните институции, дојде до измена на четирите правилници, со што се чинеше дека работите конечно ќе се стават во ред. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство даде ветување дека ќе ги заштити мелничарството и земјоделците.

## 11.5.2018

### ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА КОЛЕКТИВНИТЕ ПОСТАПУВАЧИ СО ОТПАД И НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА УСПЕШНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ И ПОСТИГНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ

Постои голем потенцијал за соработка на колективните постапувачи со посебните текови на отпад и на јавните комунални претпријатија во насока на унапредување на процесот на управување со отпад, а со крајна цел - што е можно поголеми количини од отпадот да завршат на рециклирање, беше констатирано на работилница Асоцијацијата за управување со посебните текови на отпад со комуналните претпријатија.

Во заклучните согледувања Претседателот на Асоцијацијата Филип Ивановски ги лоцираше трите основни натамошни заеднички активности за зголемување на комуналната инфраструктура (контејнери, возила, преси и сл.), подобро собирање и транспорт на селектираниот отпад и кампањи за подигање на јавната свест кај населението за потребата од селектирање на отпадот. Крајната заедничка цел е, заклучи тој, да се направи селектирањето на отпадот да стане навика и секојдневие на населението.

## 13.5.2018

### НОВА ИНВЕСТИЦИЈА НА КОМПАНИЈАТА „ДАУТИ КОМЕРЦ“ ВО ЦРНА ГОРА

Македонската компанија „Даути Комерц“ ја официјализираше новата инвестиција во регионот од 3 ипол милиони евра во дистрибутивен центар во Подгорица, Црна Гора, по веќе реализираните инвестиции во Косово и Албанија, пред голем број стопанственици, истакнати бизнисмени од целиот регион. На свеченото отворање на Дистрибутивниот центар во Подгорица присуствуваше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со своите соработници.

По 14 години работа на црногорскиот пазар од 2004 година, своето присуство „Даути Комерц“ сега го заокружува со сопствен стопански објект во Подгорица, преку кој ќе се третира увезената стока од Македонија, Србија, земји - членки на Европската унија, Азија, Јужна Америка.

Компанијата „Даути Комерц“ од 2005 година активно е вклучена во следење и поддржување на активностите на Стопанската комора на Македонија.

**14.5.2018**

## ОДРЖАНА ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ




На 14 мај 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа третата седница на Клубот на извозници. На седницата беа разгледани предлозите за идните активности, предвидени со Програмата за работа на Клубот.

Пред компаниите-членки беше презентиран каталогот „Macedonian exporting directory“, наменет за промоција на компаниите-членки на Клубот. Посебно изработениот каталог со детални информации за извозно ориентираните македонски компании-членки на Клубот, ќе биде достапен како промотивен материјал, проследен до сите потенцијални партнери во земјата и во странство, како и до странските претставништва во Македонија и дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија во странство. Покрај каталогот, во месец јуни годинава ќе биде промовирана и веб-страната на Клубот на извозници со сите информации во врска идните активности на Клубот, како и информации за сите компании-членки. На седницата беше одржана и кратка презентација за услугите и можностите коишто Македонската банка за поддршка на развојот ги нуди на домашните компании, особено на извозно ориентираните, како и услугите на Стопанската комора на Македонија, со коишто се нуди можност за деловна соработка на македонските компании со партнери од странство- „EEN – Enterprise Europe Network“. Сертификатот „Excellent SME“ е навремено ажуриран електронски сертификат кој ги потврдува бизнис перформансите на успешни мали и средни компании и воедно го потврдува кредибилитетот на компаниите за успешна соработка со странски партнери.

Клубот на извозници и во наредниот период ќе продолжи со своите активности со цел помагање на компаниите во нивната промоција, изнаоѓање нови пазари и поддршка на нивните извозно ориентирани активности.

**14.5.2018**

## МЕЃУНАРОДЕН МЕТАЛУРШКИ КОНГРЕС: „МЕТАЛУРГИЈАТА, МАТЕРИЈАЛИТЕ И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“ - НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА МЕТАЛНИОТ СЕКТОР

Користењето на научни истражувања во функција на унапредување на индустријата на основни метали е основното мото на претстојниот Меѓународен конгрес на металургијата, материјалите и заштитата на животната средина – ММЕ кој по осми пат се одржува во Охрид, во периодот од 30 мај до 3 јуни 2018 година, истакна проф. д-р Свето Цветковски, претседател на Здружението на металурзите на Македонија. Организатор, покрај Здружението на металурзи на Македонија е и Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а истиот е поддржан и од Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија.

За време на Конгресот се планира одржување тркалезна маса на која ќе се говори за потребата од интензивирање на соработката помеѓу факултетите и индустријата на планот на подготовка на квалитетни кадри за потребите на индустријата на метали.

На средбата со новинарите беше дадена и информација за актуелните состојби во металургијата. Иако на глобален план од крајот на минатата година започна тренд на заживување на активностите, податоците за физичкиот обем на производството кај нас бележи пад од 18% во првите три месеци од оваа година. Ова се должи на неработењето на двата најголеми металуршки капацитета – „Југохром алзар“ и „Фени индустри“. Со рестартирањето на металуршкиот комбинат „Фени индустри“ се очекува ублажување на ваквите состојби.

## 17.5.2018

### ПРЕЗЕНТИРАНИ НАЦИОНАЛНИОТ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД (2018-2024) И ПРВИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕ НА ОТПАД

Пред голем број претставници од бизнис секторот, невладините организации и други заинтересирани, денес во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација и дебата за Националниот план за управување со отпад (2018-2024) и првиот План на Република Македонија за спречување на создавање на отпад. Основната цел на двата плански документи е стапката на рециклирање на отпадот постојано да расте за сметка на континуирано намалување на стапката на депонирање.

Во Република Македонија за прв пат се носи План за спречување на создавање на отпад. Во хиерархијата на управувањето со отпад на прво место стои спречувањето на создавање отпад, па оттаму Планот ги опфаќа мерките кои се во насока на намалување на создадени количини на отпад и тоа мерки кои треба да ги донесе централната власт, потоа мерки на локално ниво, мерки во образовниот сектор, најдобри практики во бизнис секторот, како и мерки за граѓаните.

## 21.5.2018

### ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВО ПРОДАЖБАТА НА АРАНЖМАНИ НА ХОТЕЛСКИТЕ И РЕСТОРАНСКИТЕ УСЛУГИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА

Со цел да се овозможи реална евиденција на бројот на туристи и ноќевања, што ќе значи и пореално евидентирање на девизниот прилив, како и други поволности со кои ќе се зголеми учеството и влијанието на туризмот и угостителството во домашната економија, предлагаме да се воспостави систем на контрола и следење на работата на сместувачките капацитети, во меѓусебна комуникација и соработка токму со светските „онлине“ оператори, истакна Горан Дамчевски заменик-претседател на Здружението при Комората.

Членките на Здружението не се против функционирањето на платформата на „онлине“ продажба дотолку повеќе што и Македонија е пазарно ориентирана држава. При тоа, истакнуваме дека „онлине“ операторите се сериозни тур-оператори преку кои во светски рамки се одвива продажбата на сместувачки капацитети во голем процент. Нивното постоење и функционирање и на македонскиот пазар има големо значење бидејќи проценките на бизнис секторот се дека околу 50% од вкупниот обем на продажба на хотелските услуги се одвива преку „BOOKING“.

## 28.5.2018

### КОМПАНИИТЕ СО БАРАЊЕ ДА СЕ ОДЛОЖИ ПРИМЕНАТА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИФТОВИТЕ СЕ` ДО НОСЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ ПРОЦЕДУРИ

Групацијата за лифтови и Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија, бараат повторно да се одложи примената на Правилникот за користење на лифтовите се` до носење на техничките процедури. Компаниите не можат да ги исполнат условите од Правилникот за лифтови кои предвидуваат вградување дополнителни уреди вредни минимум 5.000 евра и технички се речиси неизводливи. Поради тоа, членките на двете групации бараат средба со Владата на РМ за повторно одложување на Правилникот.

Условите што ги наметнува Правилникот важат за сите лифтови без исклучок и за новите и за постојните вградени пред повеќе децении. Тоа е всушност и најголемиот проблем бидејќи кај постарите лифтови има проблем од техничка неможност да се имплементираат одредени барања од постојниот Правилник како што е ставката од членот 68 од Правилникот согласно која се бара поставување уред за заштита од неконтролирани движења на кабината нагоре.

**29.5.2018**

## ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА АРМАТУРНИ МРЕЖИ ВО ОБИД ДА ГО РЕШАТ ПРОБЛЕМОТ СО НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА




Секторската работна група, составена од фирми - производители на арматурни мрежи, на работен состанок со претставници на Царинската управа на Македонија и Државниот пазарен инспекторат за надминување на проблемите во работењето во овој сектор и спречување на нелојалната конкуренција. Надминувањето на проблемот го гледаат во подобрување на постапката за царинење, каде ќе се земат предвид регионалните цени на репроматеријалите, со што ќе се изврши поправедно царинење, низ транспарентна царинска постапка која нема да го наруши пазарниот принцип, а при тоа ќе го зголеми квалитетот на производите кои се користат во Р. Македонија.

**04.6.2018**

## НОВИТЕ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО НАСОКА НА КОНТИНУИРАН ПОРАСТ НА СТАПКАТА НА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДОТ




Во тек е подготовка на два стратешки документи: Националниот план за управување со отпад (2018-2024) и првиот План на Република Македонија за спречување на создавање на отпад кои се во функција на намлувањето на создадените количини на отпад и за континуиран пораст на стапката на рециклиран за сметка на деопониран отпад, беше истакнато на денешната средба со новинарите во Стопанската комора на Македонија.

Новините кои се очекува да придонесат во позитивен пресврт во управувањето со отпадот се формирањето на Агенција за животна средина каде ќе се реализираат политиките во секторот на животната средина.

Двата документи се очекува да придонесат во воспоставување на вистински системи на управување со отпад со што дадените цели во Националниот план може реално да се достигнат.

**07.6.2018**

## ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА КЕРАМИЧКИ ТУЛИ СО БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ДОМАШНОТО ПРОИЗВОДСТВО

Групацијата на производители на керамички производи во рамки на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија одржа заеднички работен состанок со претставници од Министерството за економија и Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, на којшто се расправаше за состојбите во домашното производство на тули и нивниот пласман на домашниот пазар.

Групацијата алармираше за лошата економска состојба со која се соочуваат производителите на тули како последица на падот на домашното производство и затворање на фабриките од оваа дејност. Ваквата состојба, компаниите истакнаа дека се должи на големиот увоз на тули и ниските цени при увозот, што доведува до недоволна

конкурентност на домашните компании и покрај тоа што тие располагаат со големи производствени капацитети и висок квалитет на производите. Компаниите сметаат дека пониските цени на увезените тули се должат на поддршката и поголемата заштита на производството на странските производители во нивните земји, како и на пониската цена на енергенсите кои ги користат во производството. Имајќи го предвид наведеното, компаниите побараа од претставниците на Министерството за економија итно да се изнајдат решенија за заштита на домашното производство со цел да се спречи затворање на фабриките и целосно згаснување на домашните производствени капацитети, додека пред претставниците од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, компаниите го покренаа прашањето за фреквенцијата на мерење на емисиите на загадувачките супстанци во воздухот, за што предложија да се разгледа можноста мерењата да се вршат на поголем временски интервал соодветен на ангажираноста на производствените капацитети.

**07.6.2018**

## ИНФРАСТРУКТУРАТА НА КОРИДОРОТ 8 НЕОПХОДНА ЗА ПОТТИК НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА




Стари патишта, лоша инфраструктура без железнико поврзување и гасоводна мрежа која е едвај 5 проценти искористена во просек, таква е сликата на Коридорот 8 на влезот од Бугарија кај Деве Баир, на најфрекфентниот граничен премин кон оваа соседна земја. Во таа насока еден од најзначајните приоритетни инвестиции во државата на економски план во следниот период треба да биде инвестиции долж Коридорот 8, што ги поврзува Турција, Бугарија, Македонија и Албанија, констатираше претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, во рамки на посетата на приклучокот на гасификациониот систем во Македонија кај селото Жидилово во Крива Паланка, заедно со потпретседателите и со члeновите на Управниот одбор на Комората.

Само со инвестиции во соодветна инфраструктура, како еден од условите за поттикнување на извозот, може да се стимулира раст на земјата, посочи Азески. За значењето на Коридорот 8 говори податокот дека трите земји од овој регион со Република Македонија имаат меѓусебна  вкупната вредност на стоковната размена во 2017 година од 1,2 милијарди американски долари што е 9,4% од вредноста на вкупната стоковна размена на Република Македонија со странство. Од аспект на вкупната количина на разменета стока со трите балкански земји од Коридорот 8 (Албанија, Бугарија и Турција) во 2017 година размената  учествува со 22,1% во вкупниот обем на стоковна размена со странство.

Сепак, актуелните чекори што ги презема Владата на економски план се во еден дел усогласени со барањата на бизнис секторот, вели Азески преку планот за еконмоски раст. Но на терен реализацијата на капиталните инвестици, процентот на раст на бруто домашниот производ и останатите макроекономски показатели покажуваат дека треба уште многу да се работи за остварување на планираните проекции.

**08.6.2018**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕБЕЛ - ПРЕЗЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА TÜV NORT CERT – КАКО ДО СЕРТИФИКАЦИЈА НА FSC®

Здружението на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел, на 08.06.2018 година, во Стопанската комора на Македонија одржа состанок, на кој беа присутни претставници од TÜV NORT CERT и преставници на компании членки. На состанокот се дискутираше за  актуелните состојби во примарното производство на дрво и производството на мебел, како и за актуелните проблеми со сертификацијата на шумите во РМ.

Господинот Љубе Неделковски, претседател на Здружението на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел, го отвори состанокот и го истакна значењето на оваа стопанска дејност. Тој сподели информација до фирмите членки на Здружението за одржаната конференција за печат на ЈП Македонски шуми која се одржа на 05.06.2018 година на која била потпишан Меморандум за соработка со кој ЈП Македонски шуми започнуваат процес на сертификација на 4 хектари шуми во Пехчево.

Беше извршена презентација од страна на TÜV NORT CERT – Како до сертификација на FSC® (Како компанија која би сакала да извезува производи од дрво, целулоза и хартија во ЕУ, ќе докаже дека прозводите произлегуваат исклучиво од правни и не-контроверзни извори).

## 13.6.2018

## ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ АГРЕГАТЕН ВЕБ ПОРТАЛ WWW.BIZNISREGULATIVA.MK

На 13 јуни 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на новиот агрегатен веб портал www.biznisregulativa.mk во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“.



Модератор на настанот беше Љупчо Димовски, директор на „Епицентар интернационал“–Скопје, којшто што им посака добредојде на присутните и ја истакна важноста на веб порталот. - Ова е првиот веб портал во земјата каде што претпријатијата ќе имаат можност на едно место да се информираат, прашаат и самооценуваат, преку уникатни алатки кои се соодветно дизајнирани да им овозможат на компаниите брз пристап до информации- додаде Димовски.

Во продолжение на настанот посебен осврт беше даден на позициските документи изработени од страна на Проектот. Павлина Димовска, правен советник на Проектот на УСАИД “Партнерство за подобра бизнис регулатива”, во својата кратка презентација го истакна начинот на подготвување на позициските документи, кој се темели врз иденитифкуваните проблеми со коишто се соочуваат претпријатијата во Македонија, а истите беа посочени на реализираните информативни настани и форуми организирани од проектот.

Од 2017 година формирана е работна група од членови на коморите во рамките на Проектот на Усаид, со цел утврдување, разработка, доставување и следење на реализација на предлозите на бизнис заедницата за подобрување на законската регулатива. Утврдените предлози се заеднички став на сите партнери и го претставуваат гласот на бизнис заедницата, а истите се спроведуваат на систематизиран начин преку разработка на т.н. policy position paper. Разработените позициски документи се доставуваат до надлежните институциии со цел да се влијае на промените на регулативата за прашања кои директно влијаат врз бизнис условите во државата.

На настанот присуствуваа околу 50 претставници на бизнис заедницата од Република Македонија, кои претходно беа информирани со информативни настани и форуми од проектот и инволвирани во работните групи.

**19.6.2018**

## ПОГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ ВЕШТИНИ – ЗАПОЧНА ПРОЕКТОТ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА (Е4Е@МК)




Амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија Сибил Сутер, заедно со Претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев и министерот за образование и наука на Република Македонија Арбер Адеми, денес во Скопје го одбележаа почетокот на проектот Образование за вработување во Македонија (E4E@mk). Проектот е поддржан од Швајцарија и истиот има за цел да стимулира вработување преку подобрување на стручните вештини во земјава.

Во следните 10 години проектот ќе биде имплементиран од страна на Хелветас Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија, и ќе има за цел да овозможи повеќе граѓани, особено младите, да се стекнат со квалитетно стручно образование и обуки, како и да помогне во развојот на стручни вештини кои ќе придонесуваат кон зголемено вработување во земјава. Во првите четири години од спроведувањето на проектот се очекува 2,250 лица, од кои поголемиот дел млади, да се вработат благодарение на подобрените стручни вештини.

“Пристапот до пазарот на трудот е особено важен за младите својата иднина да ја гледаат во Република Македонија. Еден од факторите коишто би можеле да придонесат кон ваквиот приод е квалитетното стручно образование и обука,“ нагласи премиерот Заев.

Во своето обраќање, министерот за образование и наука на Република Македонија Арбер Адеми потенцираше дека “секоја образовна мерка, проект или активност треба да даде придонес кон развојот и унапредувањето на квалитетот на националниот систем и да понуди нови образовни можности за граѓаните, но истовремено, треба да има и удел во намалувањето на јазот кој постои на пазарот на трудот, помеѓу реалните потреби и понудата на човечки капитал. “

Претставници од релевантни министерства и образовни институции, средни стручни училишта, единици на локална самоуправа, како и претставници од бизнис секторот и граѓанските организации, учествуваа на официјалниот настан со којшто се означи почетокот на проектот E4E@mk.

**25.6.2018**

## ПОГОЛЕМАТА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ЌЕ ГО ЗГОЛЕМИ УЧЕСТВОТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО ВО ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА

На редовната прес конференција одржана на 25.6.2018 година, претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија, Андреа Серафимовски ги презентираше состојбите во градежништвото, при што истакна дека во првото тримесечје на 2018 година наспроти истиот период 2017 година градежништвото забележа пад во БДП од 37,2%. Серафимовски посочи дека падот на градежништвото за овој период во најголем дел се должи на застојот на реализацијата на големите капитални проекти, патните делници Кичево – Охрид, Миладиновци – Штип и експресниот пат Градско – Прилеп, при што истакна дека Здружението очекува дека брзо ќе се надминат причините кои доведуваат до ваквите застои и ќе се продолжи со работа на овие два проекта, во кои се ангажирани голем број градежни компании.

Во однос на високоградбата, Серафимовски напомена дека во повеќе општини има застој или мораториум на издавањето одобренија за градење, од причина што се врши ревизија на деталните урбанистички планови. Испраќајќи порака до јавноста дека Здружението ги поздравува одлуките и активностите кои се во насока на обезбедување планско работење и урбано живеење, истакна дека сепак, компаниите се надеваат дека активно и забрзано се работи на ревизијата на плановите и очекуваат и позитивни резултати кои се во насока на рационално уредување на просторот и обезбедување услови за хумано живеење, бидејќи во спротивно, ваквата одлука на општините би довела само до значителни штети и загуби за градежните компании.

На прес конференцијата беше посочено и дека во изминатиот период има значително намалување и на градежните работи во странство. Во првото тримесечје од 2018 година споредено со истиот период 2017, падот на договорени градежни работи во странство изнесувал 61,1 %, додека падот на извршените работи 12,6 %, што покажува дека се реализираат веќе започнатите проекти, но намалено е договарањето нови. Во таа насока, претседателот на Здружението апелираше до надлежните институции во идниот период да се изнајдат решенија со коишто ќе се зајакне поддршката на градежните фирми кои се препознатливи по својот квалитет и имаат стекнато референци за тие да работат и вршат градежни работи во странство.

## 26.6.2018

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ




Во Стопанската комора на Македонија, пред голем број стопанственици, министерката без ресор задолжена за странски инвестиции во Владата на РМ, Зорица Апостолска, го презентираше Законот за финансиска поддршка на инвестициите, согласно кој ќе се имплементираат Мерките од Планот за економски раст. При тоа, таа посочи дека Владата е посветена на економскиот раст и развој во земјата, а во таа насока креирани се мерки за поддршка на стопанството, именувани како „План за економски раст“, чија главна цел е да се поттикнат инвестициите, технолошкиот развој и да се подигне конкурентноста на македонските компании.

Пред стопанствениците, презентацијата ја реализираше Иван Андревски, член на Кабинетот на министерката задолжена за странски инвестиции, објаснувајќи ги мерките од Столб 1 и Столб 2 за кои компаниите може да аплицираат, а притоа ги истакна и трите главни предуслови кои компаниите мора да ги исполнат при аплицирањето.

Истовремено, за сите дополнителни информации заинтересираните компании кои имаат интерес за аплицирање, а при тоа имаат одредени нејаснотии, ќе имаат можност во следниот период да се обратат директно во Кабинетот на министерката без ресор задолжена за странски инвестиции во Владата на РМ и во директна комуникација со владините претставници да добијат конкретни информации.

## 02.7.2018

## ПОДОБРУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ФОКУС НА ПРОЕКТОТ „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА“




Амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Н.Е. Сибил Сутер Техада, на денешната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија го промовираше Проектот „Образование за вработување во Македонија (E4E@mk)“. Проектот поддржан од Швајцарија во наредниот десетгодишен период има за цел да стимулира вработување преку подобрување на стручните вештини во земјава. Проектот ќе биде имплементиран во партнерство помеѓу швајцарската невладина организација „Хелветас“, Стопанската комора на Македонија и Македонскиот центар за

граѓанско образование. Проектот има за цел да овозможи повеќе граѓани, со посебен фокус на младите, да се стекнат со квалитетно стручно образование и обуки, како и да помогне во развојот на стручни вештини кои ќе придонесуваат кон зголемено вработување во земјава.

Имајќи ја предвид важноста на постоењето на систем за развој на стручни вештини во една земја, амбасадорката Сутер Техада посочи дека намерата на овој проект не е да се претстави швајцарскиот модел во Македонија, туку преку приспособување на одредени елементи од швајцарскиот систем, соодветни за тоа, да се развие посебен систем за развој на стручни вештини кој ќе биде карактеристичен за Македонија.

Курт Вутрих, тим лидер на Проектот „Образование за вработување во Македонија" ги истакна главните поенти на кои се темели работата во следните години. Тој истакна дека целта е да се воспостави функционален образовен систем кој ќе образова квалитетни кадри, а тие ќе бидат препознаени од страна на приватниот сектор.

Зборувајќи за важноста на информатичката технологија и влијанието кое го има во секојдневното живеење, Курт Вутрих нагласи дека Проектот ќе го третира влијанието на новите технологии во рамките на наведените струки.

Она што е битно да се истакне е фактот дека активностите во рамките на Проектот се флексибилни и се приспособуваат врз основа на потребите на засегнатите страни и пазарот. Стопанската комора на Македонија заедно со партнерите на Проектот ги охрабрува компаниите во интеракција со здруженијата и регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија да предложат активности кои ќе бидат од корист за подобрување на квалитетот на образованието во наведените области.

## 09.7.2018

## ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ ВО НАСОКА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ




На прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија беа истакнати проектите кои имаат за цел зголемување на конкурентноста на македонските компании, а се реализираат преку програмите на Европската унија (9.7.2018 година).

Зголемувањето на капацитетите и конкурентноста на компаниите е еден од главните приоритети на Стопанската комора на Македонија, и во таа насока се реализираат активности поврзани со проекти од фондовите на Европската унија, коишто треба да придонесат за креирање на алатки и услуги кои ќе ги поттикнат растот, иновативноста, извозните капацитети и конкурентноста на самите компании.

Како поддршка на градежниот сектор, а во насока на креирање дополнителни капацитети на вработените за имплементирање на параметрите за енергетска ефикасност во градбите од 1 мај 2018 година започна со реализација Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење" (TRAINEE). Проектот се води во рамките на „Хоризонт 2020" (работна програма „Безбедна, чиста и ефикасна енергија", под повикот за „Енергетска ефикасност" ЕЕ-2016-2017).

Преку активности во рамките на Проектот ќе се иницира прифаќање на надградените вештини на градежните работници од страна на пазарот преку остварување соработка со различни професионални групи. Една од задачите е поттикнување на потребата од користење на квалификувана работна сила во градежништвото со предлози за корекција на законодавството, во насока на исполнување на стандардите зацртани со Правилникот за енергетски карактеристики на градби.

Втора област каде се очекува Проектот да има влијание е градењето капацитети и вештини во насока на градење технички вештини, како и влијанието на пазарот.

Вториот проект кој во моментот се спроведува во Стопанската комора на Македонија и е во партнерство со Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, наменет е за подигање на капацитетите и конкурентските способности на електрометалната индустрија и воведување системи во самите компании за

создавање нови производи, воведување нови технолошки процеси или воведување стандарди кои ќе овозможат соработка со постојните и идни странски инвеститори во Македонија.

Проектот „Зголемување на конкурентноста на домашните мали и средни претпријатија со цел подобрување на нивната соработка со странските инвеститори" се реализира во рамките на ИПА-Програмата во делот на конкурентност и ќе се спроведува во следните две години.

Главната цел е подобрување на изведбата на одредени компании во Република Македонија со цел да бидат поконкурентни и да бидат способни подобро да соработуваат со странските директни инвестиции (но исто така и со други странски компании, што значи дека се подигаат и нивните капацитети за извоз).

Паралелно со овие два проекта во Стопанската комора на Македонија се реализира Проект кој е насочен кон подобрување на капацитетите на компаниите за спроведување на регулативите, УСАИД Проектот „Партнерство за подобра бизнис регулатива", каде главни бизнис сектори кои се опфатени со овој проект се: земјоделието и прехранбената индустрија, текстилот, градежништвото, ИТ и туризмот, каде детално се анализирани сите регулативи за овие сектори, но искуствата покажаа дека и останатите сектори имаат потреба од оваа поддршка.

Преку овој проект каде Стопанската комора на Македонија е партнер заедно со останатите стопански комори целиме кон подобра информираност и поддршка на компаниите во делот на спроведување на законската регулатива, со цел да се намалат прекршоците и да се зголеми капацитетот на компаниите за подобра имлементација на законите.

Ова се дел од проектите кои во моментот ги спроведува Стопанската комора на Македонија, а се во интерес на креирање алатки за подигање на конкурентноста на македонските компании. Во идниот период се очекува отворање на дополнителни фондови од страна на ЕУ, кои ќе бидат во насока на јакнење на конкурентските способности на економијата.

### 11.7.2018

## АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА ЕДНА ОД НАЈУСПЕШНИТЕ КОМПАНИИ ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА „КИРО ДАНДАРО" - БИТОЛА

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, реализираше работна посета на печатницата „Киро Дандаро" од Битола, која од мала печатница основана во 1945 година, прерасна во еден од лидерите во графичката индустрија во земјата и во регионот, а воедно, истата е дел од историјата на Битола, како бренд кој постои повеќе од 70 години.

Печатницата „Киро Дандаро" од Битола не е само успешна компанија во Македонија, туку и компанија која еднакво се носи и на европскиот пазар - вкупниот годишен обрт на компанијата, во која моментално се вработени околу 170 лица, за минатата година е 13 милиони евра. При тоа, 54% од вкупниот обрт отпаѓа на извозот, при што од компанијата се надеваат дека учеството на странските пазари ќе продолжи да расте, како резултат на направените инвестиции за набавка на нова опрема во изминатиот период.

- Најголем дел од извозот на компанијата, или околу 60%, е насочен за Србија, а останатиот дел во Косово, Албанија, Босна и Херецеговина, Хрватска, како и во земјите од ЕУ: Белгија, Холандија, Франција, Кипар и Молдавија.

### 16.7.2018

## АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА

Во производната 2017 година тутунот беше засаден на површина од 14.415 ха, а се очекуваше околу 26.659 тони суров тутун во лист. За ова производство склучени беа вкупно 29.354 договори со тутунопроизводители и издадени вкупно 23.373 евидентни листови за производство и откуп на тутун.

Според податоците внесени во електронскиот систем за евиденција на тутунот од старна на откупните претпријатија од реколта 2017 година откупени се вкупно **23.544** тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од **217,60** ден/кгр.

Стопанската комора на Македонија го поздравува подготвувањето на новиот закон за тутун и се надеваме дека што поскоро истиот ќе биде усвоен од страна на Владата на Република Македонија . Новиот закон за тутун, производи од тутун и сродни производи ќе реши некои од прашањата кои досега го оптоваруваа производството и откупот на тутун.

### 10.8.2018

## ПРЕДЛОГ-УРЕДБАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ПРИРОДЕН ГАС ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА)

Стопанствениците се произнесоа дека Предлог-уредбата треба да се допрецизира, посебно во делот кај критериумите за прогласување кризна состојба во снабдувањето со природен гас, а исто така и во делот каде се дефинираат заштитените потрошувачи во услови на кризна состојба. Исто така, се предлага централизирано интегрирано управување со резервите на мазут, бидејќи во услови на гасна криза имаме енергетска криза.

### 14.8.2018

## ГРУПАЦИЈАТА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА КЕРАМИЧКИ ПРОИЗВОДИ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА НА РМ ГИ РАЗГЛЕДАА МОЖНОСТИТЕ ЗА РЕВИДИРАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ СО КОИ СЕ УРЕДУВА ЕКСПЛОАТАЦИЈАТА НА ГЛИНА

Членките на Групацијата на производители на керамички производи при Стопанската комора на Македонија одржаа работна средба со претставници од Секторот за минерални суровини при Министерството за економија на РМ, на која расправаа за потребата да се скрати времетраењето на постапките за доделување концесии за глина и ги преиспитаа можностите за ревидирање на одредбите со кои е уредена експлоатацијата на глина во Законот за минералните суровини.




Компаниите истакнаа дека процесот за обезбедување на глината, како основна и неопходна минерална суровина во производството на керамички градежни материјали, е неизвесен и долготраен што може да го доведе во прашање нивното непречено работење и одвивањето на производствените процеси. Во таа насока, беше истакнато дека е неопходно органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа кои се должни да ги дадат своите мислења по однос на иницијативата за доделување на концесијата да делуваат поефикасно и координирано како би се испочитувале законските рокови и би се скратило времетраењето на постапките за доделување на концесиите. Во рамките на дискусијата за изнаоѓање конкретни решенија за скратување на времетраењето на процесот за обезбедување на глината, на состанокот беше разгледана и можноста за олеснување на нејзиниот правен третман, особено во оние ситуации кога глината се наоѓа на земјиште во приватна сопственост, при што се заклучи дека во таквите случаи има простор за ревидирање на законските одредби на начин што кога земјиштето е во сопственост на барателот на концесијата, да не се бара вршење на детални геолошки истражувања.

**20.8.2018**

## ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА НАБАВКИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА РАЗГЛЕДАНИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА




Стопанската комора на Македонија во соработка со Министерството за одбрана на Република Македонија одржа состанок со фирми кои се занимаваат со трговија на моторни возила и градежна механизација, во врска со техничката спецификација на Министерството за одбрана за набавка на моторни возила и градежна механизација.

Фирмите ја поздравија ваквата иницијатива на Министерството и се согласија да доставaт забелешки по техничките спецификации.

**20.8.2018**

## СО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ВЕТЕРИНАРНО-МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ ДО ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ НА КОМПАНИИТЕ




- Основен приоритет на Агенцијата за храна и ветеринарство е заштита на здравјето и интересите на потрошувачите, - истакна директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Зоран Атанасов, на прес-конференцијата што се одржа на 20.8.2018 година во Стопанската комора на Македонија

Во таа насока, Агенцијата во последната година презема соодветни активности со цел подигнување на степенот на заштита на потрошувачите, но истовремено и обезбедување поволна клима за деловните оператори и креирање соодветна регулатива преку соодветна законска рамка.

Со новиот Закон, како што информираа од Агенцијата, се засилуваат законските одредби во однос на забраните за ставање во промет, издавање и употреба на ветеринарно-медицински препарати. Ветеринарната комора на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата за работа на носителот на дејност доколку се утврдат неправилности во однос на наведените ограничување на употреба.

## 27.8.2018

## ГРУПАЦИЈАТА НА ПАЗАРИ И КОМОРАТА НА ТРГОВЦИТЕ НА ТЕЗГИ И ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ – ПРЕКУ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗАЕДНИЧКИ ВО РЕШАВАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО ДЕЈНОСТА

Со цел унапредување на работењето и решавање на тековните проблеми во дејноста, поттикнување на имплементацијата на европските правила и стандарди, иницирање и остварување соработка по прашања од заеднички интерес, а имајќи ги предвид интересите на двете страни, Групацијата на пазарите во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија и Комората на трговците на Македонија на тезги и зелени пазари склучија Меморандум за соработка.

## 30.8.2018

## ОТВОРЕН ДЕН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЉУБЉАНА - ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА КЛУЧНА Е СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И БИЗНИСОТ




Во Стопанската комора на Македонија се одржа Отворен ден на Економскиот факултет – Љубљана, каде во фокусот беше презентацијата на мастер-програмата за Меѓународната бизнис академија (International Business Academy - Master program). Пред голем број претставници од бизнис секторот во своето обраќање на самиот почеток на настанот, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, ги истакна позитивните искуства во соработката помеѓу Република Македонија и Република Словенија.

Словенија во нашата земја е присутна во повеќе важни сфери, правејќи ја еден од главните чинители кои поттикнуваат развој на нашето стопанство, а тука би сакал да го потенцирам и преносот на знаење и вложувањето во образование и наука. Образованието е една од клучните алки на долг рок да се креира адекватен образовен профил кој со своите знаења и вештини ќе знае да одговори на пазарните потреби и ќе биде во можност да креира дополнителна вредност. Само на тој начин, преку креирање општество базирано на знаење ќе се придонесе за континуиран раст и развој – колку ќе вложиме, толку ќе ни се врати. Член сум на Советодавниот борд на Економскиот факултет од Љубљана, кој е составен главно од членови кои доаѓаат од бизнисот. Особено ме радува што сум единствен член кој доаѓа од Балканот помеѓу моите колеги од западноевропските земји, - истакна Азески.

За обемот на активности на Економскиот факултет - Љубљана дискутираше проф. д-р Метка Текавчич, декан на Факултетот, која нагласи дека приближувањето на Македонија кон европското семејство ќе ја зголеми и потребата од вештините кои студентите ги стекнуваат преку постдипломските студии и бизнис академии организирани согласно потребите на команиите.

**05.9.2018**

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ, ОПАСНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА



Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена при Стопанската комора на Македонија, на седницата на Управниот одбор, одржана на 05.09.2018 година дискутираше за динамиката на издавање на одобренијата за набавка на оружјето, при што беше оценето дека бројот на издадени одобренија за набавка на оружје континуирано се намалува во изминатиот период, за што е потребно да се утврдат причините за ваквите состојби, во која насока ќе се одвиваат и активностите на Групацијата во следниот период, но и дека е потребно надлежниот орган– Министерството за внатрешни работи на РМ да ги преиспита причините поради кои се одбиваат голем дел од поднесените барања.

Членовите на Групацијата истакнаа и дека во моментот се соочуваат со потешкотии при реализацијата на постапките за доделување на договорите за јавни набавки за потребите на надлежните органи, од причина што постапките честопати се одолговлекуваат и бавно се спроведува нивната реализација, поради што во следниот е потребно во соработка со ресорните министерства да се отстранат одредени недоследности во постапките за да се овозможи непречено учество на фирмите во постапките, како и непречена реализација на тендерите.

**10.9.2018**

## ГРАДЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНИТЕ СПОСОБНОСТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ“ (ТРАИНЕЕ)

Како поддршка на градежниот сектор, а во насока на градење на капацитетите на вработените во градежниот сектор за имплементирање на параметрите за енергетска ефикасност во градбите започна со реализација Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (ТРАИНЕЕ) кој се реализира во рамките на Европската програма „Хоризонт 2020“.

Преку активности во рамките на Проектот ќе се иницира прифаќање на надградените вештини на градежните работници од страна на пазарот преку остварување соработка со различни професионални групи. Една од задачите е поттикнување на потребата од користење на квалификувана работна сила во градежништвото со предлози за корекција на легислативата, во насока на исполнување на стандардите зацртани со Правилникот за енергетски карактеристики на градби.

Ќе се организираат 35 сесии за препознавање на знаења и вештини каде ќе вклучат околу 200 компании и 10 образовни институции. За зголемување на видливоста ќе се направи листа на сертифицирани обуки и јавно достапен регистар на 10 провајдери на обуки, 240 сертифицирани тренери, 80 сертифицирани инженери и околу 1500 техничари и работници. За промовирање на овие активности ќе се организираат две меѓународни работилници и една меѓународна конференција со 100 учесници.

Со цел да се постигне мултидисциплинарен пристап кај одржливото градење, ќе биде иницирана примената на алатки за информациско моделирање на градби (BIM-building information modeling) на национално ниво. „БИМ“ претставува интелигентен процес/платформа за соработка и централно проектирање, моделирање, планирање во архитектурата, градежништвото и другите инженерски фази. „БИМ“-процесот го развива градежниот објект во 3Д-модел, каде потоа сите учесници во Проектот можат да придонесуваат, вметнуваат нивни проекти, да анализираат и

да пресметуваат трошоци. „БИМ“-процесот го разгледува градежниот објект во текот на целиот негов животен циклус и на тој начин се добиваат големи придобивки од неговото користење. Во рамките на активностите ќе бидат вклучени околу 30 заинтересирани компании кои ќе добијат едукација и конкретни насоки за имплементација на „БИМ“.

По теркот на Англија и Холандија и Европската комисија работи на промена на легислативата за јавни набавки.

Проектот ќе пилотира две студии на случај, каде ќе бидат земени 4 згради на кои ќе се имплементира „БИМ“-процесот и дел од „БИМ“-алатките кои дополнително ќе се развијат за време на Проектот.

## 11.9.2018

## ОДРЖАНА ТРИБИНА НА ТЕМА: „ГМО, ГМО-ХРАНА И ГМО-ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ“

Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство, во насока на својата добра соработка насловена како „подобра легислатива, подобар бизнис“, ја организираа денешната трибина на тема: „ГМО, ГМО-ХРАНА И ГМО-ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ“, - истакна Васко Ристовски од Стопанската комора на Македонија.

За прв пат во Република Македонија во 2008 година е донесен Закон за генетски модифицирани организми и генетски модифицирани микроорганизми, односно ЗАКОН ЗА ГМО („Службен весник на РМ“, бр. 35/08).

Со носењето на овие правилници се направи целосна хармонизација на националната легислатива за ГМО-храна со европската легислатива од оваа област (Регулатива 1929/2003 и Регулатива 1930/2003 ).

## 15.9.2018

## ЕФЕКТИТЕ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА ЗА СМРЗНАТО СВИНСКО МЕСО ЗА ПРЕРАБОТКА




-Мерката за времено укинување на царината при увоз на замрзнато свинско месо за преработка, која ја донесе Владата на РМ во мај оваа година, беше неопходна за спас на домашната месна индустрија од колапс и пропаѓање, - истакна претседателот на Групацијата за преработка на месо и производство на сувомесни преработки при Стопанската комора на Македонија, Гоце Трајчев, на денешната прес-конференција (15.9.2018 година).

Мерката беше барана и образложувана наназад многу години, но без каква било реакција од надлежните во тој поглед.

-Согласно податоците за увоз на месо и преработки од месо за периодот 1.6.-10.9.2018 година, се забележува намалување на увезено свежо свинско месо за 38%, а во исто време раст на увезено замрзнато свинско месо за 29%. Истовремено, извозот на сувомесни преработки бележи раст од 61%. Има зголемување на обемот на целокупното производство за 40% согласно податоците од АХВ за извршена наплата кај регистрираните оператори со храна споредено со истиот период од 3 месеци лани. Ова е добра основа да се очекува дека надлежните институции ќе ја продолжат мерката уште за шест месеци, со цел таа да биде укината во целост, -информираше претседателот на Групацијата.

**21.9.2018**

## ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ СО ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО СЕКТОРОТ – ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНДУСТРИЈАТА ЗА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ




Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, Андреа Серафимовски, на седницата одржана на 21.09.2018 година даде осврт на состојбите во градежништвото според последните статистички податоци, истакнувајќи дека во последниот период статистичките показатели бележат надолен тренд. На седницата беше посочено дека причините неповолните состојби во градежништвото, се должат на застојот и забавената реализација на капиталните проекти, ниското ниво на доделени договори за јавните набавки, но и зачудувачки ниските цени кои се понудуваат во постапката за доделување на договорите за јавни набавки. Во делот на високоградбата, се дискутираше дека веќе подолго време има застој на спроведувањето на деталните урбанистички планови, односно мораториум на градби во неколку општини. Имајќи го предвид наведеното, се заклучи дека во идниот период е потребно да се одржат средби на Здружението со надлежните институции и органи со цел заедничко изнаоѓање решенија за актуелните состојби во градежништвото и да се разгледа можноста во рамките на Здружението да се формира тело кое ќе ја следи реализацијата на набавките и цените по кои се доделуваат договорите за јавни набавки. Дополнително, беше истакнато дека недореченостите во законската регулатива и понатаму претставуваат еден од најгорливите проблеми на секторот, поради што во идниот период е потребно донесување на нови законски текстови – Закон за градење и Закон за просторно и урбанистичко планирање, како суштински прописи во секторот, со вклученост на членките на Здружението во процесот на нивно донесување.

**24.9.2018**

## „ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ПРЕКУ ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ И НАТО“ - ТРИБИНА ВО БИТОЛА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РМ, ЗОРАН ЗАЕВ

Со цел реализирање на основните стратешки определби за интензивирање на инвестициските и извозните активности, како основен предуслов за динамичен економски раст и развој, поддржани со вложување во инфраструктурата, како и поврзување и проширување на соработката на внатрешен и на меѓународен план со партнери од потесното и поширокото опкружување, Стопанската комора на Македонија организираше трибина со претседателот на Владата на РМ, Зоран Заев, на тема: „Перспективите на македонската економија преку членство во ЕУ и НАТО“.

Главниот акцент на трибината беше ставен на можностите и начините како да се обезбеди поголема конкурентност и иновативност на македонското стопанство и како да се обезбеди стимулирање на инфраструткурата. - Податоците од Народната банка на Република Македонија покажуваат дека за само шест месеци во земјата се влезени 327 милиони евра, што е за три пати повеќе во споредба со истиот период од минатата година кога нивото на инвестиции изнесуваше 105 милиони евра. Неспорно е дека на мала економија како нашата ѝ се потребни странските директни инвестиции, бидејќи економските бенефити се повеќекратни. Во таа насока и беше организирана оваа трибина во кругот на фабриката „Кромберг и Шуберт Македонија“, во Битола, - информираше на трибината в.д. извршниот директор на Стопанската комора на Македонија Билјана Пеева-Ѓуриќ. Компанијата која 6 години работи во Индустриската зона е од особено значење за македонската економија со 6200 вработени од Битола и околината, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар, бидејќи е втора на листата на топ 100 извозници со реализиран извоз во 2017 година од 141 милион евра и 2,82% учество во вкупниот извоз на Македонија во светот. Компанијата произведува кабелски снопови за автомобилската индустрија, за производителите „Мерцедес“ и „Ауди“.

**27.9.2018**

## ГРАДЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНИТЕ СПОСОБНОСТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ“ (ТРАИНЕЕ)

Како дел од Потпрограмата „Енергетска ефикасност“, во рамките на Европската програма „Хоризонт 2020“, на 27.9.2018 година, во хотелот „Александар Палас“, се одржа Конференција за започнување на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (ТРАИНЕЕ).

Настанот го отвори и го модерираше Јадранка Аризанковска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, воедно и координатор на „ТРАИНЕЕ“-Проектот, која ги поздрави присутните, ги претстави говорниците и панелистите и ја истакна важноста на истиот, укажувајќи на тоа дека главна цел на Проектот е подобрување на вештините на градежните професионалци - архитекти, инженери и градежни работници за градење енергетски ефикасни објекти.



На Конференцијата свое обраќање имаше д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, кој истакна дека Проектот „ТРАИНЕЕ“ е од значење за државата затоа што има за цел да понуди форми на надградба на вештините на вработените во градежниот сектор, во целиот синџир на вредности (архитекти, инженери, техничари и директни градежни работници), како и обезбедување на 720 квалификувани работници за ЕЕ (280 професионалци и 440 директни градежни работници), како и 60 работници за обновливи извори на енергија. Посебен придонес во оваа област е изработката на методологија за препознавање на претходно знаење, која може да се применува и за други занимања во останатите индустрии.

На првата Панел-дискусија на тема: „Обуката на инженерите и работниците како елемент за одржливи енергетски ефикасни згради“ свое учество зема д-р Томо Церовшек, експерт за енергетска ефикасност од Словенија.

На втората Панел-дискусија на тема: „Воведување алатки за информациско моделирање на градби“ (Building Information Modeling – BIM), чија цел е видливост на енергетски ефикасни згради, учество зема Вангелис Росиос, инженер при ВИТС Институтот – „БИМ“ Академија од Шпанија.

Андреа Серафимовски, претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија, нагласи дека Стопанската комора на Македонија подолг временски период е вклучена во реализација на проекти за развој на капацитетите во градежниот сектор со цел имплементирање на постулатите за енергетската ефикасност во градежништвото и исполнување на целите за одржлив енергетски развој, што е во согласност и со Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност на Република Македонија до 2020 година.

На настанот присуствуваа повеќе од 100 учесници, односно претставници на компании од градежниот сектор, производители на градежни материјали, компании од секторот КГЛП - греење, ладење, климатизација, проектантски бироа и сертифицирани контролори за енергетска ефикасност.

Партнери во Проектот „ТРАИНЕЕ“ се: *Стопанската комора на Македонија, како главен имплементациски партнер, Здружението за бизниси и консултанти „Креација“ – Скопје, ВИТС Институт – „БИМ“ Академија од Шпанија, Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ - Скопје, Центарот за образование на возрасни на Македонија и Инженерската институција на Македонија (ИМИ).* Сите партнери заедно ќе ги реализираат предвидените активноси согласно динамиката и работните задачи дефинирани во овој проект.

**27.9.2018**

## СО ВАУЧЕРСКИ СИСТЕМ ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ПОЕФИКАСНО ЌЕ СЕ ВКЛУЧАТ ЗА ПОДРШКА НА СПОРТОТ

Со системот на ваучери, нови шест милиони евра преку ослободување на дел од данокот на добивка, деловните субјекти ќе имаат можност да ги пренасочат во подршка на спортот. Станува збор за дополнителни финансиски средства од буџетот покрај постоечката поддршка што Агенцијата за млади и спорт ја дава за македонскиот спорт. Моделот на ваучери од јануари 2019 година ќе може да го користат спортисти, спортски клубови и федерации за развој на спортот, а со цел омасовување и постигнување врвни резултати, со што се очекува значително да се подигне нивото на квалитетот и развојот на спортските клубови, истакна премиерот на Владата на РМ Зоран Заев на презентацијата на овој систем што се одржа во Владата, пред голем број стопанственици, претставници на спортските федерации, спортски новинари.

**27.9.2018**

## ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТУРИЗМОТ ДОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА НА НАЈУСПЕШНИТЕ ТУРИСТИЧКИ РАБОТНИЦИ

Под мотото туризмот и дигиталната трансфорамција, Светската туристичка организација го одбележува светскиот ден на туризмот 27 септември. Овој ден претставува можност да се потенцира дека сеуште треба да се работи на подигнување на свеста за актуелниот и потенцијалниот придонес на туризмот за одржлив развој, како една од најбрзо растечките индустрии во светот.

**04.10.2018**

## ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ, НА НАУЧНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА „ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКИТЕ ПОЛИТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“



Во организација на Македонската академија на науките и уметностите, Стопанската комора на Македонија, Владата на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија, во Охрид, на 4 и 5 октомври 2018 година, се одржува Научната конференција на тема: „Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија“.

Пред присутните се обрати и претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, кој потенцираше дека МАНУ е највисока научна институција во земјава, таа е основа и столб на политичкиот и економскиот живот и има големо позитивно влијание во креирањето на економските политики во државава.

-Економските политики на нашата економија се поволни, имаме раст на БДП во вториот квартал од 3,1%, раст, на индустриското производство од 5%, извозот е во пораст од 14%, 327 милиони евра се странски директни инвестиции во првото полугодие оваа година. Новите економски политики и Планот за економски раст даваат ефети на економијата, како и другите економски перформанси се добри и покажуваат раст, имаме рекордно ниска невработеност од 21,1% и во првото полугодие од годинава имаме 10.000 нови вработувања.

Во рамките на Научната конференција свое обраќање имаше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, кој се осврна на потребата од модерна реиндустријализација и извозна диверзификација како главни процеси о забрзување на економскиот раст на македонската економија.

**08.10.2018**

## ДО НОВИ ПАЗАРИ И ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ И ПРЕКУ КАТАЛОГОТ НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



-Една од стратешките цели на Стопанската комора на Македонија е определбата за создавање реални услови за освојување нови пазари кои се од клучно значење за раст на извозот, а со тоа и на националната економија. Македонското стопанство, како мала, отворена економија, за да одржи долгорочен раст, треба и понатаму да ја поддржува извозната ориентација на домашните компании. Потребата за унапредување на извозните можности на македонските компании беше и еден од клучните заклучоци во научно-истражувачката студија „Македонскиот извоз“, изготвена од Виенскиот институт за меѓународни економски односи, по барање на Стопанската комора на Македонија, со посочување на потребата соодносот на извозот во БДП да се зголеми од 50 до околу 75 проценти. За да може развојот да се движи напред, неопходно е да се направат дополнителни подобрувања во трговскиот сектор со цел да се поддржи растот на извозот. Извозот претставува стратешки одговор за растот на секоја компанија, но и за економијата на една држава. Со него се обезбедува поголем девизен прилив во земјата, компаниите стануваат поконкурентни усогласени со меѓународни стандарди и процедури, што за возврат резултира со поголем профит и можност на компаниите да се стремат кон максимално искористување на своите капацитети, - истакна Глигор Цветанов, претседател на Клубот на извозници при Стопанската комора на Македонија, на прес-конференцијата на Комората (8.10.2018 година).

За да се развиваат трговските односи на Република Македонија со земјите од светот, потребно е компаниите да имаат познавање за начинот на работа на странските пазари. Сепак, во деловните бизнис релации постојат серија предизвици и неусогласености, како што се нетарифните бариери, различните прописи, неусогласените законодавни системи, недоволното знаење за критериумите на извозните пазари, продажни канали, логистика и услови за испорачување, недостатокот од маркетиншки и продажни вештини, кои се само дел од предизвиците со кои компаниите - членки на Стопанската комора на Македонија се соочуваат кога извезуваат во соседството и на светските пазари.

Со цел надминување на постојните проблеми со коишто компаниите се среќаваат, на крајот на 2017 година во Стопанската комора на Македонија се формираше Клубот на извозници, чии основни приоритети се насочени кон помагање на своите членови во нивното надворешно-трговско работење, развивање на трговските контакти и зголемување на нивните извозни можности. Единствена цел за формирање на Клубот е надминување на проблемите кои претставуваат пречка за зголемување на извозот на домашните компании.

Во каталогот на извозници, прв од ваков вид, компаниите од различни индустрии имаат можност да ги претстават своите капацитети, производни палети и потенцијалите за соработка со нови партнери. Каталогот е замислен да функционира како база во која ќе бидат лоцирани сите клучни податоци за извозните компании со можност базата на податоци континуирано да се надградува и проширува со нови извозни производи, дестинации и нови фирми.

Клубот на извозници е отворен за сите компании кои во своите стратешки определби имаат за цел освојување на странски пазари што ќе овозможи ширење на производните капацитети. Членки на Клубот на извозници, за сега, се претежно компании од прехранбениот сектор, а присутни се и компании од металната и метало-преработувачката индустрија, текстилната, дрвната и хемиската индустрија, коишто се воедно и едни од најголемите извозно ориентирани компании од Република Македонија.

Покрај соработката со земјите од ЕУ, континуирано треба да се работи и на унапредување на трговската размена со земјите-потписнички на ЦЕФТА-Договорот, со особен акцент на земјите од Западен Балкан, како најблиски пазари чии карактеристики во голема мера содејствуваат со карактеристиките на домашниот пазар.

Во таа насока, д-р Татјана Штерјова, од Стопанската комора на Македонија и национален координатор за Коморскиот инвестициски форум, накратко го изложи Проектот „Унапредување на извозните можности на малите и средни претпријатија од регионот на Западен Балкан“, кој Коморскиот инвестициски форум, во кој учествува и Стопанската комора на Македонија, го спроведува со поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), преку Германското федерално министерство за економска соработка и развој (BMZ), во траење од две години.

## 15.10.2018

## ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЕНЕРГЕТИКА ВО МАКЕДОНИЈА

Проектот на УСАИД за развој на регионални енергетски пазари - Поддршка на реформите во секторот енергетика во Македонија потпиша меморандуми за разбирање и соработка со Владата на Република Македонија и со Регулаторната комисија за енергетика. Со потпишувањето на овие меморандуми се официјализира соработката помеѓу УСАИД и Владата на Република Македонија, во однос на техничката помош што УСАИД ја обезбеди за хармонизирање на законодавството со Третиот енергетски пакет на директиви и регулативи на Европската унија и со барањата на Енергетската заедница, во рамките на која беше изработен новиот Закон за енергетика усвоен во мај оваа година.

## 15.10.2018

## АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА - ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД




Според податоците за индустриското производство за осум месеци од 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, кај производството на текстилни ткаенини има зголемување од 11,2%, а додека кај производството на облека има намалување од 6,7 %.

Бројот на вработени од година во година постепено се намалува, односно од 43.848 вработени во 2007 година, последните години се движи околу 36-38 илјади вработени во оваа дејност, односно во 2017 година вработени се 4.939 во производство на текстил и 36.490 во производство на облека, што сепак претставува голем процент на вработени.

Очекувањата до крајот на 2018 година се дека ќе бидат на исто ниво како 2017 година и тоа најмногу се должи на неколку фактори и тоа:

- македонските текстилни компании се` уште се интересни за странските партнери пред се` поради близината до европскиот пазарот и производството на мали серии со висок квалитет и солидна цена;
- на повисоките фази на обработка и доработка на производите каде што веќе дел од производствените операции се вршат во земјава (печатење, везење, пакување и сл.) и
- поволната економија во Европската унија, пред се` Германија, што компаниите ги продолжуваат на договорите и задржување на најзначајните партнери од западноевропските земји.

## 17.10.2018

## АГЕНЦИИТЕ ЗА НЕДВИЖНОСТИ ГИ АКТУЕЛИЗИРАА ЗАЛОЖБИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОМЕТОТ СО НЕДВИЖНОСТИТЕ

Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 17.10.2018 година, ги актуелизираше заложбите за донесување Закон за посредување во прометот со недвижностите и ја истакна потребата за конечно отпочнување на процесот за донесување на ова законско решение.

Во таа насока, претседателката на Групацијата, Лилјана Ковачева информираше дека во рамки на досегашните заложби, Групацијата изготви и достави до Владата на Република Македонија работна верзија на текст на Закон за посредување во прометот со недвижностите, при што подоцна беше формирана и Работна група во Управата за имотно правни работи при Министерство за финансии, во која учествуваа претставници на министерствата за правда, економија, транспорт и врски, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и претставници на коморите. Во периодот март – април 2017 година, Работната група координирана од Управата за имотно правни

работи при Министрeството за финансии, дефинираше и усогласи Предлог – Закон за посредување во прометот со недвижностите. На седницата се заклучи да се достави Барање до Министерството за финансии, министерството да иницира состанок на Работната група која работеше на подготовка на Предлог – законот за посредување во прометот со недвижностите со цел одредување на понатамошните активности за реализирање на процесот за донесување на Предлог – законот, од што, според Групацијата, зависи и идниот развој на дејноста на посредување во прометот со недвижностите и работењето на агенциите за недвижности.

### 17.10.2018

## ПРЕМИН ОД ОБРАЗОВАНИЕТО - НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

На 16.10.2018 година, Групацијата на провајдери на дигитални решенија при Стопанската комора на Македонија, расправаше за воведување европски стандарди во врска со зачувувањето на животната средина во Република Македонија, промена на законската регулатива поврзана со увоз и пуштање во промет на производи, особено од информатичката технологија, кои не се во согласност со европските регулативи. И понатаму, Групацијата преку Стопанската комора на Македонија ќе иницира соработка со сите државни институции и невладини организации чија дејност е екологијата и зачувувањето на животната средина во Република Македонија.

Компаниите иницираа и предлог-решенија за подигнување на атрактивноста и на средното стручно образование во 2019 година преку активности во рамките на Проектот Е4Е (образование за вработување). Проектот кој почна да се имплементира од мај 2018 година, поддржан е и од Стопанската комора на Македонија, и има за цел да стимулира вработување преку подобрување на стручните вештини во земјава.

### 18.10.2018

## ГРУПАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА - ОТВОРЕНА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТРИ ПРАВИЛНИЦИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА



На состанокот на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржан на 18.10.2018 година, се расправаше за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на бодување на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување, Правилникот за стручно усовршување на стручни лица од областа безбедност при работа и за изменување и дополнување на Правилникот за висината на трошоците за извршување стручни работи за безбедност при работа.

Се истакна дека измените и дополнувањата на Правилникот за начинот на бодување на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување, Правилникот за стручно усовршување на стручни лица од областа безбедност при работа со кој се регулира издавањето лиценци за стручните лица од оваа област, се бараат бидејќи не соодветствуваат со условите во нашата земја. Се истакна дека самото бодирање е нефункционално и е потребно градирање на истото.

Заради наведените причини, примената на овој Правилник води кон намалување на квалитетот на услугите кои се испорачуваат од страна на стручните лица и овластени компании, а секако и кон деградирање на инженерскиот кадар - стручните лица за безбедност при работа.

**18.10.2018**

## ЈАСНО ДЕФИНИРАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА



На 17.10.2018 година се одржа седница на Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, на којашто беа разгледани проблемите во тековното работење во малопродажбата на оружје и муниција. Во однос на проблемите, членовите на Групацијата констатираа дека во постапките за увоз и внатрешен промет на оружје и муниција, од компаниите се бараат многу документи и пополнување на многу формулари, со многу податоци при секоја одделна постапка и со критериуми (за видот и бројот на документите, за количините и др.), кои не се јасно дефинирани во законската регулатива, а се различно толкувани од административните лица при контролите (во праксата, на штета на компаниите).

Групацијата усвои заклучок да се предложи измена на законската регулатива во оваа област, членовите на Групацијата активно да бидат вклучени во работните групи во министерствата кои ќе работат на законските измени. Ставот на Групацијата е дека е потребно намалување на администрирањето, дозволите и документацијате, измена на критериумите (број на муниција, оружје, услови за чување, време на достава на извештаи) во корист на компаниите.

**19.10.2018**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ, НА ФОРУМСКА ДЕБАТА: „ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НАТО И ПЕРСПЕКТИВИТЕ ВРЗ БИЗНИСОТ“

Во организација на Меѓународниот институт за бизнис и менаџмент „Хајделберг“ - Скопје, се одржа Форумска дебата на тема: „Членството во Европската унија и НАТО и перспективите врз бизнисот“.



Дебатата беше отворена од страна на д-р Улрих Зеител, претседател на деканската управа на Институтот, кој истакна дека од економски аспект ќе дадат придонес за македонските компании да имаат образовани лица, кои ќе се дообразоваат во рамките на самиот Институт.

Во рамките на Форумската дебата свое обраќање имаше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, кој се осврна на потребата политичките елити да обезбедат рамка за воспоставување економски врски кај бизнис заедницата.

Стопанската комора на Македонија стратешките определби во идниот период ги постави на две клучни прашања - модерна реиндустријализација и забрзување на процесот на извозна диверзификација кој концепт веќе беше изложен пред клучните чинители во економската политика во земјата, и се надеваме во многу брзо време ќе доживее своја конкретна реализација. Тоа значи дека структурните промени во самата економијата, процесите на реиндустријализација и извозна диверзификација се фундаментални процеси кои ќе генерираат високи и одржливи стапки на економски раст, каде брзината и успешноста во спроведувањето на овие процеси во голема мера се детерминирани од индустриската и извозната структура на земјава.

**22.10.2018**

## АВТОХТОНИТЕ СОРТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО КАКО МОЖНОСТ ЗА НОВ И УСПЕШЕН БИЗНИС




Успешниот развој на македонското земјоделство и реализацијата на неговите општествени функции бара јасно формулирани стратешки цели на аграрната политика, комплексни мерки и дејствија за нивно остварување. Во стратешките приоритети за развој особено се важни двете компоненти:

***• интегрирање на примарното производство во прехранбената индустрија и***

***• пораст на финални производи (производи со високо додадена вредност во прехранбената индустрија.***

Во таа насока особено е важно да се истакне дека, како можност  за подобар развој на земјоделството, потребен е акцент на значењето за зачувување и развој на методите на традиционално производство и традиционални домашни сорти.

Автохтоните сорти претставуваат стари сорти кои традиционално се одгледуваат на територијата на Република Македонија подолг временски период. Потребно е да се работи на заштита на домашните автохтони сорти, нивно сортирање и евидентирање во каталог. Во спротивно , истите може да исчезнат ако нема комерцијално производство, беше истакнато на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија (22.10.2018 година).

**29.10.2018**

## РЕГУЛИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА УПОТРЕБУВАНА ТЕХНИЧКА СТОКА И ЗАБРАНА ЗА НЕЈЗИНО ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ




Групацијата на провајдери на дигитални решенија, која беше формирана во септември 2017 година во рамките на Стопанската комора на Македонија, продолжува со своите активности за воведување нови технологии и иновации во областа на дигиталното печатење и менаџмент со документи. Во изминатава година тие постигнаа значителен напредок во подигнувањето на свеста од штетните влијанија на старата ИТ-опрема. Но како што и самите велат, имаат уште многу работа до постигнување на главната цел – регулирање на увозот на употребувана техничка  стока и забрана за нејзино пуштање во промет.

Во досегашното работење имаат остварено неколку средби со претставници од надлежните министерства, но како најважен чекор во постигнувањето на нивните барања го потенцираат нивното претставување како Групација на „Western Balkans Digital Summit“, со сопствен штанд на „Digital Expo“ и краток говор во програмата.

На прес-конференцијата, одржана на 29.10.2018 година во Стопанската комора на Македонија, претседателот на Групацијата, Александар Пајковски од „ДУНА“ - Скопје и потпретседателот на Групацијата, Мирко Мариќ, од „Еви Интернационал“ - Скопје, ги презентираа идните планови во насока на нивната цел: - воведување европски стандарди во врска со зачувувањето на животната средина во Република Македонија, промена на законската регулатива поврзана со увоз  и пуштање во промет на производи, особено од информатичката технологија, кои не се во согласност со европските регулативи, промовирање, како и за имплементација на најновите светски технологии од информатичката област, развој на информатичкото општество и дигиталната трансформација во Република Македонија.

## 30.10.2018

## ПРЕДЛОГ-РЕШЕНИЈА ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ ПРЕКУ ГАП-АНАЛИЗАТА ЗА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ




Презентацијата ГАП-анализата за Законот за безбедност на производите чија цел е да се отвореи дискусија со бизнис секторот да се добијат сознанија за имплементација на правилниците и проблемите со кои се соочуваат компаниите во процесот на нивна примена, да се изработи сеопфатна анализа за фактичката состојба согласно која ќе се иницираат измени и дополнувања на содржината на правилниците, а доколку има потреба да се иницираат измени и дополнувања на законската регулатива во целост.

## 1.11.2018

## ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА НАЦРТ-ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Стопанската комора на Македонија во соработка со Министерството за правда на 01 ноември 2018 година организираше јавна расправа за нацрт-текстот на Предлог законот за прекршоците, на која освен претставниците на бизнис-заедницата, учество земаа и членовите на работата група која учествуваше во изготвувањето за законот.

Д-р Татјана Штерјова, истакна дека Законот за прекршоци, како општ и системски закон има големо значење за работењето на деловните субјекти, од причина што овој закон е основата на која се засноваат прекршочните одредби во неколку стотици посебни закони, кои ќе треба да бидат усогласени со Законот за прекршоците по неговото усвојување.

Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда даде краток преглед на клучните измени во предложеното законско решение, вклучувајќи го изречното нормирање на забраната за двојно изрекување на санкции, допрецизирањето на начелото на законитост и воведувањето на начелото на пропорционалност, уредувањето на висината на глобите за физички лица и за правни лица, критериумите за одмерување на глобата за правно лице, можностите за ублажување на глобите, ревидирањето на постапките за порамнување и за спогодување, роковите за застареност, како и разграничувањето на судските и административните прекршоци.

На настанот присутните претставници на бизнис заедницата ги изнесоа своите предлози, забелешки и коментари во однос на нацрт текстот на Предлог законот за прекршоците. При тоа, беше дискутирано за примената на опомената како прекршочна санкција, и потребата истата почесто да биде изрекувана, особено кога станува збор за ситуации кога прекршокот е сторен по прв пат. Исто така, посочено беше дека е потребно да се уреди можност за ослободување од санкција на сторителот на прекршокот, во ситуациите кога прекршокот е направен под особено олеснувачки околности, и станува збор за прекршок за кој е предвидена глоба од помала вредност, а субјектот кој го сторил прекршокот самиот го воочил, и преземал дејствија за да ги отстрани недостатоците во своето постапување или на друг начин да ги санира последиците во краток рок, и самиот му укажал на надлежниот орган за тоа, како и да се предвиди можност за нормирање на прекршок од мало значење. Присутните дискутираа и за предвидените лимити на глоби кои можат да бидат изречени на правни лица, при што беше покренато прашањето кои се условите и критериумите за разграничување на определени сектори/дејности за кои се предвидуваат повисоки износи на глоба која може да биде изречена, и беше укажано на потребата да се ревидираат предложените износи во насока на нивно намалување.

## 02.11.2018

## ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА НАЦРТ-ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Во Стопанската комора на Македонија, на 01.11.2018 година, беше одржана јавна расправа по нацрт-текстот на Предлог-законот за медијација. На јавната расправа која беше одржана на иницијатива на Стопанската комора на Македонија, поканети беа медијатори, членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, членови на работната група која го подготвувала Нацрт текстот на предлог законот за медијација, претставници од министерството за правда и други засегнати страни.



Билјана Пеева – Ѓуриќ, в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија, посочи дека медијацијата како метод на алтернативно решавање на споровите е од исклучително значење за Стопанската комора, посебно од причина што медијацијата е одлична алатка за решавање на споровите на фирмите, која обезбедува можност за решавање на споровите за пократко времетраење и со пониски трошоци. Посочи дека Комората активно работи на промоција и афирмација на медијацијата кај деловната заедница, и во таа насока во изминатиот период се одржаа повеќе од 50 бесплатни настани со учество од над 700 претставници на фирми, а и во иднина ќе се организираат бесплатни семинари за промоција и користење на медијацијата кај компаниите за стопанските спорови.

На јавната расправа присутните ги искажаа своите ставови, коментари и сугестии по однос на нацрт текстот на Предлог законот за медијација. Беше посочено дека се работи за целосно нов текст на Закон за медијација, а не за измени на постојниот закон, поради што беше посочено дека не треба да се избрзува со усвојување на законското решение, и беше посочено дека предложеното законско решение има повеќе недостатоци и неприменливи одредби, поради кои може да се доведе во прашање функционирањето на медијацијата. Присутните посочија дека новото законско решение треба да биде од суштинско значење за понатамошен развој и промоција на медијацијата во Република Македонија, кое треба да биде конципирано земајќи ги предвид забелешките на сите засегнати страни, како и добрите практики од оваа област од земјите-членки на Европската Унија, со почитување на начелата на медијација, задржување и заштита на заедничките интереси на медијаторите и поголема поддршка и афирмација на медијацијата, како и дека измените треба да бидат во насока на олеснување на постапката на медијација, како за бизнис заедницата, така и за физичките лица, и намалување на трошоците и времетраењето на медијацијата како доброволна опција за решавање на споровите.

## 07.11.2018

## ОДРЖАНА РЕВИЗИСКА МИСИЈА ПО ТВИНИНГ-ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ НА ЛОКАЛНО И НА ЦЕНТРАЛНО НИВО ЗА ТРАНСПОНИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВАТА ДИРЕКТИВА ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ 2010/75/EU

Целта на состанокот одржан во рамките на Здружението на металургијата, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање е да се направи ревизија на сите аутпути кои произлегоа од досегашните активности и предложените законски решенија во рамките на Твининг-проект за зајакнување на административниот капацитет на локално и централно ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/EU Проектот, како и да се дадат предлози за натамошна соработка.

Претставниците на индустријата ги истакнаа своите искуства од реализираниот Проект, особено во делот на направените пилот-извештаи за индустриските емисии согласно новите гранични вредности, но истакнаа и воочени слабости како што е ненавременото вклучување на индустријата во подготовка на нацрт-верзијата на законот за индустриски емисии, како и потребата од поголем временски простор за давање сугестии и предлози од аспект на спецификата на материјата што ја регулира овој закон.

Беа дадени предлози за натамошна соработка во делот на едукација и подготовка на индустријата за соодветно аплицирање за добивање интегрирани дозволи за идентификација на извори на емисии и за извештаи за вредностите на емисиите.

## 07.11.2018

## МАРКЕТИНШКА ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА АТРАКТИВНОСТА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ




Здружението на металната и електроиндустријата одржа состанок на 7.11.2018 година, на тема: Иницирање предлог-решенија за подигнување на атрактивноста на средното стручно образование во 2019 година, преку активноста во рамките на Проектот „Е4Е“ (образование за вработување).

На состанокот беше истакнато дека овој Проект почна да се имплементира од мај 2018 година, а е поддржан од Швајцарија, од страна на „Хелветас Македонија“, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија. Проектот има за цел да стимулира вработување преку подобрување на стручните вештини.

Генерална оценка за состојбите е дека има сериозни наталожени проблеми. Во услови на задолжителен систем на средно образование, во којшто доминира гимназиското образование, се создава премногу гимназиски кадар.

За да се надмине проблемот со недостаток на квалификувана работна сила и да се обезбеди нормално работење на компаниите, потребно е во иднина да се третираат најмладите лица преку едукативни и информативни сесии, со цел да се привлечат да се запишуваат во средни стручни училишта кои нудат ваков тип на образование, во спротивно, проблемите со кои се соочуваат фирмите денес, во иднина би биле неспоредливо поголеми.

## 08.11.2018

## ЈАВНА РАСПРАВА ЗА УРЕДБАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА



Македонската енергетска асоцијација (МЕА), во соработка со Министерството за економија и со Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, организираше јавна расправа за Уредбата за поддршка на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и Правилникот за обновливи извори на енергија. Целта на јавната расправа беше да придонесе за подобрување на текстот на овие подзаконски акти кои се очекува да бидат донесени во најскоро време. Со предложените подзаконски акти се заокружува правната рамка за обновливи извори на енергија (ОИЕ). Со нивното донесување се очекува поголема транспарентност во доделувањето и користењето на мерките за поддршка, зголемен обем на инвестиции во ОИЕ и, во крајна линија, зголемено учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка на енергија во Република Македонија.

Уредбата овозможува доделување премија за електроцентрала која ќе се гради на градежно земјиште во државна сопственост и премија за електроцентрала која ќе се гради на земјиште коешто не е во сопственост на Република

Македонија или на земјиште во сопственост на Република Македонија на кое е воспоставено право на користење. Пред склучување на договорите, избраните понудувачи доставуваат документи со кои го докажуваат исполнувањето на условите, меѓу другото и банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

Министерството за економија ќе ја спроведува тендерската постапка, ќе ги склучува договорите за стекнување право за користење премија и договорите за користење премија, ќе ги врши исплатите на премиите од буџетот, ќе води евиденција на повластени производители кои користат премија и ќе ја следи реализацијата на договорите. Регулаторната комисија за енергетика и понатаму останува надлежна за донесување одлука за користење на повластена тарифа, која се исплаќа согласно договорот за откуп на електрична енергија кој го склучуваат повластениот производител и операторот на пазарот на електрична енергија.

Со Правилникот за обновливи извори на енергија се доразработува можноста што ја дава Законот за енерегика за изградба на објект за производство на електрична енергија од обновлив извор на енергија, при што произведената електрична енергија се користи за сопствена потрошувачка, а вишокот на произведената електрична енергија се предава во електродистрибутивна мрежа. Доколку домаќинство, мал потрошувач и буџетски корисник и единка корисник ги исполнува условите утврдени во Правилникот, ќе стекне статус на производител-потрошувач кој има право да склучи договор со снабдувачот кој го снабдува со електрична енергија. Во договорот ќе се дорегулираат условите за предавање на вишокот произведена електрична енергија во електродистрибутивната мрежа. Правилникот содржи формула по која се пресметува цената на електричната енергија што снабдувачот ја презема од потрошувачот-производител.

### 14.11.2018

## РАЗВОЈНА КОМПОНЕНТА НА ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ЕКОНОМСКАТА ОБЛАСТ

На 14.11.2018 година, Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија одржа седница и расправаше за предложените закони од економската и финансиската област, што се од интерес на членките од ИТ-секторот.

Компаниите - членки на Здружението сметаат дека најсоодветен начин за уредување на прашањето за обезбедување дополнителни средства во буџетот на Република Македонија е во сеопфатното зафаќање од сите субјекти и елиминација на „сивата“ економија, вклучувајќи го и нерегулираниот бизнис преку интернет.

Посебно внимание треба да се насочи кон искористување на сите расположливи можности за рационализација на расходите и нивна максимална реализација во функција на развојот и динамична стопанска активност. Потребено е перманентно следење на билансите на приходите и расходите, во насока на обезбедување подобар квалитет на јавните услуги, вложувања во унапредувањето на социјалниот, образовниот и здравствениот систем, но и рационализација на процесите на државната администрација.

### 16.11.2018

## ОДРЖАНА ОБУКА ЗА ПОЕФИКАСНО ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОИЗВОДСТВОТО

Како дел од активностите во рамките на ЕУ-Проектот: „Зголемување на компетитивноста на домашните мали и средни претпријатија со цел да се подобри нивната соработка со странските инвеститори (InComSME's)“, на 16.11.2018 година во просториите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се одржа обука за поефикасно планирање и управување на производството.

Целта на обуките е да се унапреди квалитетот и флексибилноста на компаниите за што пократок временски период и со помалку трошоци преку користење на различни методи и пристапи како што се: „Lean“ менаџмент, 6 сигма, визуелизација, анализа на потенцијалите, 5С, унапредување на продуктивноста, оптимизирање на протокот на материјали, планирање и унапредување на производството, како и менаџмент на процеси и снабдувачки синџири кои ќе се спроведат при имплементација на индустриски проекти кај домашните мали и средни претпријатија.

Главна цел на двегодишниот проект е подобрување на перформансите на одредени домашни мали и средни претпријатија со цел да бидат поконкурентни и да можат подобро да соработуваат со директните странски инвестиции, но и со други странски компании. Проектот е финансиран од фондови на ЕУ, во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и се спроведува од Стопанската комора на Македонија и Машинскиот факултет -

Скопје во партнерство со Универзитетот за техника од Виена -  Институт за менаџмент во науката, а е поддржан и од Владата на Република Македонија која посветено ја охрабрува ваквата соработка.

## 19.11.2018

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ ПРЕКУ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ФОРМАЛНОТО И НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

-Работници од градежната струка, од прехранбениот сектор со акцент на пекари, машинци, ИТ-кадар, се најдефицитарните занимања согласно потребите на бизнис секторот. Во услови на глобален пазар и интензивна конкуренција притисокот врз компаниите да ги подобрат своите процеси е се` поголем. Подобрувањето на процесите во современото работење во голема мера зависи од квалитетот на човечкиот капитал со кој располага компанијата, кој пак зависи од квалитетот на образованието, - истакна м-р Борис Тримчев на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија (19.11.2018 година).

Стопанската комора на Македонија, заедно со партнерите во Проектот „Образование за вработување во Македонија“, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, работи на компонента посветена на формалното стручно образование во насока на подобрување на квалитетот и соработката помеѓу стручните училишта и компаниите. Од особен интерес е имплементацијата на дуалниот модел на образование, кој во себе ги инкорпорира општо образовните аспекти реализирани во училиштето, како и стручните вештини кои се стекнуваат директно на работното место. Новост во таа област е информацијата дека на третата Европска недела на стручни вештини, која се одржа во Австриската стопанска комора од 5-9 ноември оваа година, за прв пат беше истакнат терминот трипартитно образование кое во себе содржи комбинација од училиште, компанија, а посебна компонента е посветена на дигиталните вештини.

Она што е од особено значење од аспект на брзото задоволување на потребите на компаниите е неформалното образование, информира Борис Тримчев, а во таа насока Комората работи на неколку проекти финансирани како од надворешни донатори, така и од сопствени средства на Стопанската комора на Македонија.

Освен работата на Бизнис центарот за тренинг и обука, кој е тренинг провајдер со повеќе од 15 верифицирани програми од Центарот за образование на возрасните и лиценцирани од Министерството за образование и наука за различни струки, во делот на неформалното образование работиме на експериментални модели со цел тестирање и изготвување предлози за најдобрите практики.

## 26.11.2018

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ И БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО ПАРТНЕРСКИ ОДНОС ЌЕ ГИ ДЕФИНИРААТ РЕГУЛАТИВАТА И СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР




Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа работна средба со министерот за транспорт и врски на која се дискутираше за идните проекции на капиталните инвестиции, реализацијата на капиталните проекти, плановите за објавување на тендерите, потребата и динамиката на донесување нови прописи од областа на градежниот сектор.

Целта на работната средба беше градежните компании пред министерот за транспорт и врски да ги презентираат состојбите во градежниот сектор, со акцент на состојбите во изминатата година која компаниите ја оценија како една од најтешките години за градежништвото ако се земат предвид последните петнаесетина години.

Во широката дебата со министерот за транспорт и врски, градежниците дадоа конкретни забелешки и предлози по доставените нацрт-текстови на Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Дискутирајќи за капиталните проекти, компаниите се интересираа за повеќе патни делници, автопатиштата и железничките линии во рамките на Коридорот 8, нагласувајќи дека е потребно сериозно внимание да се посвети на развојот на железничката инфраструктура со оглед дека железничкиот транспорт е далеку поекономичен од патниот. Дополнително се истакна дека во насока на поддршка и јакнење на капацитетите на домашните градежни компании, во следниот период потребно е да се размислува за воведување механизми за заштита и зголемување на конкурентноста на домашните компании во однос на странските што ќе бидат во рамки на пазарните услови на стопанисување и нема да ја нарушат слободната конкуренција на пазарот, како и за изнаоѓање конкретни решенија за поддршка на градежните компании за настап на странски пазари (при банкарски гаранции, логистичка и друг вид поддршка на конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, извозно ориентирани мерки за поттик и поддршка).

**06.12.2018**

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКИОТ, ЕЛЕКТРО И МАШИНСКИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ПРОЕКТ ВО РАМКИТЕ НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Преку инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за технолошка екстензија од Фондот за иновации и технолошки развој, Стопанската комора на Македонија е добитник на грант за Проектот „ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКИОТ, ЕЛЕКТРО И МАШИНСКИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ И ТЕХНОЛОШКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА“.

Идејата за подготовка на ваков проект во Комората се темели на претходно спроведената експертска анализа на развојниот потенцијал и можности за производна диверзификација на металната, металопреработувачката, машинската и електроиндустријата, како индустриски гранки со силен развоен потенцијал за македонската економија.



Досегашните анализи на Стопанската комора на Македонија покажуваат дека постои потенцијал кај претпријатијата да произведуваат и да извезуваат производи со компаративна предност доколку спроведат инвестиции насочени кон надградување на производниот и технолошкиот процес.

Проектот ќе се реализира во период од 24 месеци, од кои во првите 6 месеци ќе биде фаза на дијагностицирање, односно идентификување на листа на нови производи кои ќе треба да имаат повисок степен на финализација и софистицираност од постојната структура, за да се дојде до производи кои ќе се извезуваат со поголема компаративна предност. Во рамките на Проектот детално ќе бидат проучени репродукциските процеси и индустриската поврзаност на ниво на поединечен производ во рамките на анализираните сектори, при што ќе бидат анализирани повеќе од 1200 производи кои се предмет на меѓународната трговија во овие сектори.

Одржливоста на самиот проект произлегува од фактот што сите активности од дијагностиката кои се однесуваат на анализата преку која се идентификува листата на потенцијални производи во секторите кои ќе можат во иднина да се произведуваат и извезуваат, да се користи и од други компании во овие сектори придонесувајќи на тој начин да се подобри извозната конкурентност на целиот сектор.

## 10.12.2018

## ПРИДОНЕС ВО ЗАШТИТАТА НА ОКОЛИНАТА ПРИ УПОТРЕБАТА НА ТЕХНИЧКА СТОКА

На 10.12.2018 година се одржа седница на Групацијата на провајдери на дигитални решенија во областа на дигиталното печатење и менаџмент со документи, во рамките на Стопанската комора на Македонија.

Групацијата продолжува да работи во остварување на барањата пред надлежните институции и во досегашното работење има остварено неколку средби со претставници од надлежните министерства. Компаниите од ИТ-секторот ја препознаа вредноста и позитивниот импакт на акцијата и се вклучуваат да дадат свој придонес со еколошка активност за заштита и зачувување на животната и работната средина.

## 10.12.2018

## ЗА ПОГОЛЕМ ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ ОД УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ПОТРЕБНА Е СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗАМ

Следејќи ги трендовите на пораст на бројот на туристи и на ноќевања во Македонија, коишто годинава согласно статистичката евиденција ќе достигнат над 1 милион туристи со околу 3 милиони ноќевања, а во отсуство на стратегија за туризам на Македонија, бизнис секторот констатира дека ваквите позитивни текови треба да бидат основ за дефинирање на сериозна платформа која ќе го креира развојот на секторот туризам и угостителство, е пораката од прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија.

Сепак, за долгорочен развој на туризмот како сериозен чинител во домашната економија постојат серија прашања на кои треба да се работи во следниот период.

Македонија се` уште нема стратегија за туризам. Во моментов постои финална верзија на предлог-стратеија која веќе 3 години е во фаза на таков документ. Сепак, и во неа е констатирано дека туризмот во Македонија се соочува со повеќе проблеми, како што се класификација на хотелите, туристички ознаки, субвенции за тур-операторите, субвенции за авиопревозниците, визна политика или генерално, инфраструктурата.

## 11.12.2018

## ОДРЖАН ФОРУМ НА ТЕМА: „СТРАТЕШКИ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И ЕФЕКТИТЕ НА ДРЖАВНАТА ПОЛИТИКА ЗА НЕГОВА ПОДДРШКА“

Форумот на тема: „Стратешки развој на туризмот и ефектите на државната политика за негова поддршка“, во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ се одржа на 11 декември 2018 година, во Стопанската комора на Македонија. На Форумот присуствуваа претставници на бизнис заедницата, владини претставници, домашни и странски експерти кои ги споделија своите искуства и дадоа предлози за развивање на секторот за туризам и угостителство. Главниот фокус на настанот беше ставен на потребата од воведување категоризација и лиценци на угостителските објекти преку овозможување соодветен начин за регулирање на нелојалната конкуренција и поддршка од државата преку креирање нови туристички производи, услуги и алатки со цел Македонија да стане атрактивна туристичка дестинација.

„Активно работиме на премостување на проблемите и предизвиците со кои компаниите во Македонија се соочуваат секојдневно. Денес сме тука како одговор на потребите на компаниите за подобрување на квалитетот на стандардите, лиценците и категоризацијата на угостителските објекти и регулирање на нелојалната конкуренција, како и потребата од квалитетна работна сила, со цел компаниите да бидат поконкурентни на пазарот“, изјави Даниела Михајловска Василевска, координатор Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија.

Сите заклучоци кои ќе бидат истакнати на Форумот ќе бидат детално разгледани од страна на коморите, што е всушност и главна цел на овој четиригодишен проект каде што е потребно да се идентификуваат проблемите со коишто се среќаваат компаниите со цел подобрување на законската регулатива.

**12.12.2018**

## ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ БАРААТ ПОГОЛЕМ НАДЗОР И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ДОМАШНИТЕ И УВЕЗЕНИТЕ ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ СО ЦЕЛ ПОДИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ГРАДБИТЕ

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија на 11.12.2018 година одржа работна средба со претставници на Царинската управа на Република Македонија, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и Институтот за стандардизација на Република Македонија. Целта на работната средба беше да се отвори дискусија за квалитетот на градежните производи кои се пуштаат на пазарот и нивната сообразност со соодветните стандарди, надзорот над спроведувањето на Законот за градежните производи, надзорот на квалитетот на производите пуштени на пазарот, контролата на градежните производи при вградување во градежните објекти и увозот.



Осврнувајќи се на состојбите во индустријата на градежни материјали и неметалите, Серафимовски истакна дека непостоењето на механизми за заштита на домашното производство оневозможува индустријата на градежни материјали да го искористи својот полн капацитет. Посочи дека Здружението е запознаено со постоењето на меѓународни договори за слободна трговија, но истите договори постојат и во соседните држави кои сепак изнаоѓаат начини за да го заштитат домашното производство и да ги поддржат домашните компании. Присутните информираа дека и покрај тоа што македонските компании ги поседуваат потребните сертификати за производите, истите сертификати се признаваат само во одредени земји од регионот, додека во другите, при извозот повторно се земаат примероци и материјалите се испитуваат во нивните лаборатории.

Дискутирајќи за многубројните проблеми со кои се соочува индустријата на градежни материјали, компаниите–членки истакнаа дека е потребно во соработка со надлежните органи да се изнајдат механизми со кои преку поголема контрола на терен ќе се подигне квалитетот на домашните и на увезените градежни производи, со оглед дека на домашниот пазар се забележува пласирање на градежни производи кои не ги исполнуваат стандардите за квалитет, како и увоз на производи по нереално ниски цени, кои индиректно влијаат врз работењето на македонските производители.

**12.12.2018**

## ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА СО БАРАЊЕ ДА СЕ ВРШИ ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА НА ПРОМЕТОТ СО ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА

Управниот одбор на Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена при Стопанската комора на Македонија на 12.12.2018 година, одржа работна средба со директорот на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи, Сашо Тасевски, на којашто се дискутираше за проблемите со кои се соочуваат компаниите – членки од областа на пиротехниката и реализацијата на огнометите предизвикани од нелојална конкуренција од поединци и фирми кои нелегално работат во споменатата област. Иако постапките за увоз и експлоатација на пиротехнички средства се законски дефинирани и инспекциските служби вршат и периодични инспекциски контроли за проверка на легалноста и безбедноста на пиротехниката, во практиката подолг период се забележува нелегално вршење продажба на пиротехника, особено за време на новогодишните празници, посочуваат од Групацијата.

Членките посочија дека е потребно во заедничка соработка со Бирото за јавна безбедност да се изнајдат решенија за спречување на наведените негативни појави, што е од заеднички интерес на институциите и на компаниите од оваа дејност. Во таа насока, истакнаа дека е потребно и унапредување на правната рамка која ја уредува оваа материја. Директорот на Бирото за јавна безбедност изрази подготвеност да ги слушне согледувањата и предлозите на

Групацијата и во иднина да продолжи реализирањето на средби од ваков карактер, со цел Групацијата и Министерството преку заедничка соработка да дејствуваат во насока на унапредување на правната рамка и состојбите од областа на пиротехниката.

## 13.12.2018

### СТРУКТУРНИТЕ РЕФОРМИ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ ВО ДРЖАВИТЕ ОД РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН - ОДРЖАНА ТРИБИНАТА: „ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА“ СО АЛЕКСАНДАР ВЛАХОВИЌ

Продолжувајќи ја успешната практика на организирање трибини од интерес на бизнис заедницата со цел дебатирање на теми релевантни за економскиот развој на земјата, на 13.12.2018 година, во Стопанската комора на Македонија, во присуство на голем број стопанственици се одржа трибина на тема: „Предизвиците на регионалната економска соработка“ на која дебатираа претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и претседателот на Сојузот на економисти на Србија и идеен творец и организатор на најзначајниот бизнис настан на Балканот – Бизнис форумот на Копаоник, Александар Влаховиќ.




Во своето излагање Влаховиќ ги презентираше економските состојби во државите од Западен Балкан, искажани преку клучните макроекономски показатели, осврнувајќи се на причините кои ги кочат државите да остварат поголем раст и да го достигнат стандардот на развиените европски држави.

Според Влаховиќ, состојбите се резултат на тоа што државите од регионот на Западен Балкан сѐ уште го немаат завршено процесот на економска транзиција, како и на нестручноста и слабоста на институциите, не земајќи го предвид влијанието на институционалниот развој врз севкупниот развој на државата. Тој се осврна и на јавниот долг, истакнувајќи дека иако во 2007 година државите од Западен Балкан ја дочекаа економската криза со идеално учество на јавниот долг во бруто домашниот производ, недоволната политичка храброст во овие држави за преземање на суштински мерки за фискална консолидација по почетокот на кризата, влијаеле за зголемување на јавниот долг кој според Влаховиќ во услови на финансиска нестабилност може да предизвика сериозна финансиска нерамнотежа. Говорејќи за важноста од создавање на регионален економски пазар, Влаховиќ даде приказ и на трговската размена на земјите од овој регион. Според податоците, најголемо учество во увозот и извозот во овие земји имаат увозот и извозот кои се остваруваат од државите - членки на Европската унија, што е логично ако се земат предвид стратешките определби на овие земји, но потребно е да се работи во насока на зголемување и на меѓусебната трговска размена и креирање на единствен регионален економски пазар кој би се приклучил кон европскиот, како и на намалување на транспортните бариери помеѓу овие држави.

Во рамките на трибината, присутните стопанственици покренаа дискусија за повеќе прашања, вклучувајќи ги прашањата за влијанието на моделот на приватизација кој се спроведувал во овие држави врз денешните економски случувања, влијанието на јавниот долг врз севкупните макроекономски движења во земјата, како и препораките како да се постигне повисок стандард и повисоки стапки на економски раст.

Како дел од препораките, Влаховиќ акцентираше дека е потребно да се работи на јакнење на регионалната економска соработка, имајќи предвид дека државите од регионот се мали и недоволно конкурентни за да успеат самите, на привлекување странски директни инвестиции, но и поттикнување на домашните инвестиции, преземање

чекори за структурни реформи и градење на силни институции кои ќе одговорат на потребите на пазарот, како и создавање услови за раст и развој на малите и средните претпријатија.

На крајот, Влаховиќ и претседателот Азески дискутираа за почетоците на Бизнис форумот на Копаоник, кој се одржува последните 25 години и на едно место обединува повеќе од 1.400 учесници, вклучувајќи истакнати професори, државни претставници, членови на дипломатскиот кор, стопанственици, домашни и странски инвеститори, како и претставници на меѓународните финансиски организации, кои дискутираат за најзначајните економски прашања во Србија, но и во регионот. Дваесет и шестото издание на Бизнис форумот ќе се одржи во периодот 3-6 март 2019 година и на истиот Стопанската комора на Македонија ќе учествува со делегација на стопанственици од земјата.

### 14.12.2018

## ОДРЖАНА ОБУКА ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ПРОЦЕСИТЕ И „LEAN“-МЕНАЏМЕНТ

На 14.12.2018 година во просториите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се одржа обука за Менаџмент на процесите и „Lean“-менаџмент, како дел од активностите на ЕУ-Проектот: „Зголемување на компетитивноста на домашните мали и средни претпријатија со цел да се подобри нивната соработка со странските инвеститори (InComSME’s)“. Проектот е имплементиран од страна на Стопанската комора на Македонија во партнерство со Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Институтот за менаџментски науки при Техничкиот универзитет од Виена.

Целта на обуките е да се унапреди квалитетот и флексибилноста на компаниите за што пократок временски период и со помалку трошоци преку користење на различни методи и пристапи како што се: „Lean“-менаџмент, 6 сигма, визуелизација, анализа на потенцијалите, 5С, унапредување на продуктивноста, оптимизирање на протокот на материјали, планирање и унапредување на производството, како и менаџмент на процеси и снабдувачки синџири кои ќе се спроведат при имплементација на индустриски проекти кај домашните мали и средни претпријатија.

На обуката присуствуваа над 30-тина претставници од 20 домашни компании кои поминаа низ фазите на квалификација за соработка со странските инвеститори, односно скенирање, анализа и дефинирање на јазови во знаењето, технологијата и организацијата.

Главна цел на двегодишниот проект е подобрување на перформансите на одредени домашни мали и средни претпријатија со цел да бидат поконкурентни и да можат подобро да соработуваат со директните странски инвестиции, но и со други странски компании.

### 17.12.2018

## ДА СЕ ОДЛОЖИ ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ, ЗА ДА НЕ СЕ СЛУЧИ ПОВЕЌЕ ОД 6.000 ЗАКУПЦИ НА ТЕЗГИ ДА ОСТАНАТ НАДВОР ОД ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ ОД ПОЧЕТОКОТ НА 2019 ГОДИНА

-Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, бара да се одложи примената на Законот за трговија на зелени пазари. За таа цел, доставен е и официјален допис до министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, со кој се посочува дека постои потреба за ревидирање на одредени одредби од Законот за трговија на зелени пазари, како и на Правилникот за формата и содржината на легитимацијата. На зелените пазари сега тргуваат повеќе од 20.000 закупци на тезги.

**24.12.2018**



## ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС ЗА 2019 ГОДИНА ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА)

Македонската енергетска асоцијација (МЕА), го разгледуваше Енергетскиот биланс за 2019 година. Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2019 година е изработен во согласност со Законот за енергетика и со Правилникот за енергетски биланси и енергетска статистика и претставува индикативен плански документ каде се прикажуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во државата и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз. Во 2019 година се предвидува дека потрошувачката на финална енергија ќе изнесува 2007,5 ktoe, што претставува зголемување за 0,7 % во однос на потрошувачката на финална енергија во 2018 година.

**24.12.2018**

## СОРАБОТКА МЕЃУ ЕТАБЛИРАНИТЕ И СТАРТАП КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНОВАЦИИТЕ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА




Зајакнувањето на соработката помеѓу големите, етаблирани компании и на стартап компаниите кои сега започнуваат со деловни активности, може да донесе заемни придобивки, забрзан раст и зголемена конкурентност во македонската економија, истакнаа д-р Татјана Штерјова од Стопанската комора на Македонија и Игор Маџов од „Стартап Македонија“, на денешната прес-конференција во Комората (24.12.2018 година).

Во таа насока, Стопанската комора на Македонија, како најголема и најзначајна бизнис асоцијација во земјата, започнува соработка со стартап заедницата во Македонија, претставена преку Здружението „Стартап Македонија“. Оваа соработка треба да придонесе за да се иницира потенцијалот на партнерство меѓу етаблирани компании / стартап компании / млади и иновативни таленти, како и да се иницира корпоративна иновација и дигитална трансформација во Македонија. Во рамките на соработката, планирани се активности за заемно вмрежување на етаблираните компании и стартапите, работилници за размена на знаења и искуства, обуки и тренинзи.

Но, неспорно е дека македонските претпријатија, без разлика дали станува збор за големи компании, или за микро и мали претпријатија, се карактеризираат со потпросечна, односно ниска профитабилност и продуктивност. Тие имаат стапка на профитабилност од 11,7% за 2016 година и ниска продуктивност од 657.077 денари (10.659 евра) додадена вредност по вработен, наспроти 50.782 евра по вработен кај истите во ЕУ 28.

- Ова упатува на заклучокот дека многу поголеми можности за забрзан раст и на големите, етаблирани компании, и на стартап компаниите, кои сега започнуваат со деловни активности, можат да бидат обезбедени единствено преку зајакнување на нивната заемна соработка. Соработката која се воспоставува ќе им помогне на стартапите полесно да го изодат патот од иновации и претприемништво до бизнис, а на етаблираните компании од традиционален до иновативен и технолошки конкурентен бизнис, - посочи д-р Штерјова.

- Богатството на знаење, искуството, пристапот до пазари и мрежи кои ги поседуваат етаблираните македонски компании, ќе им помогне на младите претприемачи од иновативни идеи да создадат успешни бизниси. Од друга страна, креативноста, технолошката супериорност и ориентираноста кон иднината кои ги поседуваат стартапите ќе им помогне на искусните компании дигитално да ги трансформираат и да ги иновираат своите бизниси, производи или услуги, да се модернизираат и да станат уште попрофитабилни и поконкурентни на странските пазари, - посочи Маџов.

# РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ

**18.1.2018**

## РАБОТЕН СОСТАНОК НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА - ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД/МАКЕДОНИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЛОВНИОТ ЕКОСИСТЕМ



На 17.01.2017 година, во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, се одржа работен состанок на којшто беше претставен новиот Проект на УСАИД/Македонија за развој на деловниот екосистем. Тоа е четиригодишен проект (2017–2021 година) кој цели да ја трансформира конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во Македонија.

Компаниите поддржани од Проектот ќе имаат ексклузивна можност да учествуваат во националната кампања за зголемување на свеста на приватниот сектор за социјалната корпоративна одговорност, со што се придонесува и за развој на локалната економија.

**18.1.2018**

## РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО ОДРЖА СРЕДБА СО СОРАБОТНИЦИТЕ ОД ПРОЕКТОТ „БИО ВИЛ“ – ПРЕЗЕНТИРАНИ БИЗНИС МОЖНОСТИТЕ НА КИЧЕВО

На 17 јануари 2018 година, во Регионалната комора со седиште во Кичево се одржа средба со соработниците од Проектот „Био Вил“, дел од Програмата на Европската унија за истражување и информации „Хоризонт-2020“. На средбата присуствуваа претставници од седумте земји во коишто се имплементира Проектот: Македонија, Романија, Словенија, Хрватска, Србија, Германија и Австрија, претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево Игор Соколески, потпретседателот Шасим Османи, претставници на фирми - членки и претставник од Општина Кичево.




Целта на Проектот „Био Вил“ е поддршка на развојот на регионални концепти за биоенергија, како и основање биоенергетски села во вклучените земји, преку пренесување на постојните искуствата од Германија и Австрија.

**24.1.2018**

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНА БИТОЛА



На 24.01.2018 година, претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски оствари работна средба со градоначалничката на Општина Битола, м-р Наташа Петровска.

Уште еднаш беа нагласени приоритетите за соработка, пред се` развојот на инфраструктурата, како и секторските зафати за подигнување на конкурентноста на локалните компании.

На крајот на работната средба, соговорниците заеднички донесоа заклучок овој вид на директна комуникација да продолжи и во иднина, со цел подобрување на општествено-економската ситуација на граѓаните и на целиот регион.

**26.1.2018**

## СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ ЗОРАН ШАПУРИЌ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА

Министерот без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, Зоран Шапуриќ, на 25.01.2018 година беше во посета на Битола и притоа оствари работна средба и со членовите на Регионалната комора со седиште во Битола.




Претседателот Велковски накратко го запозна министерот Шапуриќ со активностите на Регионалната комора со седиште во Битола и со иницијативите за подобрување и развој на локалната економија, при што, во неколку наврати ги нагласи потребите за нови инфраструктурни зафати во патната, железничката и гасоводната мрежа, како и инвестирање во енергетскиот и финансискиот сектор, со што би се обезбедил развој на МСП и нивна подобра конкурентност при излез на меѓународниот пазар.

Министерот Зоран Шапуриќ им се заблагодари на членовите на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Битола за оваа средба и ја потенцира заложбата на Владата на Република Македонија за сериозни капитални инвестиции и инфраструктурни проекти и други веќе споменати мерки за поттик на развојот на стопанството во регионот.

## 01.2.2018

## ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ – ОДРЖАНА ТРЕТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО КАВАДАРЦИ

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, на 1.02.2018 година, во хотелот „Фени“ во Кавадарци, се одржа третата информативна сесија на тема: „Законските прописи од областа на животната средина во функција на развој, унапредување и конкурентност на компаниите“.




Предавач на информативниот настан беше м-р Славјанка Пејчиновска - Андонова, консултант за животна средина и пред присутните компании ги појасни законските и подзаконските постапки, барања, услови и временски периоди на спроведување на постапките кои произлегуваат од законите за животна средина, за подобро бизнис опкружување. Со тоа ќе се обезбеди и заштита на здравјето на граѓаните, заштита на водите, воздухот, почвата, како и заштита на биодиверзитетот.

Организирањето на овие информативни сесии е веќе отпочнато и досега беа одржани 3 информативни сесии од вкупно 20 за оваа година.

## 07.2.2018

## ВО БИТОЛА ОДРЖАНА ИНФО-СЕСИЈА НА ТЕМА: ПРАВА И ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

Во насока на подобрување и полесно имплементирање на законите во Република Македонија преку проектот на УСАИД: „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, на 06.02.2018 година во Битола се одржа настан на тема: „Приоритетни прашања и проблеми за промена на Законот за работни односи“ и подготовка на предлог Закон за практикантство – дискусија на тема практиканство: потреби, искуства и предлози.
Настанот го проследија и во него зедоа активно учество околу 40-тина компании од битолскиот регион.

## 14.2.2018

## ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ - ОДРЖАНА ПЕТТАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО СКОПЈЕ




Во соработка со Министерството за финансии на Република Македонија, на 14 февруари 2018 година во Стопанската комора на Македонија се одржа петтата информативна сесија на тема: „Реформи во јавните набавки со посебен осврт на Нацрт-законот за јавни набавки“, во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“.

На настанот се обрати и д-р Драган Тевдовски, министер за финансии во Владата на РМ, кој ги претстави реформите во јавните набавки и се вклучи во дискусијата со бизнис заедницата. Текстот на Нацрт-законот за јавни набавки го изработи Бирото за јавни набавки и тој се базира на европските директиви за јавни набавки. Согласно европските правила и пракса, новиот закон дава можност покрај цената да се вреднува и квалитетот.



Целта е да се зајакне транспарентноста и контролата на постапките, а во исто време да ги направи поедноставни и полесни за примена - истакна министерот Тевдовски.

На настанот свое обраќање имаше и Едвард Гонзалес од Канцеларијата за економски развој на УСАИД Македонија, кој додаде дека УСАИД во Македонија веќе 25 години посветено работи во делот на економскиот развој и ја истакна важноста на јавните набавки. Тој додаде дека 1/3 од буџетот е определен за јавните набавки.

На настанот присуствуваа над 130 претставници на бизнис заедницата од Република Македонија.

Сите проектни активности ги спроведуваат „ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал“ и четирите клучни партнери: Стопанската комора на Македонија; Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија.

## 14.2.2018

## ПРЕТСТАВНИК ОД РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП - ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СОЛИДАРНИОТ ФОНД ПРИ ОПШТИНА ШТИП

На 14.02.2018 година, во просториите на Општина Штип, се одржа првата средба на членовите на Управниот одбор на Солидарниот фонд, којшто се формира по иницијатива на градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски. Оваа тема беше наметната по многуте проблеми и барања за хумано и солидарно активирање на Општина Штип кога се работи за случаи кои бараат неопходни средства за спасување човечки живот.

На предлог на Регионалната комора со седиште во Штип, како претставник од бизнис секторот е избран Владимир Хилјадников, сопственик на компанијата „ФС Штампа Хил“ од Штип.

## 20.2.2018

## ТРКАЛЕЗНА МАСА: ,,ФАКТОРИНГОТ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ“

Во организација на Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија , во соработка со „Фактор Труст“, Проект на УСАИД за факторинг, на 20.02.2018 година, се одржа тркалезна маса на тема: „Факторингот како алтернативен извор на финансирање“.

Пред присутните компании од бизнис секторот, поздравно обраќање имаше директорот на Проектот за факторинг, Ловре Ристевски, а потоа факторинг - експертот Димитар Ангелкоски ги запозна присутните со тоа што е факторинг, како функционира факторингот и кои се придобивките од истиот. Ангелкоски истакна дека Проектот за факторинг обезбедува техничка помош и имплементира опсег на активности преку три компоненти: подигање на свеста и значењето на малите и средни претпријатија за алтернативните финансиски можности, имплеменација на правната регулатива за факторинг и финансиска едукација за малите и средни претпријатија.

**14.3.2018**

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП – ОДРЖАНА БЕСПЛАТНА ОБУКА ЗА ВЕШТИНИ ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ И ЈАВЕН ГОВОР

Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија, во соработка со НУБ „Гоце Делчев" - Штип и Општина Штип, на 14.3.2018 година, организираше бесплатна обука за вештини за презентирање и јавен говор. Обуката беше наменета за компаниите - членки на Комората.

На обуката учесниците имаа можност да се запознаат како да се подготват за јавен настап со поголема леснотија, јасна намера и структура; како да ги препознаваат своите внатрешни пречки и да ги отстранат, за да ги намалат тремата и непријатното чувство; како полесно да настапат на медиуми, како и да дадат кратка изјава ако им биде побарана без претходна подготовка.

Предавач на обуката беше лиценцираниот обучувач Драган Ристов, од Одделот за односи со јавноста при Општина Штип.

**19.3.2018**

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА - ПОСЕТА НА ДЕЛЕГАЦИЈА НА СТОПАНСТВЕНИЦИ ОД ИЗРАЕЛ



На 15.3.2018 година во Регионалниот центар за поддршка на мали и средни претпријатија во Битола, претставници на Центарот, компании од регионот и Регионалната комора со седиште во Битола реализираа работна средба со група бизнисмени и претставници на неколку компании од Израел. Посетата беше организирана во рамките на активностите за одбележување 75 години од депортацијата на македонските Евреи.

Средбата е иницирана со цел зајакнување и продлабочување на бизнис релациите помеѓу двете земји, Македонија и Израел, како и запознавање со можностите за бизнис соработка и инвестирање во нашата земја.

Најповолни услови за развој на регионалната економија нуди секторот земјоделство во кој има големи можности за соработка со Израел поради фактот што таа земја е една од водечките во светот со „know-how" во тој сектор.

Бизнис делегацијата од Израел во претходните денови оствари посета и во регионите на Скопје и Охрид.

**21.3.2018**

## ОДРЖАНА ОСМАТА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП - ПОТПИШАНИ ДВА МЕМОРАНДУМА ЗА СОРАБОТКА

На 20.03.2018 година, во Општина Пробиштип, Регионалната комора со седиште во Штип ја одржа осмата седница, на којашто присуствуваа и градоначалникот на Општина Пробиштип, Драган Анастасов и директорката на Источниот плански регион, Драгица Здравева. Седницата ја водеше Наум Барзов, претседател на Регионалната комора со седиште во Штип, а на истата се потпишаа меморандуми за соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Штип со Општина Пробиштип и со Источниот плански регион.



Меморандумите за соработка предвидуваат размена на информации од заеднички интерес, заедничко учество во изработка на апликации и соработка во проекти, заедничко решавање на клучни прашања од значење за бизнис секторот, подобрување на бизнис климата, како и поголема иницијативност и организираност, со еден нов модерен пристап и значителен придонес на Општината и на Источниот плански регион во унапредување на бизнисот на локално ниво.

На седницата присуствуваше и Ангел Димитров, сопственик на „Мода“ АД - Свети Николе и претседател на Здружението на текстилната индустрија при Стопанската комора на Македонија, кој даде свое согледување за потребата за измена на законските решенија од областа на работните односи.

**28.3.2018**

## ДЕЛОВНА СРЕДБА НА КОМПАНИИ-ЧЛЕНКИ НА РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП И ВО БИТОЛА - ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОТТИК НА РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАСТ

Регионалните комори со седиште во Штип и во Битола при Стопанската комора на Македонија, на 28.3.2018 година, организираа заедничка деловна средба на компании од двата региона. Средбата се одржа во Штип, а на деловната средба присуствуваа Наум Барзов и Мирко Велковски, претседатели на управните одбори на регионалните комори со седиште во Штип и во Битола, како и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. На средбата активно учество земаа околу триесетина компании од двата региона.



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, истакна дека му претставува чест што присуствува на денешниот настан насочен кон унапредување на соработката меѓу двата најголеми и економски најразвиени региона во Република Македонија, во организација на двете најголеми регионални комори при Стопанската комора на Македонија.

- Мораме со трпение и постепено да ги менуваме начините на работа со цел успешно приспособување на моменталната ситуација во Република Македонија, но и во регионот. Наместо со заеднички сили да се користат потенцијалите на земјите од регионот и да се создаваат подобри услови за соработка, ние се оддалечуваме. Статистичките податоци укажуваат на пад меѓусебната соработка на сите земји од Западен Балкан. Од тие причини, потребно е македонските компании да ја интензивираат меѓусебната соработка и со заеднички сили да се пробиваат на странските пазари, - истакна Азески.

Бизнисмените разменија искуства и мислења за мерки кои се потребни да се преземат за подобрување на климата за инвестирања, а го посочија и проблемот со недостатокот на квалификувана работна сила според потребите на стопанството. Исто така, деловната средба беше искористена како директна можност за воспоставување меѓусебна соработка.

**30.3.2018**

## СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО – РАЗГЛЕДАНИ МЕРКИТЕ ОД ТРЕТИОТ СТОЛБ ОД ПЛАНОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ

Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, на 29.3.2018 година, ја одржа 13. седница на Управниот одбор во проширен состав, на којашто присуствуваа и претставници на Фондот за иновации и технолошки развој, Центарот за вработување во Кичево при АВРМ, како и од Општина Кичево. Седницата ја водеше Шасим Османи, потпретседател на Регионалната комора со седиште во Кичево.



Ирена Ѓоргиеска, од Фондот за иновации и технолошки развој, ги претстави мерките од Планот за економски раст на Владата на РМ, од столб 3: финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за микро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој, преточени во Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој.

Во Програмата на Фондот за иновации и технолошки развој, којашто неодамна ја усвои Владата на РМ, предвидени се пет мерки. За мерките во 2018 година превидени се средства во износ од 10,5 милиони евра и истите ќе се доделуваат по пат на три јавни повици.

**11.4.2018**

## ВО КИЧЕВО ОДРЖАНА ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА ФАКТОРИНГОТ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

Во Кичево, на 11 април 2018 година, се одржа тркалезна маса на тема: „Факторингот како алтернативен извор на финансирање" во организација на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Проектот за факторинг на УСАИД.

Проектот за факторинг обезбедува техничка помош и имплементира низа активности преку три главни компоненти: подигнување на свеста и знаењето на малите и средни претпријатија за алтернативните финансиски можности; имплементација на правната регулатива за факторинг и финансиска едукација на малите и средни претпријатија.

Пред присутните компании од бизнис секторот, поздравно обраќање имаше директорот на Проектот за факторинг Ловре Ристевски, кој истакна дека компаниите во Македонија, посебно микро, малите и средните фирми, многу малку го користат факторингот.

Факторингот, како алтернативен извор на финансирање, го помага растот на претпријатијата преку обезбедување брз пристап до финансии, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите без дополнително обезбедување. Факторингот како производ го презентираа експертите од Македонска банка за поддршка на развојот, од финансиското друштво „Фактор Труст" и од Капитал банка. Проектот за факторинг којшто е тригодишен проект, започна во октомври 2017 година.

**11.4.2018**

## ВТОРА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КАВАДАРЦИ

Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија, на 11.4.2018 година, ја одржа својата Втора пленарна седница. Пред присутните претставници од бизнис заедницата поздравно обраќање имаше градоначалникот на Општина Кавадарци и претседател на Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија, Митко Јанчев, кој им се заблагодари на присутните за досегашната поддршка, а

потоа ги предложи кандидатите за претседател и потпретседател на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, како и членовите на Управниот одбор, чиј број според одлуката изнесува 11 члена.



На седницата едногласно се донесе одлука Никола Наумов од „Градба Промет“- Кавадарци да биде нов претседател на Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија, а за потпретседатели беа избрани Ласко Јованов од „Слога“ - Кавадарци и Славчо Јорданов од „КИМ“ - Неготино.

Ирена Ѓоргиеска, од Фондот за иновации и технолошки развој, пред триесетина претставници од бизнис заедницата, ги претстави мерките од Планот за економски раст на Владата на РМ, од столб 3: финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за микро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој, преточени во Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој. За мерките во 2018 година превидени се средства во износ од 10,5 милиони евра и истите ќе се доделуваат по пат на три јавни повици.

## 12.4.2018
## АМБАСАДОРКАТА НА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ВО ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП

На 12.4.2018 година, амбасадорката на Република Босна и Херцеговина во Македонија, госпоѓата Лепа Бабиќ, во придружба на градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Јованоски, ја посети Регионалната комора со седиште во Прилеп.




Во присуство на поголем број членови на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, се разговараше за воспоставување економска, трговска и културна соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Источно Сараево и пошироко, на ниво на републики.

На средбата се разговараше за теми од стопанството, за трговската размена меѓу двете земји, а една од главните идеи на амбасадорката на Б и Х беше идејата за формирање бизнис клуб, со цел компаниите од двете земји полесно и побрзо да разменуваат информации и идеи, со што би се подобриле и унапределе бизнис релациите меѓу двете земји.

## 23.4.2018

## ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП



Регионалната комора со седиште во Прилеп при Стопанската комора на Македонија, на ден 23 април 2018 година, одржа Пленарна седница на која пред бизнис заедницата, градоначалникот на Општина Прилеп, медиумите и другите присутни поздравно обраќање имаше претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, господинот Симон Наумоски.

Во понатамошниот тек на седницата беа предложени кандидатите за претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп, при што едногласно се донесе Одлуката за претседател да биде избрана Ирена Јакимовска, главен менаџер и косопственик на компанијата „Комфи Ангел" од Прилеп.

Во продолжение, новиот претседател го презеде водењето на истата, при што покрај досегашниот и актуелен заменик-претседател, генералниот директор на „Прилепска Пиварница", Сашко Самарџиоски, се изврши избор на уште еден заменик-претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп. За ова место едногласно беше избрана Јасна Ажиевска Петрушева, извршен директор на АД „Мермерен комбинат" - Прилеп.

Потоа се пристапи кон избор на членови на Управниот одбор и верификација на мандатот на променетите претставници на компаниите-членови на Управниот одбор.

## 26.4.2018

## ВО БИТОЛА ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕРТИФИКАЦИЈАТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ПАЗАРНА ПРЕПОЗНАТЛИВОСТ

Во организација на Организацијата на потрошувачи на Битола, Регионалната комора со седиште во Битола и Регионалната занаетчиска комора од Битола, на 25.4.2018 година, се одржа презентација за значењето на воведувањето на сертификација како алатка за пазарна препознатливост на малите и средни претпријатија (МСП).

Пред околу дваесеттина компании од битолскиот регион, претставници на Организацијата на потрошувачи и на Регионалната комора со седиште во Битола претставија неколку видови на сертификација според ИСО стандардите и добрите ЕУ -практики за подигнување на конкурентноста на малите и средни претпријатија, меѓу кои ИСО 9001, ИСО 26000, Сертификатот Фер со потрошувачот и Excellent SME сертификатот.

Организацијата на потрошувачи на Битола го претстави својот нов Проект за внимание кон потрошувачите и животната средина до поголема пазарна препознатливост. Проектот ќе развие и ќе промовира иновативен модел за соработка меѓу граѓанскиот и бизнис секторот преку воведување сертификат за фер однос кон потрошувачите, што ќе го доделуваат граѓански организации како услуга насочена кон бизнис заедницата. Проектот исто така има за цел да се изработи софтвер за прием, регистрација и справување со жалби на потрошувачите од страна на деловните субјекти, како и водење соодветен електронски регистар, според стандардите и практиките на Европската унија. Овој сертификат во пилот-фазата на имплементација ќе се додели бесплатно на три компании од битолскиот регион кои ги исполнуваат критериумите за препознатливост на пазарот и се пример за добри деловни практики.

**26.4.2018**

## ОДРЖАНА 11-ТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО СТРУМИЦА ЗА СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО - ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа информативна сесија на тема: **„Развојни насоки на програмите за советодавни услуги во земјоделието за подобрување на локалната економија“**, во Струмица, на 26.4.2018 година.

Предавач на информативниот настан беше д-р Драгослав Коцевски, експерт за советодавни услуги со долгогодишно искуство и професор на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Целта на овој информативен настан беше да се информираат сите микро, мали и средни претпријатија за Предлог-законот за советодавни услуги со цел да се иницираат конкретни предлози и решенија за идниот развој на советодавните услуги во земјоделието, финализирање на предложените законски промени, како и дополнување на определени законски акти коишто детално би го регулирале спроведувањето на овој систем, како и одредувањето на државната поддршка.

Полесно имплементирање на законите и јакнење на јавно-приватниот дијалог за донесување на подобра бизнис-регулатива ќе бидат главните приоритети на овој четиригодишен Проект предводен од четирите стопански комори во Македонија и тоа: Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија.

**27.4.2018**

## РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО УЧЕСТВУВАШЕ НА БИЗНИС СРЕДБИ СО КОМПАНИИ ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО ВО СТРУГА

На 26 април 2018 година, во Струга, се одржаа бизнис средби на компании од општините Кичево, Струга и Пласница од Македонија со компании од општините Штрбце, Витија и Драгаш од Република Косово.

На бизнис средбите присуствуваа потпретседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Шасим Османи, секретарот на Општина Струга, Дашмир Насуфи, претставник од УНДП Мехмед Рушити, и извршниот директор на „Глобал Консалтинг & Девелопмент асоциетес“, Арсим Врабовиќ, кои имаа поздравно обраќање пред присутните компании и се заблагодарија за искажаниот голем интерес за меѓусебна соработка.

Над 30 компании од Косово имаа можност да остварат директни контакти со бизнисмени од Македонија, од областа на: индустријата за млеко и млечни производи, одгледување на сите видови свежо овошје и зеленчук, производство на овошни сокови, производство на мед, производство на прехранбени производи, производство на месни производи, производство на разни теста, одгледување на кокошки и собирање ароматични билки.

Преку овој настан им се даде можност на компаниите од трите партнерски општини од југот на Косово, да воспостават потенцијална соработка и деловни врски со компании од југозападна Македонија.

Бизнис средбите беа во организација на „Глобал Консалтинг & Девелопмент асоциетес“ од Косово, во соработка со општините Струга и Кичево, поддржани од Проектот „Генерирање на трудот и интегриран територијален развој" на локално ниво 2“, финансиран од УНДП и од Австриската развојна агенција.

**27.4.2018**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ, НА WIN-WIN ФОРУМ ВО БИТОЛА НА ТЕМА: „СОРАБОТКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СО РАБОТОДАВАЧИТЕ КОН ПОКВАЛИТЕТНИ И ПОАТРАКТИВНИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ“




Денес, 27.4.2018 година, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола одбележува 39-годишнина од своето постоење, кој воедно е и домаќин на Win-win форумот на тема: „Соработка на Универзитетот со работодавачите кон поквалитетни и поатрактивни студиски програми“.

На овој форум со стопанството на најдобар начин се претставуваат активностите што Универзитетот ги презема во насока на идентификување на потребите од знаења, вештини што треба да ги поседуваат идните генерации, а во насока на креирање на нови или подобрување на постојните студиски програми.

Претседателот Азески истакна дека заеднички може многу да се направи и на полето на иновациите. Иновациите се еден од најбитните елементи за развој на современите економии. Додадената вредност креирана преку комерцијализација на иновациите може да има повеќекратни финансиски бенефити за националната економија, а тоа не може да се реализира без добро подготвен и стручен кадар. Затоа, потребна е соработка меѓу универзитетите и деловната заедница во насока на создавање истражувачки центри во компаниите, кои ќе работат на унапредување на апликативната вредност на научните достигнувања.

На форумот свои излагања имаа и Симон Наумоски, претседател на Одборот на директори на „Витамина“ АД – Прилеп, и проф. д-р Глигор Бишев, претседател на Управниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД – Скопје, кои ги истакнаа улогата и значењето на работодавачите во креирањето на студиските програми за потребите на пазарот на труд, како и примената на теоријата во праксата.

**04.5.2018**

## РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО ОДРЖА СЕДНИЦА –ПРЕЗЕНТИРАНИ АКТИВНОСТИТЕ НА РЕК „ОСЛОМЕЈ“

Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, на 4.5.2018 година одржа седница на Управниот одбор, во проширен состав, на којашто присуствуваше раководството на РЕК „Осломеј“.

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево Игор Соколески ја отвори седницата и ги поздрави присутните, при што ги истакна предвидените активности во Програмата на активности на Регионалната комора со седиште во Кичево за 2018 година.

Присутните членки дискутираа и за тековни проблеми со кои се сочуваат - со недостаток на стручен кадар, како високообразовен, така и со средна стручна подготовка од техничките дејности на локално ниво, за промените на Законот за јавни набавки и најавените промени на Законот за игри на среќа и забавните игри.

**11.5.2018**

## ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА НА БИТОЛА

На 11.05.2018 година во Општина Битола се оджа работен состанок со Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија и Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РМ, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори. На состанокот се дискутираше за тековните активности, проблеми и развој на регионалната економија.



Премиерот Заев, ја нагласи подготвеноста на Владата за превземање на конкретни мерки и активности во стабилизирање и зацврстување на развојот на домашниот сектор, помош на инвестициите кои ќе ги реализираат како странските така и домашните компании, како и натамошен развој на институциите кои се сервис на стопанството во земјата.

Заменикот на претседателот во Владата задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев, детално ги претстави сите законски решенија кои им овозможуваат финансиска поддршка на компаниите, критериумите за аплицирање во насока на подигнување на нивниот степен на развој и конкуретност, како и подршка на извозната ориентираност.

Градоначалникот на Општина Битола, Наташа Петровска, поздравувајќи го големиот одзив на претставниците на стопанството, ја истакна поддршката што Општината им ја нуди на претријатијата со креирање на една ефикасна локална администрација која ќе биде ориентирана кон пратење на развојот на компаниите во регионот.

Во рамки на состанокот се разви дискусија во рамки на која претставниците од присутните компании ги презентираа тековните проблеми, но и активностите и плановите за во иднина.

## 15.5.2018

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП - ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ НАМЕНЕТИ ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РАМКИТЕ НА ТРЕТИОТ СТОЛБ ОД ПЛАНОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 15.5.2018 година, во Општина Штип, Регионалната комора со седиште во Штип, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, одржа информативна сесија за отворениот јавен повик за поднесување предлог-проекти за финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за мерките од третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија.

Преку кофинансираните грантови за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица до 29 години се обезбедува финансирање до 30% од вкупниот буџет на инвестициски проект, но не повеќе од 1.000.000,00 денари по апликант.

Повикот за поднесување предлог-проекти за финансиска поддршка беше објавен од страна на Фондот за иновации и технолошки развој на 28.4.2018 година, а истиот ќе биде активен до 11.6.2018 година. Вкупниот буџет за првиот повик изнесува 185.000.000,00 денари, додека вкупниот буџет за 2018 година за финансирање проекти на малите и средни претпријатија изнесува 645.000.000,00 денари.

## 16.5.2018

## АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА ЧЕШКА ВО ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП

На 16.5.2018 година, делегација од Амбасадата на Република Чешка во Македонија, предводена од амбасадорот на Република Чешка во Република Македонија, Н.Е. Мирослав Томан, во придружба на градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Јованоски, ја посетија Регионалната комора со седиште во Прилеп.

Во присуство на поголем број членови на Управниот одбор на Регионалната комора, се разговараше за воспоставување економска и трговска соработка меѓу компании од регионот на Општина Прилеп и компании од Република Чешка.




На средбата се разговараше за теми од стопанството, трговската размена меѓу двете земји и изнаоѓање начини за подобра и побрза комуникација на компаниите од двете земји.

На состанокот беа изнесени позитивни искуства од досегашната соработка на компаниите од регионот со компаниите од Република Чешка. Свои искуства од работењето изнесоа директорот на „Мермерен комбинат" и претставникот на „Витаминка" АД - Прилеп.

На крајот на средбата се заклучи дека на сите компании кои се заинтересирани за соработка со чешки компании, Амбасадата на Република Чешка преку својот советник за економски прашања, Миа Павловска, ќе им даде соодветна помош и поддршка.

**17.5.2018**

## ПЕТТА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА - ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ГАСИФИКАЦИЈА НА БИТОЛА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

На 17.5.2018 година, Регионалната комора со седиште во Битола ја одржа својата петта пленарна седница. На седницата се расправаше за повеќе точки од интерес на стопанството во регионот. Како гости - учесници на седницата присуствуваа градоначалниците на општините Битола и Демир Хисар, Наташа Петровска и Марјанче Стојановски, како и Даниела Михајловска Василевска, координатор на Дирекцијата за здруженија и регионални комори при Комората, во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

Седницата ја отвори и водеше претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски.



Сите отворени прашања на стопанствениците кон Фондот за иновации и технолошки развој беа детално одговорени од страна на присутните стручни лица.

Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија и во иднина ќе организира слични настани со цел подобро информирање на бизнис-заедницата од регион и унапредување на развојот на истиот.

**31.5.2018**

## МИНИСТЕРКАТА БЕЗ РЕСОР ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗАДОЛЖЕНА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ, ЗОРИЦА АПОСТОЛСКА, ВО ПОСЕТА НА БИТОЛА

На 30.5.2018 година, министерката без ресор во Владата на Република Македонија, задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска, ја посети Општина Битола, каде оствари средба со градоначалничката м-р Наташа Петровска, како и со претставници од Регионалната комора со седиште во Битола.

На средбата, на која се разговараше за можноста за привлекување странски инвестиции, градоначалничката Петровска ја запозна министерката Апостолска со можностите коишто ги нуди Општина Битола за странските инвеститори, од аспект на градежни парцели и инфраструктура, во Индустриската зона „Жабени”, но и во останатиот дел, во поранешниот индустриски дел на градот.

Тимот на министерката претстави дел од мерките кои ги нуди Владата на Република Македонија пред претставниците и членовите на Регионалната комора со седиште во Битола од првиот и вториот столб за финансиска поддршка на инвестиции, со посебен акцент на соработката на домашните и странските компании.

**31.5.2018**

## ОДРЖАНА 16-ТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО КАВАДАРЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР НАД ПАЗАРОТ - ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“



Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа информативна сесија на тема: „Јавно-приватен дијалог за унапредување на регулативата и начинот на спроведување надзор над пазарот“, на 31.5.2018 година, во Кавадарци.

Предавач на овој информативен настан беше м-р Кирил Миноски, консултант со 19-годишно меѓународно искуство во креирање политики, развој на институционалниот капацитет, развој на приватниот сектор, управување со промени и проектен менаџмент.

На настанот присуствуваа околу 20 учесници од повеќе сектори и тоа: трговија, транспорт, производство на вода и пијалоци, угостителство, текстил, едукативен центар, производство на мебел, ланец на супермаркети, винарија, сметководство, производство на цевки, откуп на овошје и од мелничко преработувачката индустрија.

Имплементирањето на законите и јакнењето на јавно-приватниот дијалог за донесување подобра бизнис-регулатива ќе бидат главните приоритети на овој четиригодишен Проект предводен од четирите стопански комори во Македонија и тоа: Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија.

**31.5.2018**

## ПОСЕТА НА АМБАСАДОРКАТА НА ЈАПОНИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА ОД ШТИП И НА КОМПАНИЈАТА БАРГАЛА



На 31 мај 2018 година Амбасадорката на Република Јапонија во Република Македонија Н.Е. Кеико Ханеда имаше работен состанок со претседателот на Регионалната комора од Штип при Стопанската комора на Македонија, господин Наум Барзов. На средбата се разговараше за можностите за зголемување на соработката и трговската размена помеѓу двете земји. Претседателот Барзов истакна дека досега соработката со Јапонија е многу мала, но се надева дека по денешната посета ќе се иницираат бизнис форуми и Б2Б средби помеѓу компании од двете земји, со што трговската размена значително би се зголемила. Исто така, г-ѓа Ханеда изрази добра волја за свој ангажман при вмрежувањето на јапонски со македонски компании, како и посредување за посета и обука на претставници од Регионалната комора од Штип во Јапонија.

По состанокот со претседателот Барзов, Амбасадорката Ханеда ја посети компанијата Баргала од Штип, кадешто беше запознаена со производниот процес и со капацитетите со коишто располага оваа реномирана компанија.

**05.6.2018**

## ОДРЖАНА ДЕВЕТАТА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП ПРЕЗЕНТИРАН ФАКТОРИНГ- АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија, во рамки на деветтата седница што се одржа во просториите на компанијата Албатрос, пред присутните членки ја реализираше презентацијата на Факторингот како алтернативен извор на финансирање. Проектот на УСАИД за Факторинг е имплементиран од Фактор Труст, и има за цел да им помогне на малите и средни претпријатија преку едукација и информирање за пристап кон алтернативни финансиски продукти. Истовремено го помага и растот на претпријатијата преку обезбедување на брз пристап до финансиски, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите, консатираше, Ловре Ристевски директорот на Проектот за Факторинг.

Во име на проектот Димитар Ангелкоски како експрет за имплементација на Факторингот, ги запозна присутните што е факторинг, како функционира и кои се придобивките од неговата примена. Ангелкоски истакна дека проектот за факторинг обезбедува техничка помош и имплементира опсег на активности преку три компоненти: подигање на свеста и значењето на малите и средни претпријатија за алтернативните финансиски можности, имплементација на правната регулатива за факторинг и финансиска едукација за малите и средни претпријатија.

На седницата која ја водеше претседателот на Регионалната комора со седиште во Штип Наум Барзов, во дискусијата и овој пат беше споменато дека бизнис-заедницата се соочува со потешкотии во работењето и дека е потребно покренување иницијативи и предлози за измени и дополнувања во законската и подзаконската регулатива со активно вклучување на бизнис секторот, се со цел за олеснување во работењето на компаниите.

**08.6.2018**

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА НА СРЕДБА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО

Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија беше домаќин на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, предводена од г-дин Никола Бертолини, раководител на Единицата за планирање.

Состанокот беше предводен од претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески, кој во присуство и на претставници на бизнис секторот од кичевскиот регион, потенцираше дека регионалното делување е значаен сегмент за развојот на стопанството како и соработката на компаниите во насока на подобрување на бизнис

климата и дека Стопанската комора на Македонија е активно вклучена во имплементацијата и креирање на бизнис амбиент согласно Европската унија и нејзините политики и директиви.

Од Делегацијата на Европската Унија во Скопје, г-дин Никола Бертолини, раководител на Единицата за планирање, истакна дека е потребно да се следи состојбата во приватниот сектор, проблемите со кои се соочува компаниите при искористувањето на европските програми, со цел поголема искористеност и приближување на можностите за поддршка на компаните од страна на Делегацијата на Европската Унија во Скопје преку фондовите на инструментот за предпристапна помош.

Регионалната комора со седиште во Кичево и во иднина ќе организира средби со цел доближување на информациите на регионално ниво до компаните.

## 21.6.2018

## ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕРКИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ ОД ПЛАНОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ ПРЕД СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП

Регионалната комора со седиште во Прилеп при Стопанската комора на Македонија, одржа седница на Управниот одбор во проширен состав на која пред бизнис заедницата, градоначалникот на Општина Прилеп, и другите присутни беа презентирани мерките за поддршка на инвестиции од трите столба на Планот за економски раст на Владата на Република Македонија.



Во поздравното обраќање, претседателката на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ирена Јакимовска, истакна дека стопанствениците од регионот имаат можност и во директнат комуникација со владините претставници да добијат конкретни информации околу начинот на аплицирање и одредени прашања за кои постои дилема во прибирање на документите и подготовка на апликативните решенија.

Во понатамошниот тек на седницата, беше презентирана мерката поддршка на локални спортски клубови преку ослободување од ДДВ.

## 26.6.2018

## РЕГИОНАЛНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ОХРИД НА ПРОЕКТОТ „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА“ – ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА

Проектот „Образование за вработување во Македонија“, поддржан од швајцарската Агенција за развој и соработка, а имплементиран од Helvetas Swiss Intercooperation, Стопанската комора на Македонија и Македонскиот центар за граѓанско образование, започна со реализација на информативни сесии по регионите во Македонија. На 26.6.2018 година во Охрид се одржа првата регионална презентација која имаше за цел пред компаниите од регионот, претставниците на локалната самоуправа и останатите засегнати страни да ги претстави активностите кои ќе бидат имплементирани во наредниот период.

Пред присутните свое обраќање имаше Н.Е. Сибиле Сутер Техада, амбасадор на Швајцарија во Република




Македонија. Зборувајќи за важноста на постоењето систем за развој на стручни вештини во една земја, швајцарската амбасадорка Сутер посочи дека намерата на овој проект не е да се претстави швајцарскиот модел во Македонија, туку преку приспособување на одредени елементи од швајцарскиот систем, соодветни за тоа, да се развие посебен систем за развој на стручни вештини кој ќе биде карактеристичен за Македонија. „Еден таков елемент е принципот на партнерство“, - истакна амбасадорката Сутер. „Партнерството помеѓу стручните училишта и приватниот сектор е од клучно значење за да се осигури дека младите ги стекнуваат вештините што им се потребни на работодавците и кои ќе им помогнат полесно да добијат вработување. Ова е причината зошто вклучувањето на приватниот сектор е во суштината на нашиот Проект“.

Во фокусот на работа на Проектот е соработка со компаниите и оттука поддршката од бизнис секторот е клучна, затоа во своето обраќање Наташа Јовческа, претседател на Регионалната комора со седиште во Охрид, ги истакна заложбите на компаниите од регионот и поддршката која ќе ја дадат при имплементацијата на активностите на локално ниво.

На самиот настан беше даден детален опис на активностите и целите кои ги има Проектот. Настанот беше проследен со засилено медиумско присуство и со голем интерес од компаниите од регионот, претставниците на локалната самоуправа и средните стручни училишта.

**05.7.2018**

## ВО СТРУМИЦА СЕ ОДРЖА РЕГИОНАЛНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА“ – ВО ФОКУСОТ: ЗГОЛЕМЕНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КОМПАНИИТЕ И СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА

Проектот „Образование за вработување во Македонија“, во Струмица ја одржа регионалната презентација која имаше за цел да ги претстави активностите кои ќе бидат имплементирани во наредниот период. Настанот беше проследен од претставници на бизнис секторот, училиштата и локалната самоуправа. Во фокусот на работа на Проектот е соработка со компаниите и оттука поддршката од бизнис секторот е клучна, беше истакнато на презентацијата.

Поздравно обраќање имаше градоначалникот на Општина Струмица, Коста Јаневски, кој истакна дека локалната самоуправа ќе ги поддржи активностите кои ќе бидат имплементирани на локално ниво.

Курт Вутрих, тим лидер на Проектот, истакна дека целта на овој проект не е да се претстави швајцарскиот модел во Македонија, туку преку приспособување на одредени елементи од швајцарскиот систем, соодветни за тоа, да се развие посебен систем за развој на стручни вештини кој ќе биде карактеристичен за Македонија. Партнерството помеѓу стручните училишта и приватниот сектор е од клучно значење за да се осигура дека младите ги стекнуваат вештините што им се потребни на работодавците и кои ќе им помогнат полесно да добијат вработување. Ова е причината зошто вклучувањето на приватниот сектор е во суштината на овој проект.

Проектот „Образование за вработување во Македонија“ поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, а имплементиран од „Helvetas Swiss Intercooperation“, Стопанската комора на Македонија и Македонскиот центар за граѓанско образование е долгогодишен проект кој започна со реализација во март оваа година.

## 16.7.2018

## ФАКТОРИНГОТ - АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ, ПРЕЗЕНТИРАН ВО КОЧАНИ

Компаниите од источниот регион во земјата, во Кочани, учествуваа на презентацијата за „Факторинг - алтернативен извор на финансирање“.



Проектот на УСАИД за ФАКТОРИНГ има има за цел да им помогне на малите и средни претпријатија преку едукација и информирање за пристап кон алтернативни финансиски продукти. Факторингот, како алтернативен извор на финансирање го помага растот на претпријатијата преку обезбедување на брз пристап до финансиски, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите.

На крајот пред присутите се обрати и Дарко Стефановски од Македонската банка за подршка и развој, во делот на осигурување, кој напомена дека ФАКТОРИНГ - е најнов производ кој е единствен од ваковц вид на финансискиот пазар во РМ. Претставува услуга која овозможува продажба на производи и услуги на одложено плаќање, при што дел од средствата наведени во фактурата се добиваат веднаш.

## 19.7.2018

## СРЕДБА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА СО УЈП И ОПШТИНА БИТОЛА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ БИЗНИСОТ И СПОРТОТ

Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Општина Битола и Управата за јавни приходи на Република Македонија, на 18.07.2018 година одржа средба со локални компании и спортски клубови. Целта на оваа средба беше активирање на приватните компании во општините дел од добивката да ја наменат за финансирање на спортските клубови, генерално за развој на спортот, при што ќе добијат одредени законски ослободувања, како и информации за други прашања од областа на даночната проблематика.

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски посочи дека оваа средба е организирана да се иницира зголемено активирање на приватните компании во регионот за соработка со спортските клубови, во функција на развој на спортот, при што, од друга страна, компаниите ќе се запознаат со законските прописи по однос на даночните ослободувањата.

На средбата, членовите на Регионалната комора со седиште во Битола се запознаа со постапката и начинот на давање и примање на донација, односно спонзорство, како и видовите на даночни поттикнувања. Спортските клубови пак се запознаа со можностите кои што ги нуди државата во насока на развој на оваа дејност.

Регионалната комора со седиште во Битола и во иднина ќе организира средби од овој вид на кои стопанството од регионот ќе се запознае со тековните прописи во сферата на даночната политика и истовремено ќе го поддржува развојот на општините во целина.

**30.8.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ВО ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП

На 30.8.2018 година, делегација од Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Македонија, предводена од амбасадорот на САД во Република Македонија, Н.Е. Џес Бејли, во придружба на градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Јованоски, оствари средба со бизнисмените - членки на Регионалната комора со седиште во Прилеп во рамките на Стопанската комора на Македонија. Фокус на разговорите беше вложувањето на домашните компании во насока на регионално поврзување, отворање кон европските и светските пазари, од аспект на конкуретност, стандардизација и иновативност на производството.




Како една од главните теми се наметна проблемот со недостиг на работна сила во сите сегменти на стопанството, особено недостиг на високостручен и средно квалификуван кадар, односно профили на кадри кои имаат познавање на одредени специфични вештини.

Во дискусијата свои видувања во однос на овој проблем искажаа главните менаџери на водечките компании во регионот. Притоа, се заклучи дека овој проблем е присутен и во нашето поблиско опкружување, односно во земјите во регионот.

**06.9.2018**

## ПРОБЛЕМОТ СО НЕДОСТИГ НА РАБОТНА СИЛА ВО ПОВЕЌЕТО СТОПАНСКИ ГРАНКИ ВО РЕГИОНОТ - ТЕМА НА СЕДНИЦАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, на состанокот во проширен состав на којштo присуствуваше и градоначалникот на Општината, д-р Илија Јованоски, дискутираше за актуелните состојби во стопанството на регионално ниво, со посебен осврт на проблемот со недостиг на работна сила во повеќето стопански гранки.



На состанокот беа присутни и претставници од компаниите од секторите за човечки ресурси кои континуирано прават подлабински анализи за причините и последиците од проблемот со недостиг на работна сила. Согласно информациите, беше посочено дека проблемот со квалификуван кадар и воопшто работна сила не е само проблем во Македонија, туку и во регионот генерално, а причината не е само иселувањето во земјите на Западна Европа, туку и големиот број слободни работни места што се нудат во земјите-членки на ЕУ, како Полска, Чешка, Словачка.

Како позитивен пример беше посочена активноста на „Тутунскиот комбинат“, кој заедно со „Филип Морис“ инвестираат 80.000 САД долари во реновирање на 4 училници во Средното индустриско училиште во Прилеп, со цел да се обезбедат подобри услови и учениците да имаат мотив за едукација, а својата иднина и опстанок би ги гледале во општината.

На крајот на седницата, членките на Управнот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп го избраа Симон Наумоски, претседател на Бордот на директори на „Витаминка“ за почесен претседател на Регионалната комора со

седиште во Прилеп, согласно неговото активно ангажирање на регионално ниво, кој ја раководеше Комората во Прилеп во изминатиот период.

**19.9.2018**

## ТРИБИНА СО УЧЕСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ И ВИЦЕПРЕМИЕРОТ АНЃУШЕВ ВО ШТИП: ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ПРЕКУ ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ И НАТО




На 19.9.2018 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Стопанската комора на Македонија организираше Трибина на тема: „ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ПРЕКУ ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ И НАТО“, на којашто учествуваа претседателот на Комората, Бранко Азески, и заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

Пред повеќе од стотина стопанственици од регионот, Азески и д-р Анѓушев дискутираа за клучните прашања кои се од важност за понатамошниот развој на македонското стопанство. При тоа, анализирани беа првичните резултати во однос на примената на мерките од Планот за економски раст, преточени во Законот за финансиска поддршка на инвестициите и програмите на Фондот за иновации и технолошки развој, кои во својата основа кореспондираат со барањата кои Стопанската комора на Македонија ги истакна во предлозите за нов модел на економски развој во 2010 година. Оценето беше дека станува збор за мерки кои се од големо значење за унапредување на конкурентноста на македонската економија, при што деловната заедница го изрази очекувањето имплементацијата на овие мерки да продолжи да се реализира со зголемен интензитет.

На трибината беше разговарано и за клучните предизвици за подобрување на условите за стопанисување во Македонија, вклучувајќи ги прашањата за обезбедување владеење на правото и подобрување на ефикасноста на јавната администрација, која треба да биде сервисно ориентирана и ажурно да одговара на барањата и потребите на граѓаните и на бизнис-заедницата. Како прашање од суштинско значење за работењето на компаниите во источниот регион, но и на целата територија на Република Македонија, беше отворена дискусија за прашањето за обезбедување квалификувана работна сила согласно потребите на работните процеси. Д-р Анѓушев накратко ги образложи планираните мерки за надминување на состојбите за недостигот од квалификуван кадар, кои се состојат од програми за преквалификација и доквалификација кои ќе се спроведуваат преку Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, како и новиот Закон за практикантство, кој е во процедура на усвојување. Истовремено, посочи дека се работи и на процесот за воведување дуален систем на образование, кој дава позитивни резултати во земјите каде се применува (Германија, Австрија, Швајцарија), очекувајќи дека процесот ќе биде поддржан од бизнис секторот.

Трибината беше организирана во рамките на серијата активности кои се преземаат за остварување на стратешките определби и цели на Комората, а со цел да биде перманентно во служба на бизнисот, придонесувајќи во остварувањето побрз раст и развој на економијата преку зголемување на инвестиционите активности, поврзување и проширување на соработката на внатрешен и на меѓународен план со партнери од потесното и поширокото опкружување.

**26.9.2018**

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО БИТОЛА - ФАКТОРИНГ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

На 26.9.2018 година, во Регионалната комора со седиште во Битола, се одржа презентација на Проектот на УСАИД за факторинг, имплементиран од „Фактор Труст“ од Скопје, во соработка со Стопанската комора на Македонија на тема: ,,Факторинг како алтернативен извор на финансирање’’.

Факторингот, како алтернативен извор на финансирање го помага растот на претпријатијата преку обезбедување брз пристап до финансиски средства, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите.

Претставниците на „ФакторТруст“ - Скопје, Капитал банка и Македонска банка за поддршка на развојот, пред 20-тина компании детално ги презентираа специфичностите на факторингот кој е услуга која овозможува продажба на производи и услуги на одложено плаќање, при што дел од средствата наведени во фактурата се добиваат веднаш. Факторингот комбинира кредитна заштита, регистар на побарувања, наплата на побарувања и финансирање за компаниите кои продаваат производи и услуги со одложено плаќање.

Проектот на УСАИД за факторинг има за цел да им помогне на малите и средни претпријатија преку едукација и информирање за пристап кон алтернативни финансиски средства.

## 02.10.2018

## УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРИВАТНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „САБА“ ВО ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП

Учениците од прва година од средношколска академија за бизнис и администрација Приватното стручно училиште „САБА“; беа во посета на Регионалната комора со седиште во Штип, согласно програмските насоки, учениците да се запознаат со работењето на Стопанската комора на Македонија, кои услуги им ги нуди таа на компаниите.



Учениците беа информирани за работата на Коморите како застапници на интересите на стопанството, што е карактеристика на сите општествено-економски и политички системи. За тековите активности кои Комората ги врши во интерес на компаниите. Дека подготвува и организира седници на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Штип, презема активности за реализација на стратешките заклучоци и приоритети кои се донесени од страна на Управниот одбор на Регионалната комора, разгледува прашања за развој на организирано стопанство, унапредување на производството, прометот, трговската размена и правните проблеми, иницира прашања и предлози за регионот од областа на подобрување на стопанската и патната инфраструктура за побрз трансфер, согласно потребите на стопанствениците од овој регион, иницира активности на меѓукоморска соработка, размена на искуства и информации со другите регионални комори во Република Македонија, како и надвор од неа, заверува извозни документи.

Регионалната комора со седиште во Штип и во иднина им стои на располагање на средношколците и на студентите кои ќе изразат интерес да им се презентира коморското работење, како и да ги вклучи во обуките и работилниците, со цел подобро запознавање со нејзиното работење.

**30.10.2018**

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП: ОДРЖАН ИНФОРМАТИВЕН НАСТАН НА ТЕМА: „ИПАРД 2 – ЕВРОПСКИ ПАРИ ЗА АГРОБИЗНИСИТЕ“




Во организација на Регионалната комора со седиште во Штип, а во соработка со Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието во Кочани и Општина Чешиново-Облешево, на 30.10.2018 година, беше одржан информативен настан на тема: „ИПАРД 2 – Европски пари за агробизнисите“. Компаниите - членки на Стопанската комора на Македонија - потенцијални апликанти беа информирани за можностите кои ги нуди новата ИПАРД-Програма 2014-2020. Предавач на овој информативен настан беше Валентин Захариев, виш соработник во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието - Кочани. Тој пред присутните компании, претежно од земјоделскиот сектор, ги презентираше двете мерки: „Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства“ и „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и производи од риба“ коишто ќе бидат финансирани од ИПАРД-Програмата 2014-2020. Следниот повик се очекува да биде отворен во првата половина на месец ноември годинава. На информативниот настан се разгледуваа можностите за прифатливи инвестиции, критериуми, потребни документи за поднесување барања, склучување договори, поднесување барања за исплата, проблеми од претходниот програмски период на ИПАРД 2007-2013 година.

Регионалната комора со седиште во Штип и понатаму им стои на располагање на компаниите, за организирање вакви и слични информативни настани и работилници, со цел навремено добивање на потребните информации за помош и поддршка на стопанството.

**09.11.2018**

## ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ИНФРАСТРУКТУРАТА И ПОДДРШКАТА НА СТОПАНСТВОТО ДА СЕ ПЛАНИРА ВО СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ - ПОРАЧАА СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ОД РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КАВАДАРЦИ НА СРЕДБА СО ЗАМЕНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА, Д-Р АНЃУШЕВ




Потенцијалите за поголем развој на индустријата преку зголемување на конкурентниот развој на земјоделството, локалниот развој и развој на инфраструктурата се само дел од приоритетите за коишто членките на Стопанската комора на Македонија од Кавадарци денес разговараа со заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, проф. д-р Кочо Анѓушев. Пред присутните бизнисмени од Кавадарци, Неготино и од Демир Капија, како дел од Регионалната комора со седиште во Кавадарци, проф. д-р Кочо Анѓушев потенцираше дека Владата преку Законот за финансиска поддршка има за цел да поддржи разни форми на иновативни проекти, потенцирајќи дека иновативноста значи доусовршување, и тоа само на одреден дел од производниот процес, со што се намалуваат трошоците на компаниите, се зголемува конкурентноста и расте продуктивноста.

Во дискусијата бизнисмените укажаа на одредени слабости на Законот за финансиска поддршка на инвестициите, со кој се оневозможува некои од перспективните компании да ги користат поволностите поради ограничувањата што ги наметнува европската регулатива. Заменик-претседателот на Владата потенцираше дека оваа Влада акцентот за поддршка на стопанството го става на растот на конкурентноста, намалување на бирократските и административните

бариери и на обезбедувањето соодветен кадар за стопанството преку Законот за практикантство. Особено се нагласува потребата од дуално образование и преземање активни мерки за брзо вработување, согласно поддршката на Владата за нови вработувања. Бизнисмените посочија дека треба да се зголеми старосната граница на новвработените лица која сега изнесува 29 години.

Заокружувајќи ја дебатата, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, констатираше дека ваквите средби се одлична можност да се разговара за проблеми кои се од регионален карактер, а чие решение ќе биде од интерес и за локалниот и за регионалниот економски развој.

Регионалната комора со седиште во Кавадарци, кон која припаѓаат и компании од Демир Капија, Неготино и Росоман, е дел од Вардарскиот плански регион. Како што истакна претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, Никола Наумов, овој регион е најголем производител на грозје и вино во земјата. Регионот изобилува и со фероникел, има енергетски потенцијал и можност за развој на туризмот. Затоа, неопходно е бизнис секторот, локалната самоуправа и Владата на РМ да работат на развој на различните сегменти од економскиот развој.

## 13.11.2018

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП - ОТВОРЕН ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПОДДРШКА: КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА НОВООСНОВАНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА „СТАРТ-АП“ И „СПИН-ОФ“

На 13.11.2018 година, во просториите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во организација на Фондот за иновации и технолошки развој, а во соработка со Регионалната комора со седиште во Штип, Центарот за развој на Источниот плански регион и Универзитетот „Гоце Делчев“, се одржа Информативна сесија за отворениот јавен повик за поднесување предлог-проекти за финансирање под Инструментот за поддршка: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“.



Целта е поттикнување на иновативноста кај компаниите, имплементирање на иновативни решенија и поддршка на претпријатија кои имаат висок потенцијал за раст, како и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности преку формирање на „спин-оф„ - претпријатија.

Со јавниот повик е предвидено кофинансирање **најмногу до 85%** од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од **30.000 евра**. Преостанатите **15%** од вкупниот буџет за проектот треба да бидат обезбедени од апликантот (средства добиени од Фондот по која било друга основа или која било друга државна помош нема да се сметаат за прифатливи средства за кофинансирање од страна на апликантот).

## 20.11.2018

## РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП: УШТЕ ЕДЕН ИНФОРМАТИВЕН НАСТАН НА ТЕМА: „ИПАРД 2 – ЕВРОПСКИ ПАРИ ЗА АГРОБИЗНИСИТЕ“

Во организација на Регионалната комора со седиште во Штип, а во соработка со Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието во Штип и Општина Карбинци, а на барање на компаниите од регионот, на 20.11.2018 година, беше одржан информативен настан на тема: „ИПАРД 2 – Европски пари за агробизнисите“. Компаниите - членки на Стопанската комора на Македонија - потенцијални апликанти, коишто искажаа посебен интерес за учеството на овој настан, беа информирани за можностите кои ги нуди новата ИПАРД-Програма 2014-2020. Предавач на овој информативен настан беше Илчо Маролов, советник во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието - Штип.



Тој пред присутните компании, претежно од земјоделскиот сектор, ги презентираше двете мерки: „Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства“ и „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и производи од риба“ коишто ќе бидат финансирани од ИПАРД-Програмата 2014-2020. Следниот повик се очекува да биде отворен до крајот на месец ноември годинава. На информативниот настан се разгледуваа можностите за прифатливи инвестиции, критериуми, потребни документи за поднесување барања, склучување договори, поднесување барања за исплата, проблеми од претходниот програмски период на ИПАРД 2007-2013 година.

На настанот присуствуваа и раководителот на Подрачното одделение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Павел Иванов, како и претставник на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**23.11.2018**

## ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ЗАКОНИТЕ, СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ДИРЕКТНО СО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, КАКО ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СТРУЧЕН КАДАР, ПРЕДЛАГААТ БИЗНИСМЕНИТЕ ОД ПРИЛЕПСКИОТ РЕГИОН

Претседателката на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ирена Јакимовска, на прес конференција информираше за активностите на Работната група која работи во склоп на Регионалната комора Прилеп, со цел анализа на проблемот со недостигот на квалификувана работна сила во стопанството, во регионот и пошироко.




Претседателката Јакимовска информираше дека Работната група прави длабински анализи за причините и последиците од проблемот со недостиг на работна сила.

Во презентацијата на двајцата дискутанти преовладуваше констатацијата дека една од главните причини за овој проблем е во нееднаквиот третман на домашните компании и компаниите од ТИРЗ, што се рефлектира со флуктуација на кадрите во странските компании.

Како друга причина се посочи несоодветноста на постоечкиот кадар според потребите на стопанството, односно дека средните стручни училишта не продуцираат кадар погоден за стопанството во регионот

Дискутантите напоменаа дека за надминување на горespоменатите причини треба интервенции и во законската регулатива.

Од сето погоре кажано, како заклучок на Работната група за надминување на оваа состојба е интензивирање на соработката со средните стручни училишта, Македонскиот Центар за Граѓанско Образование,Стопанската Комора на Македонија како и активно учество во Проектот на Амбасадата на Швајцарија во Македонија, E4E@mk.

**29.11.2018**

## РАБОТНА СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НИКОЛОВСКИ СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО КАВАДАРЦИ




Во организација на Регоналната комора Кавадарци при Стопанската комора на Република Македонија, на 28.11.2018 година во Кавадарци се одржа работна средба на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во Владата на РМ, Љупчо Николовски со претставници на бизнис заедницата од регионот. На средбата присуствуваа Николче Бабовски, директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Благој Индов, директор на Државниот инспекторат за земјоделство кои заедно со министерот дискутираа по прашањата од стопанствениците.

Пред повеќе од триесетина компании, приозводители на винова лоза, вино, производители на овошје, компании од прехранбената индустрија, пчеларството, како и компании кои вршат откуп на овошје, министерот Николовски разговараше за лозарството, како клучна земјоделска дејност во регионот, за земјоделските задруги како и моделот за субвенционирање на земјоделството. Министерот Николовски ги образложи и Мерките за млади стопанства и Зелените мерки, ја истакна акредитацијата на нови мерки во делот на ИПАРД програмата како и техничката поддршка со користење на средства од ЕУ Проектите. Буџетод за ИПАРД програмата е зголемен за 2,5 пати во однос на минатите години. Во врска со субвенциите од страна на министерот беше истакнато дека има зголемување за 20% за сите развојни категории во земјоделството.

Во присуство на претставниците од секторите на министерството се дискутираше и за Јапонскиот фонд, Националната стратегија за рурален развој, поддршка на продажбата и извозот на виното, како и промоција на македонските вина надвор од земјава како и дигитализација на пасиштата, е нешто што се воведува за прв пат во земјава .

Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија и во иднина ќе организира вакви средби се' со цел да се олесни решавањето на проблемите кои ги имаат стопанствениците се со цел за подобрување на бизнис-климата и подобри економски резултати од земјоделието.

**03.12.2018**

## ОДРЖАНА ДЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП - ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕРКИТЕ ЗА ДАНОЧНО ПОТТИКНУВАЊЕ ВО СПОРТОТ

На 30.11.2018 година, во хотелот „Оаза“ во Штип, беше одржана Десеттата седница на Регионалната комора со седиште во Штип. На седницата, покрај компаниите-членки на Комората, присуствуваше и Ана Јаковчевска Андонова, управник на Регионалната дирекција на УЈП во Штип. Седницата ја водеше Весна Ангеличкова, потпретседател на Регионалната комора со седиште во Штип.
За вложувањата се предвидени ослободувања од данок на добивка и тоа:
- во спортски федерации и во МОК - 40% од пресметаниот данок;
- донирани средства на фудбалски клубови - 50% од пресметаниот данок;
- донирани финансиски средства на кошаркарски или ракометни клубови - 40% од пресметаниот данок;
- инвестирање во други спортски клубови во спортови во кои има организирана лига на компанијата ќе и` се намали пресметаниот данок во износ на дадената донација, но најмногу до 35 % од пресметаниот данок;
- во спортови во кои нема организирана лига му се намалува пресметаниот данок најмногу до 5%.

На обврзникот кој донирал финансиски средства на активни спортисти од олимписките спортови и кои таквиот статус го стекнуваат според услови и критериуми пропишани во Законот за спортот, кои средства се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до износот од 10% од пресметаниот данок. Кај неолимписките спортови, ослободувањето ќе биде до 5 %.

Во понатамошната дискусија се вклучија и стопанствениците кои што и овој пат го искажаа својот најголем проблем, односно недостатокот на работна сила и истакнаа дека очекуваат овој проект да даде позитивни резултати.

**03.12.2018**

## СРЕДБА СО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО БИТОЛА




На 3 декември 2108 година во Регионалната комора со седиште во Битола се одржа работна средба со директорката на Управата за јавни приходи на Република Македонија, Сања Лукаревска и претставници на УЈП.

На работната средба пред голем број стопанственици од битолскиот регион, во име на Регионалната комора со седиште во Битола и стопанството од регионот присутните гости ги поздрави претседателот на Регионалната комора, Мирко Велковски. Тој го истакна задоволството и значењето на овој вид средби во градењето на еден поблизок партнерски однос меѓу бизнисот и државните институции. Присутните гости ги информираше за моменталните економски текови, проблеми, предизвици и капацитети во Пелагониско-преспанскиот регион, како и идните планови за развој.

Директорката на УЈП, Сања Лукаревска, им се обрати на присутните и им се заблагодари на поканата и иницијативата од Комората за отворена дискусија со бизнис-секторот од аспектите на даночната сфера. Посебен осврт пред се` даде за новиот Предлог-закон за личен доход, за кој истакна дека УЈП е комплетно подготвена за негова примена, потоа Предлог-законот за регистрација на готовинските плаќања, тековната регистрација во Е-ПДД системот, а се осврна и на ефектите на Законот за финансиска дисциплина и потребата од носење на ново законско решение.

Регионалната комора со седиште во Битола и во иднина ќе излегува во пресрет на стопанството во регионот со организирање на ваков вид настани со што би придонеле за навремено и точно информирање на компаниите за сите нови законски решенија.

**06.12.2018**

## РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ПРЕКУ ДРЖАВНАТА ПОЛИТИКА ЗА НЕГОВА ПОДДРШКА - ТЕМА НА ФОРУМОТ ВО ОХРИД ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД: „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, на 6.12.2018 година, на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид го реализираше Форумот на тема: „Стратешки развој на туризмот и ефектите на државната политика за негова поддршка“, во рамките на Проектот на УСАИД: „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, за подобрување на бизнис климата во Македонија преку поттикнување клучни реформи во секторот туризам и угостителство.

Целта на Форумот беше да се дискутираат теми поврзани со секторот за туризам и угостителство во Македонија, негово развивање, обезбедување соодветна работна сила преку квалификација и доквалификација на кадри, како и поддршка од страна на државата преку креирање нови туристички производи, услуги и алатки со цел Македонија да стане атрактивна туристичка дестинација.

Четиригодишниот проект е имплементиран од страна на Стопанската комора на Македонија, во соработка со „ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал“ и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија, партнери во Проектот на УСАИД: „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“.

## 07.12.2018

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП



Регионалната комора со седиште во Прилеп при Стопанската комора на Македонија, на 7 декември 2018 година, одржа седница, на којашто присуствуваа и проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, проф. д-р Бардул Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции во Владата на Република Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, како и градоначалникот на Општина Прилеп, д-р Илија Јованоски.




На седницата акцент се стави на актуелните состојби во стопанството на регионално ниво, проблемите, предизвиците и перспективите на локалната економија согласно актуелните економски движења во државата.

Проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во своето излагање ги изнесе мерките на Владата на РМ, во однос на финансиската поддршка на стопанството изразени преку Законот за финансиска поддршка и мерките на Фондот за иновации и технолошки развој.

Акцент се стави и на изградбата на експресниот пат Градско - Прилеп и активностите за изградбата на гасоводот.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, во своето обраќање го истакна придонесот на Комората во соработката на стопанството со Владата, при што напомена дека како Комора ќе го задржиме достоинството и ќе бидеме кооперативни во понатамошното решавање на проблемите.

## 14.12.2018

## ОДРЖАН САЕМОТ НА КАРИЕРА ВО БИТОЛА - ОД ИНФОРМАЦИЈА ДО КАРИЕРА!

Младинскиот културен центар - Битола и Инфо Клубот - Битола на 14 декември 2018 година го организираат настанот „Саем на кариера 3“ во просториите на Центарот за култура во Битола. Настанот е во рамките на Регионалната платформа „YOUSEE“ за социјални иновации за намалување на невработеноста на младите во соработка со Инфо Клубот - Битола, а поддржан од УНДП, Општина Битола, Фондот за иновации и технолошки развој и Регионалната комора со седиште во Битола.

На настанот се презентираа компании кои нудат слободни работни места, иновативни бизниси, а посетителите имаа можност да се запознаат и да разменат контакти. На настанот се слушнаа и интерактивни, инспиративни и едукативни говори за мотивација. Меѓу учесниците беа и голем број компании-членки на Стопанската комора на Македонија, меѓу кои и: Млекара „ИМВ – Вемилк“, „Витаминка“ - Прилеп, „Кромберг и Шуберт“, „Интерворкс“, „Стентон Градба“, „С/Н Брокер“, „Синпекс“ и други.

Регионалната комора со седиште во Битола учествуваше со свој штанд и материјали на настанот и го промовираше новиот Проект на Стопанската комора на Македонија,

Саемот за кариера обезбедува простор за да можат младите лица да ја пронајдат својата идна работна позиција.

Регионалната комора со седиште во Битола и во иднина ќе дава поддршка на ваков и сличен вид на настани на кои ќе се промовира развојот на економијата во регионот, но и на ниво на целата држава.

**19.12.2018**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ ДОБИТНИК НА ПРИЗНАНИЕТО „19 ДЕКЕМВРИ - СВЕТИ НИКОЛА“ ДОДЕЛЕНО ОД ОПШТИНА ШТИП

Општина Штип традиционално го одбележува 19 декември, празник којшто е посветен на Патронот на градот „Свети Никола“. На свечена академија беа доделени признанијата и орденот по повод овој празник.

Еден од добитниците на Признанието „19 Декември - Свети Никола“ е Бранко Азески, почесен конзул на Црна Гора во Македонија со седиште во Штип и претседател на Стопанската комора на Македонија. Признанието му се доделува за особени заслуги како долгогодишен поддржувач и афирматор на градот Штип.



- Добивањето на оваа награда е огромна обврска, бидејќи јас бев избран за почесен конзул на Црна Гора во Македонија со седиште во Штип за да ги поттикнам активностите на бизнисот од Источна Македонија кон Црна Гора, со оглед на фактот дека најголем дел од истиот се одвиваше во Западна Македонија. За мене е голем предизвик да помогнам во поттикнувањето на извозните активности на компаниите од Источна Македонија, затоа што некако се чувствува дека се запоставени на некој начин во однос на Скопје и на запад. Многу сум среќен што и градоначалникот и Општината ја препознаа таа моја активност, и со тоа ме обврзаа во наредниот период да истраам во таа работа, - истакна во своето обраќање претседателот Бранко Азески.

- Дозволете ми на почетокот да го честитам празникот „Свети Никола“ на сите граѓани на Општина Штип. Оваа година добитниците на годишните признанија се заслужни граѓани и организации кои придонесуваат кон градењето и зацврстувањето на општественото ткиво. Општина Штип знае да ги препознае, но и да ги вреднува и цени оние личности и субјекти кои покажуваат со личен пример како се ценат и негуваат вистинските општествени вредности. Затоа, ми претставува особена чест што како градоначалник по втор пат имам можност да ги доделам овие признанија на овие заслужни личности, - истакна градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски.

**20.12.2018**

## ВО КИЧЕВО ОДРЖАНА НАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „БИОЕНЕРГЕТСКИ СЕЛА“

Националната конференција на тема: „Искористувањето на биомасата како обновлив извор на енергија во биоенергетски села и мали заедници“, се одржа во Кичево, а беше организирана во рамките на Проектот „Биоенергетски села (BioVill) - Зголемување на продорот на одржлива биоенергија на пазарот“, финансиран од Програмата на Европската унија за истражување и иновации „Хоризонт 2020“ (19.12.2018 година).

На конференцијата присуствуваа градоначалникот на Општина Кичево, Фатмир Дехари, претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколоски, голем број претставници од институциите, бизнис секторот, од средните и основните училиштата и невладини организации кои имаат свој придонес за реализација на Проектот.

Претставници на фирми презентираа за енергетски ефикасни мрежи за централно греење и ладење и топлификационен систем на биомаса и комунален отпад, како и алтернативен економски развој на Кичевскиот регион - можности и предизвици.

Според Проектот, во Кичево со дрвени струготини ќе се затоплуваат најпрво три училишта и една детска градинка, а во втората фаза Проектот ќе се прошири и на резиденцијалниот дел на населбата Ламели и згради во близина на училиштата.

**25.12.2018**

## НЕДОСТИГОТ ОД СТРУЧЕН КВАЛИФИКУВАН КАДАР И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА - ТЕМА НА СЕДНИЦАТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО

Актуелните состојби во стопанството на регионално ниво, проблемите со кои се соочува бизнис секторот и перспективите на локалната економија беа предмет на дискусија на седницата на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, која се одржа, во проширен состав (25.12.2018 година).



Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески, ги истакна и проблемите од недостиг на квалификуван стручен кадар, надополнети со процесот на брза миграција на населението од регионот. Во таа насока, од исклучително значење за компаниите во Кичево и општините кои припаѓаат на тој регион е на краток рок недостигот да се надомести со имплементирање на системот на дуално образование. На седницата беше потенцирано дека е потребна поголема институционална поддршка на компаниите од регионот, заокружување на инфраструктурните проекти во делот на патната инфраструктура, а не помалку важна е и можноста да се користат средства од европските програми во насока на подигнување на степенот на конкурентност на производството.

На седницата беше презентирана услугата Excellent SME MACEDONIA, што претставува сертификат за деловно работење, кој го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг „COFACE“ од Хрватска, за најуспешните мали и средни компании во Македонија.

Бенефити од сертификатот, покрај сопственикот на сертификатот, имаат и клиентите, партнерите и другите посетители на веб-сајтот. Сертификатот за Excellent-SME MACEDONIA се издава, доколку компанијата ги задоволува следниве критериуми: годишен промет од најмалку 25.000 евра и други локални критериуми за класификација на МСП, бројот на вработените да се движи од 1-250 вработени и компанијата да добие оценка за кредитниот рејтинг од „Coface“ - Хрватска од најмалку „6“ за да се квалификува за Excellent-SME сертификат.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

(деловни средби, бизнис форуми, странски делегации, дипломатско-конзуларни посети)

**16.1.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА ИРАН ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА КОМОРАТА

На 16 јануари 2018 година, Амбасадорот на Исламската Република Иран во Република Македонија Н.Е. Хосеин Карими реализираше официјална посета на Стопанската комора на Македонија, и одржа состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија, господин Бранко Азески. На средбата се разговараше за можностите за зголемување на соработката и трговската размена помеѓу двете земји, и беше постигната согласност дека е неопходно приватниот сектор да биде главниот носител на економскиот раст.



Амбасадорот ја поздрави иницијативата на Стопанската комора на Македонија доставена до Иранската комора за трговија, индустрии, рударство и земјоделство и го информираше претседателот Азески дека во наредниот период Иранската Комора ќе превеземе чекори за реализирање на билатерални средби меѓу стопанствениците на двете земји во Република Македонија. Двете страни одредија официјалната посета на иранска бизнис делегацијата предводена од страна на претседателот на Иранската комора за трговија, индустрии, рударство и земјоделство, г-дин Голам Хосеин Шафеи да се реализира на 23-24 април 2018 година. Претседателот Азески додаде дека оваа посета ќе биде во насока на ревитализација на економските врски и зацврстување на можностите кои ќе се постигнат преку интензивирање на соработка меѓу двете земји и поттикнување на заедничките активности меѓу бизнис заедниците од Република Македонија и Исламската Република Иран. Вкупната трговска размена во периодот јануари- ноември 2017 година изнесува 4,58 милиони САД $, што претставува опаѓање од 3,58% споредено со истиот период од 2016 година. Извозот изнесува 365 илјади САД $, што е на исто ниво како и минатата година заклучно со ноември (намалување ≈0,78%), додека увозното салдо изнесува 4,22 милиони САД $, или намалување од 3,65% во споредба со периодот јануари - ноември 2016 година. Исламска Република Иран е 59-ти трговски партнер во надворешно -трговската размена на Република Македонија во период јануари – ноември 2017 година.

**17.1.2018**

## МОЖНОСТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И САД

На 17 јануари 2018 година, Стопанската комора на Македонија, Американската стопанска комора во Албанија и Стопанската комора на Северозападна Македонија организираа Бизнис форум на тема „Зголемување на економската соработка меѓу Македонија, Албанија и САД".




Целта на настанот беше да се разгледаат можностите за продлабочување на билатералната и економската соработка меѓу двете земји, којашто во моментот не е на завидно ниво. Билјана Пеева- Ѓуриќ, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори при Стопанската комора на Македонија, истакна дека близината не секогаш е главен предуслов за успешна економска соработка меѓу две земји, на што укажуваат и статистичките податоци во однос на трговската размена меѓу Р. Македонија и Р. Албанија. Според последните податоци, Р. Македонија бележи поголема трговска размена со САД од вкупно 210 милиони САД $, при што САД се 16-ти трговски партнер на Р. Македонија, додека Албанија којашто е на само 160 км оддалеченост од Македонија е наш 25-ти надворешно-трговски партнер со вкупна трговска размена од 131 милион САД $. На настанот се дискутираше и за потребата за подобрување на патната и железничката инфраструктура по должината на Коридорот VIII. Од македонска страна се преземаат конкретни мерки за подобрување на инфраструктурната поврзаност, за што се обезбедени финансиски средства, во голема мера од меѓународни финансиски институции и дел од буџетот на Република Македонија. Покрај инфраструктурата, компаниите ги потенцираа и нетарифните бариери, различните прописи, неусогласените царински системи и големите давачки при извоз на стоки од Р. Македонија во Р. Албанија, како едни од основните пречки при обидот за продлабочување на економската соработка меѓу двете земји. Република Македонија во рамките на ЦЕФТА - Договорот за слободна трговија ги има идентификувано и проследено сите детектирани проблеми од бизнис заедницата до ЦЕФТА – Секретаријатот, а за решавање на истите, активно се залага и Коморскиот инвестициски форум, формиран од земјите на Западен Балкан.

**30.1.2018**

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ТЕМА: ПРОЕКТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ ТРОШОЦИ ПО МОДЕЛОТ НА „ESCO“

На 30 јануари 2018 година во Стопанската комора на Македонија, реномираната групација „ГГЕ“ од Словенија, одржа презентација на тема: Проекти за зголемување на енергетската ефикасност и намалување на оперативните трошоци по моделот на „ESCO“.



Групацијата „ГГЕ“ е водечка компанија во регионот во делот на енергетиката, којашто на компаниите им служи како бизнис партнер и консултант во делот на имплементацијата и изведувањето проекти за енергетика со намалени трошоци. Пристапот на „ГГЕ“ вклучува проценка на потенцијалните заштеди, дизајнирање енергетски решенија и реализација и финансирање на овие инвестиции, чиј краен ефект е намалување на потрошувачката на енергија и на трошоците за истата.

Групацијата „ГГЕ“ нуди широк спектар на решенија со иновативен модел на соработка со таканаречениот „ESCO“ модел (Energy Service Company), којшто нуди решенија за имплементација и финансирање на проект за енергетска ефикасност. Партнерството помеѓу клиентот и компанијата „ГГЕ“ којашто го користи „ESCO“ моделот му овозможува на клиентот да ја подобри енергетската ефикасност на објектите и постројките без да ги троши сопствените средства или да користи кредитни поволности.

На презентацијата присуствуваа повеќе од 40-тина претставници од 30 македонски компании од хемиската, кондиторската, млечната, конзервната индустрија, како и претставници на хотели и сместувачки капацитети и бањи.

**31.1.2018**

## ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА РАЗМЕНА НА ПРЕТПРИЕМНИЧКО УЧЕЊЕ ЗА ОДРЖЛИВОСТ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

На 31 јануари 2018 година, во хотелот „Александар Палас“, во организација на Македонско-бугарската стопанска комора, се одржа Конференција на тема: „Иницијатива за размена на претприемничко учење за одржливост на угостителските мали и средни претпријатија“ (“The Entrepreneurial Learning Exchange Initiative for Sustainable Hospitality SMEs in the Balkan-Mediterranean Region (HELIX)”.



Главна цел на иницијативата е да се зголеми компетентноста за одржлив бизнис и иновации особено меѓу малите и средни претпријатија во угостителскиот сектор на Балканот и Медитеранот, што би се постигнало преку развивање ефективни заедници за учење и пракса, алатки за учење и заеднички образовни понуди со цел зајакнување на секторските вештини за одржливост и усвојување технолошки и менаџерски иновации. Во своето обраќање, министерката без ресор во Владата на РМ, задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска, посочи дека воспоставувањето и обезбедувањето целосната инфраструктура е важен сегмент за развој на туризмот во регионот. - Приоритет на Владата е завршување на инфраструктурите проекти поврзани со коридорите 10 и 8, што секако ќе има свое влијание и на туристичко-угостителскиот сектор. Важно е да се подобри и образовната рамка преку воведување на дуалното образование кое преку зголемената практика може да има добар ефект врз подобрување на капацитетот на човечките ресурси во угостителството и зголемување на вработеноста, - додаде Апостолска.

Во своето излагање, Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, истакна дека политичката криза во Македонија траеше подолг период, што беше и еден од клучните фактори што имаше директно влијание и на економијата. Тој додаде дека, и покрај проблемите со коишто се` уште се соочуваме, македонската економија е исклучително жилава и одржливоста е на задоволително ниво. Тој се надева дека во иднина дуалното и

неформалното образование ќе придонесат за зголемување на бројот на стручни и компетентни кадри на пазарот на труд во сите индустриски гранки во Македонија.

На тема: „Одржливост на угостителскиот сектор во Македонија“, Соња Бибановска, претседател на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, истакна дека бизнис заедницата веќе подолг период наназад констатира серија слабости и проблеми во функционирањето на угостителската дејност. Во угостителско-туристичката дејност постои дефицит на стручни, обучени кадри од во секој сектор, не само во Република Македонија, туку и во целиот регион. Бибановска истакна дека современите и нови стандарди на занимања, потребно е во што покус можен рок да се стават во функција, што од друга страна ќе претставува континуиран процес на интегрирање на земјите од Балканот и Медитеранот со најновите европски програми. На тема: „Образовната понуда во туризмот, во делот на неформалното образование“, Горан Дамчевски, потпретседател на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, истакна дека неформалното образование со коешто се занимава во последните 10 години, им овозможува на вработените во угостителскиот сектор полесно да се надградат и да бидат компетентни на пазарот на труд. - Придобивките од неформалното образование се добредојдени за сите: државата ќе го намали бројот на невработени лица, со времено и постојано вработени стручни кадри во дадената област; на вработените и идните вработени за кратко време им се нуди можност да станат компетентни во својата област и на пазарот на трудот, а работодавачите ќе можат да ги искористат нивните потенцијали и да ја зголемат својата конкурентност, - истакна Дамчевски.

**17.2.2018**

## СРЕДБА МЕЃУ ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА КОМОРИТЕ И БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА - СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ПОИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ

По повод посетата на претседателот на Република Бугарија, д-р Румен Радев, на Република Македонија, на 17 февруари 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок на којшто, покрај претседателите на Република Бугарија и Република Македонија, присуствуваа и претседателите на стопанските комори од Македонија и претставници на бизнис заедницата.



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, во своето поздравно обраќање посочи дека досега Стопанската комора на Македонија има воспоставено одлична соработка со Трговско-идустриската комора на Бугарија, со којашто уште во 1994 година заеднички го иницираше создавањето на Асоцијацијата на балкански комори.

Вкупната трговска размена меѓу Република Бугарија и Република Македонија во 2017 година изнесува 665 милиони САД $, што претставува раст од 19,13% споредено со 2016 година. Извозот од 333 милиони САД $ има раст од 35,1%, додека увозот од 332,1 милиони САД $, бележи зголемување од 6,54% во споредба со 2016 година, при што за прв пат во последните 7 години, забележан е суфицит на македонска страна во висина од 0,83 милиони САД долари. Во 2017 година Република Бугарија е шести надворешно-трговски партнер на Република Македонија.

Потребно е владите на двете земји своите активности да ги насочат кон реализирање на веќе отпочинатите проекти за инфраструктурно и енергетско поврзување, според поставените рокови и обезбедените средства што, од друга страна, би придонеле во иднина трговската размена меѓу Р. Бугарија и Р. Македонија да се зголеми двојно. Д-р Иванов, посочи дека потпишувањето на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија со кој двете договорни страни се согласија за создавање неопходни правни, економски, финансиски и трговски услови за обезбедување на најшироко можно движење на стоки, услуги и капитал

и за поттикнување на заеднички инвестиции, придонесе за значаен раст на трговската размена меѓу двете земји во последните месеци од 2017 година.




Во наредниот период, покрај напорите за завршување на проектите за инфраструктурно и енергетско поврзување, владите на двете земји потребно е да се насочат кон дигитална трансформација и да се вклучат кон глобалните трендови, како и да одговорат на потребите на новите генерации во бизнисот. На ова поле Р. Македонија очекува интензивна поддршка од Р. Бугарија особено ако се земе предвид дека комесарот за дигитална економија и општество во европската комисија, г-ѓа Марија Габриел, е токму од Р. Бугарија. Претседателот на Република Бугарија, д-р Радев, посочи дека особено охрабрувачки е фактот што во време на недоверба, лоша инфраструктурна поврзаност и многу пропуштени можности, бизнис секторот продолжи успешно да соработува, што на владите на двете земји им дава нови насоки со јасно дефинирани цели и рокови за унапредување на соработката. Поддршката на Р. Македонија што побрзо да стане членка на НАТО и да ги отпочне преговорите за влез во Европската унија ќе бидат дел од клучните активности за време на бугарското претседателство со ЕУ. Дополнително, двете земји треба да работат и на билатерални проекти за подобрување на работата и спроведувањето на формалностите на граничните премини. Решавањето на овие клучни прашања ќе придонесе за забрзување на вкупните транспортни операции меѓу двете земји, а со тоа и експанзија на обемот на билатералната стоковна размена.

**22.2.2018**

## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА




Како дел од активностите за поддршка на институциите на Република Македонија во имплементација на реформите за олеснување на трговијата, Проектот на УСАИД за регионален економски раст - УСАИД РЕГ преку Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо во соработка со Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ на 22 февруари 2018 година, во просториите на Стопанската комора на Македонија се одржа Работилница за олеснување на трговијата.

Основната цел на работилницата беше информирање на деловната заедница за најновите глобални и регионални иницијативи насочени кон забрзување и поедноставување на постапките во прекуграничната трговија и обврските кои од нив произлегуваат за Република Македонија, како и запознавање на компаниите со резултатите од анкетата за бариерите во прекуграничните постапки спроведена од страна на УСАИД РЕГ Проектот и ИДЕАС ДеПо во текот на 2017 година.

Гордана Тошева, регионален координатор на активностите за олеснување на трговијата- Проект на УСАИД за регионалните економски раст –РЕГ, во своето излагање додаде дека Македонија како мала земја со ограничен пазар, во голема мера го базира својот раст и развој врз интензивна вклученост во регионалните и глобалните надворешно –трговски текови. Во тој контекст, степенот на трговската отвореност и ефикасност на движењето на стоките преку граница претставуваат клучни фактори на конкурентноста на македонската економија и правопропорционално

влијаат на нивоата на домашни и странски инвестиции и на потенцијалот на домашните компании за вклучување во глобалните синџири на вредност.

Во своето обраќање, г-дин Ѓоко Танаскоски, генерален директор на Царинската управа на Република Македонија истакна дека токму поради тоа што македонската економија во голема мера зависи од присутноста и конкурентноста на домашните компании на регионалните и глобалните пазари, Царинската управа своите активности интензивно ги фокусира кон имплементација на добри практики со цел олеснување и забрзување на протокот на стоки од и кон Република Македонија. Како резултат на постојаните напори за либерализација на трговската политика, во последните петнаесет години Република Македонија успеа да спроведе либерален надворешно- трговски режим, кој се карактеризира со: членство во Светската трговска организација (СТО) и користење на МФН царинските стапки; потполна либерализација на царинските постапки во взаемната трговија со земјите потписнички на ЦЕФТА спогодбата; бесцарински пристап до пазарите на ЕУ преку имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и потпишувањето на договорите за слободна трговија со Турција, Украина и земјите од ЕФТА. Досегашните аранжмани ја намалија царинската заштита со најважните трговски партнери на Македонија, но сепак останува фактот дека ефикасниот проток на стоките преку граница претставува важна конкурентска предност, со што се повеќе расте и актуелноста на напорите за олеснување на трговијата. Од тие причини во рамки на СТО беа иницирани преговори за глобално регулирање во насока на олеснување на трговијата и поттикнување на растот на светската трговија, кои во 2013 година резултираа со усвојување на мултилатералната Спогодба на СТО за олеснување на трговијата а којашто по ратификација од страна на 2/3 од членките на СТО, во февруари 2017 година стапи на сила – додаде Танаскоски.

За царинските застапници од особена важност е функционалноста на EXIM системот, бидејќи во моментов неговото функционирање кое има основна цел забрзување на постапките за царинење и побрз проток на стоки, не може да биде во целост исполнета кога имаме непостоење на безхартиена околина и одреден број на дозволи, а за кои треба да се преиспита нивната потреба. Заедничката контрола на граничните премини треба да профункционира во вистинска смисла, како и да има пошироко промовирање и употреба на поедноставените царински постапки, истакна Ѓино Шкријељ, претседател на групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори при Стопанската комора на Македонија.

Успешната имплементација на Спогодбата за олеснување на трговијата во Македонија ќе значи директна инволвираност на државните институции но и на приватниот сектор. Во планирањето и спроведувањето на реформите во оваа област, клучната улога ќе ја имаат компаниите коишто на транспарентен начин ќе можат да ги адресираат потребите и проблемите со коишто се соочуваат при извоз и увоз на стоки, подвлече Билјана Додевска, државен советник за евро-интеграции и меѓународна трговска соработка при Министерството за економија. Од тие причини, Спогодбата предвидува секоја земја да воспостави механизам за дијалог и координација, таканаречен Национален комитет за олеснување на трговијата, кој ќе ги планира и координира активностите за олеснување на трговијата и во кој покрај институциите надлежни за постапките во меѓународната трговија, ќе бидат вклучени и претставници од бизнис секторот. Покрај ратификацијата на Спогодбата на СТО, Република Македонија паралелно ги спроведе и преговорите со членките на ЦЕФТА при што сите земји од ЦЕФТА спогодбата едногласно го усвоија Дополнителниот Протокол 5, како задолжителен документ со кој земјите потписнички се обврзуваат да имплементираат конкретни активности за понатамошно забрзување на протокот на стоките во нивната меѓусебна трговија. Одредбите на Протоколот 5 се во голема мера засновани и усогласени со барањата на Спогодбата на СТО за олеснување на трговијата.

Република Македонија, како членка на СТО и ЦЕФТА, има обврска да продолжи со имплементација на реформите за олеснување на трговијата во насока на целосно усогласување на домашната легислатива и постапки со одредбите на СТО и Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата- истакна Златко Ветеровски, помошник директор во Секторот за царински систем во Царинската управа на Република Македонија. Ветеровски потенцираше дека во наредниот период Царинската управа на Република Македонија планира да превземе дополнителни активности за имплементација на реформите за олеснување на трговијата преку: поголема и транспарентна достапност на информации потреби за увоз- извоз на стоки; имплементација на нови софтверски решенија за обработка на царински декларации - без хартија и воведување на систем за следење на “pre-arrival” информации што ќе овозможи сите царински процедури да бидат завршени во внатрешноста, а преку границите пратките слободно да поминуваат без дополнителни задржувања. Воедно поактивно ќе се работи на концептот за воведување на овластен економски оператор, сертифицирање на одобрени трговци од Македонија коишто при увоз -извоз на стоки во ЦЕФТА земјите, а понатаму и во земјите од ЕУ, нема да подлежат на царински проверки. Приоритет на Царината ќе биде комплетно ревидирање на EXIM системот со што ќе се разграничи и ќе се намали бројот на потребните дозволи за внес и пуштање на стоки во слободно движење; формирање на заеднички тимови за контрола на граничните премини со цел олеснување на протокот на стоки на границите со Република Србија и Република Албанија.

**01.3.2018**

## БИЗНИС ДЕЛЕГАЦИЈА ОД КРАЛСТВОТО САУДИСКА АРАБИЈА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



На 28 февруари 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок помеѓу бизнис делегација од Кралството Саудиска Арабија и Република Македонија. Бизнис делегацијата ја прими претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со претставници од 15 реномирани македонски компании, додека бизнис делегацијата од Саудиска Арабија беше составена од 12 успешни бизнисмени.

Посетата на делегацијата се одржа на иницијатива на амбасадорот на Република Македонија за Кралството Саудиска Арабија, Н.Е. Абдулкадар Мемеди. Н.Е. Мемеди напомена дека оваа група успешни бизнисмени секоја година одржува бизнис собири во различни држави, со цел да најдат потенцијални можности за проширување на своето дејствување. Токму од тие причини, тој смета дека се од исклучителна важност и денешните средби со бизнис заедницата од Република Македонија. Претседателот Азески во своето обраќање истакна дека на Стопанската комора на Македонија и` причинува чест, после долго време, да угости делегација од Кралството Саудиска Арабија, и заеднички со стопанствениците од Р. Македонија да ги презентираат и да ги разгледаат потенцијалите и можностите за идна соработка меѓу двете земји.

Бизнис делегацијата беше предводена од почесниот конзул на Република Македонија во Џеда, Кралството Саудиска Арабија, господинот Абдулах Ал Наваисер. Тој во своето обраќање истакна дека во делегацијата којашто ја предводи има претставници на сериозни компании и субјекти кои дејствуваат не само во Саудиска Арабија но и пошироко, и кои заедно имаат над 6 милијарди САД долари годишен обрт. - Профилот и дејностите на компаниите покриваат различни индустриски сектори, како што се инженеринг и производство, градежништво, финансиски услуги, енергетика, недвижности, текстилна индустрија, прехранбена индустрија, хотелиерство и туризам и други, - додаде Наваисер. Тој напомена дека само во последната година Саудиска Арабија има инвестирано 350 милијарди САД долари во подобрување на инфраструктурната поврзаност, проект на којшто компании од соседните земји на Република Македонија активно учествувале, но, за жал, ниедна македонска компанија не била инволвирана во истиот. Од тие причини, смета дека во наредниот период потребно е активно да се работи на подобрување и зајакнување на релациите помеѓу двете земји, од коишто и двете страни би имале позитивни резултати. По завршувањето на официјалниот дел, компаниите од двете страни имаа можност да се претстават и да разменат контакти за понатамошна соработка.

**12.3.2018**

## ЈАКНЕЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ЕСТОНИЈА

Со цел унапредување и интензивирање на економската соработка помеѓу Република Македонија и Република Естонија, Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора за трговија и индустрија на Естонија, на 12 март 2018 година организираа Бизнис форум и деловни средби меѓу претставници од бизнис секторот од двете земји.

Бизнис форумот и деловните средби се одржаа во рамките на посетата на бизнис делегацијата од Република Естонија, предводена од Вајно Реинарт, потсекретар за развој и економски работи во Министерството за надворешни работи на Р. Естонија, а во соработка со Стопанската комора за трговија и индустрија на Естонија. Како дел од делегацијата беа присутни и еминентни естонски бизнисмени со кои што македонските компании имаа можност да остварат директни бизнис-средби од областите на: земјоделството и прехранбениот сектор; ИТ-технологиите и софтверски решенија во делот на управување со клиенти, одбрана, транспорт и логистика, комунални дејности, банки, штедилници и осигурителни компании, како и консултантски услуги.




-Тргнувајќи од фактот дека Естонија се препознава како една од земјите - лидери во креирањето иновативни софтверски решенија во насока на олеснување на административните процедури во државните институции, во системските решенија на компаниите, вклучително и програмските пакети за разни видови потреби на граѓаните, како дел од развојот на информатичката технологија, сегмент кој е исто така од особено значење и за македонската економија, сметам дека има простор за развивање и продлабочување на меѓусебната соработка на полето на информатичката технологија. Воведувајќи го е-државјанство, Естонија ги отвори вратите на својот пазар и овозможи отворање компании со само еден клик, без физичка присутност во државата, - истакна Пешев.

Пешев исто така додаде дека согласно структурата на економијата, соработката меѓу Македонија и Естонија, покрај ИТ-секторот, може да се развива и во делот на индустриите на кои се потпира естонската економија: електрониката, дрвната индустрија, текстилната индустрија, телекомуникациите, земјоделието (пред се` во делот на производство на жито, зеленчук, добиток, млечни производи и риба), што отвора простор меѓусебната соработка да се одвива и во овие индустрии.

-Македонија и Естонија иако се многу далечни, сепак се многу слични земји и од тие причини потребно е да се работи на интензивирање на соработката. Македонија ја оценуваме како земја во којашто владее одлична бизнис - клима и поволна даночна политика, фактори коишто се привлечни за естонските бизнисмени, - истакна Ваино Реинарт, потсекретар за економски работи и развој во Министерството за надворешни работи на Естонија. Тој додаде дека во последните три години соработката меѓу двете земји е зголемена за 15 пати, што е значителен напредок, но верува дека постои простор за уште позначајни резултати. Трговската размена меѓу Република Македонија и Република Естонија покажува неконзистентност, истата од година во година е променлива, што укажува на податокот дека не постои познавање на потенцијалите на двете земји и согласно на тоа не се воспоставени трајни деловни врски меѓу стопанствениците.

**20.3.2018**

## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ТАЈВАН ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА




На 20 март 2018 година во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок меѓу амбасадорот на Тајван во Република Италија, задолжен за Република Македонија, Република Албанија, Република Сан Марино и Малта, Н.Е. Хавиер Чинг-Шах Ху и Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Бидејќи ова беше прва посета на амбасадорот на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев ја претстави работата на Комората, нејзината историја, залагањата за бизнис-заедницата, идните подвизи што дополнително ќе придонесат за развој на бизнис-секторот во Република Македонија, како и условите за инвестирање во земјата. Н.Е. Хавиер Чинг-Шах Ху во разговорот со својот домаќин се заблагодари за приемот, истакнувајќи дека ваквите средби треба да станат редовна пракса и воедно го пренесе интересот на тајванската бизнис заедница за средби со свои потенцијални партнери од земјава. Тој истакна дека оваа посета претставува само почеток на мисијата за зближување и иницирање идна соработка меѓу Македонија и Тајван. На состанокот и двете страни се согласија дека во Република Македонија постои одлична инвестициска клима, којашто во наредниот период би можела поволно да се искористи од страна на тајванската бизнис заедница.

**22.3.2018**

## НАЈАВА ЗА ПОСЕТА НА БИЗНИС ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА ИРАН НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - АМБАСАДОРОТ НА ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА ИРАН ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА КОМОРАТА

На 22 март 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок меѓу амбасадорот на Исламската Република Иран во Република Македонија, Н.Е. Хосеин Карими, и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. На средбата се разговараше за можностите за зголемување на соработката и трговската размена помеѓу двете земји, а беше постигната согласност дека е неопходно приватниот сектор да биде главниот носител на економскиот раст.  Амбасадорот Карими ја потенцираше подготвеноста на Исламската Република Иран да обезбеди поддршка за зголемување на економската и трговската размена помеѓу двете земји, како и прифаќање на иницијативата на Иранската комора за трговија, индустрии, рударство и земјоделство, за одржување бизнис форум и билатерални средби меѓу стопанствениците од Исламската Република Иран и Република Македонија, во Република Македонија. Претседателот Азески додаде дека посетата на бизнис делегацијата од Иран ќе претставува голема можност за размена на информации и воспоставување партнерски односи на македонските компании со иранските претставници и можност за пробивање на нов пазар со големи потенцијали. Во насока на што поскоро реализирање на предвидените активности, двете страни одредија официјална посета на иранска бизнис делегација, да се реализира во периодот од 23-24 април 2018 година.

**23.3.2018**

## ОТВОРЕН КОНЗУЛАТ НА ЦРНА ГОРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП

Денес, во Штип, беше свечено одбележано официјалното отворање на  Конзулатот на Црна Гора, во Република Македонија. Почесниот конзул на Црна Гора во Република Македонија со седиште во Штип, г-дин Бранко Азески, ја истакна важноста на соработката и добрите односи меѓу двете земји, кои и понатаму треба да се унапредуваат, а отворањето на Конзулатот на Црна Гора во Република Македонија, со седиште во Штип, дополнително ќе придонесе за взаемното приближување и запознавање меѓу овие две земји, и тоа во прв ред на економски и културен план.



НЕ Предраг Митровиќ, амбасадор на Црна Гора во Република Македонија истакна дека Црна Гора и Република Македонија имаат одлични билатерлани односи, без отворени прашања, претставувајќи одличен пример за соработка во регионот. Тој додаде дека отворањето на Конзулатот ќе придонесе за продлабочување на досегашната соработка и подигање на дипломатските релации меѓу двете земји на повисоко ниво. Во наредниот период Црна Гора и Република Македонија интензивно ќе работат кон зајакнување на еконосмката соработка, за што ќе придонесе и новата директна авио линија на релација Скопје-Подгорица. Кога станува збор за билатералната соработка меѓу Република Македонија и Република Црна Гора, беше потенцирано дека двете земји како атрактивни туристички центри, треба повеќе да се заложат за развој на туристичкиот сектор преку заеднички промоции и понуда на туристички пакети,  атрактивни за домашните и за странските туристи, а посебно значајно на овој план би било и реализирањето на иницијативата за повторно воведување на авионската линија Скопје - Подгорица - Скопје, во

насока на обезбедување соодветна инфраструктура која ќе овозможи поголемо движење на луѓе, стоки и услуги во двата правци, што како крајна цел ќе придонесе за зголемен обем на економската соработка меѓу Република Црна Гора и Република Македонија. Добра можност за унапредување на трговската соработка се проценува дека постои во пласманот на свеж и преработен зеленчук и овошје и други земјоделски производи, како и во областа на градежништвото и метало-преработувачката индустрија. “Сепак за сето ова да се реализира мора да бидат надминати одредени проблеми кои го оневозможуваат и обременуваат процесот, а тоа се овозможување погодна инфраструктура и надминување на поголем број прекугранични бариери кои го кочат самиот процес. Развојот на соработката меѓу двете земји треба да се гледа и преку промоција и искорисување на компаративните предности на секоја од нив. Клучната претпоставка за успешна соработка и развој меѓу Црна Гора и Македонија првенствено зависи од институционалната рамка и способноста на сите нас да придонесеме за воспоставување на деловно опкружување кое ќе привлече капитал, нужно потребен да се забрза економскиот раст, но и да придонесеме за промоција на потенцијалите на земјите кои ги претставуваме, кои како мали земји, имаат неминовна потреба од соработка заради натамошен опстанок и развој, не само на економски план, туку и на политички план”, посочи почесниот конзул Бранко Азески. Обемот на вкупната трговска размена меѓу Република Македонија и Црна Гора во 2017 година изнесува 38,9 милиони САД $ и бележи зголемивање од 16,5% во споредба со минатата година.

**24.4.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА ФИНСКА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



На 24 април 2018 година Амбасадорот на Република Финска во Белград, Република Србија, задолжен за Република Македонија Н.Е. Перти Иконен реализираше официјална посета на Стопанската комора на Македонија и работен состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија, господин Бранко Азески. Претседателот Азески на состанокот потенцираше дека Македонија како мала земја во моментот е фокусирана на пазарите од земјите членки на ЕУ, коишто во вкупниот удел на извозот на Македонија имаат дури 70%. За таа цел потребно да се отворат нови пазари и да се пренасочи фокусот кон креирање нови можности за соработка за македонските компании. Потребно е да се работи на промоција на земјата и да се стремиме кон проодлабочување на бизнис релациите и економската соработка со земји како што е Република Финска – истакна Азески. Во Република Македонија постои голем потенцијал за развивање на дигитализацијата и напредните технологии, за што Република Финска може да и послужи како одличен пример, но и како партнер во имплентацијата на истите - истакна Амбасадорот Иконен. За таа цел, амбасадорот предложи организирање на бизнис форум чиј фокус ќе биде поврзување на македонските и финските компании што ќе придонесе за зајакнување на нивната соработка. Во насока на што поскоро релизирање на бизнис форумот, двете страни се согласија истиот да се реализира на 4 октомври 2018 година во Стопанската комора на Македонија. Претседателот Азески додаде дека оваа посета ќе биде во насока на ревитализација на економските врски и зацврстување на можностите кои ќе се постигнат преку интензивирање на соработка меѓу двете земји и поттикнување на заедничките активности меѓу бизнис заедниците од Република Македонија и Република Финска.

**26.4.2018**

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА ИРАН ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Со цел ревитализирање и продлабочување на билатералните и економските релации меѓу Република Македонија и Исламската Република Иран, на 26 април 2018 година, во Стопанската комора на Македонија се одржаа Бизнис форум и деловни средби со делегација од Исламската Република Иран.

Во своето поздравно обраќање, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, истакна дека оваа посета на делегацијата од Иран, составена од еминентни бизнисмени, членки на Иранската комора за трговија, индустрии, рударство и земјоделие, една од најзначајните комори во тој регион, претставува чекор кон отворање нови пазари и нови можности за соработка за македонските компании. Тој додаде дека сега е вистински момент да се вложат напори да се поврзат бизнис заедниците од двете земји, да ги ревитализираат економските врски и да се интензивира меѓусебната соработка. На македонските компании им се потребни нови пазари и обврска на коморите е да ги поврзат компаниите и да ги отворат вратите за соработка, - додаде Азески.

Азески истакна дека за олеснување на постапката за зголемување на трговската размена, потребно е двете земји со заеднички напори да ги елиминираат проблемите со кои се соочуваат компаниите при обид за меѓусебна соработка. Потребно е во што поскоро време да се решат проблемите со издавање визи, нецаринските бариери, процедурите за вадење потребна документација за увоз-извоз на стоки, како и да се елиминираат сите пречки коишто стојат на патот кон продлабочување на соработката. Претседателот на Иранската комора за трговија, индустрии, рударство и земјоделие, господинот Голам Хосеин Шафеи, истакна дека Исламската Република Иран со своите економски можности и инфраструктурни ресурси зема значајно место во светот. Тој додаде дека постои можност за соработка меѓу двете земји во делот на прехранбената и фармацевтската индустрија, медицинска опрема, земјоделието и рударството. Тој ја покани Стопанската комора на Македонија со своја бизнис делегација да ја посети Иранската комора во следниот период.




На Бизнис форумот, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, ги запозна присутните со поволностите кои инвеститорите ги добиваат доколку одлучат да инвестираат во Македонија, а воедно Аднан Ќахил, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, ја претстави програмата за раст на Владата на РМ во делот на инвестициите и во делот на поволностите за македонските компании и ги повика присутните домашни компании да соработуваат со цел да се овозможи развој на економијата и подобрување на меѓународниот углед и позиција на Република Македонија.

Амбасадорот на Исламската Република Иран во Република Македонија, Н.Е. Хосеин Карими, потенцираше дека е потребно зајакнување на економската соработка меѓу двете земји и поттикнување на потенцијалите коишто постојат, за што поскоро надминување на постојните бариери. За унапредување на соработката, Стопанската комора на Македонија на денешниот Бизнис форум потпиша и Меморандум за соработка со Иранската комора за трговија, индустрии, рударство и земјоделие, со цел воспоставување и развивање деловна соработка во рамките на дејностите, активностите, знаењето и искуството на секоја договорна страна, со цел заедничко унапредување на активностите, усогласување на посебните и заедничките интереси и за обезбедување на единствен професионален интерес на договорните страни.

На настанот учествуваа триесеттина претставници од македонски компании, кои што, по завршувањето на официјалниот дел, имаа можност да остварат директни средби со делегацијата од Исламската Република Иран.

**30.5.2018**

## УЧЕСТВО НА ДЕЛЕГАЦИЈА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА НА БИЗНИС ФОРУМОТ: „ФРАНЦИЈА - БАЛКАН 2018“

Од 30 мај до 1 јуни 2018 година, десетчлена бизнис делегација од Стопанската комора на Македонија ќе земе учество на тридневниот Бизнис форум: „ФРАНЦИЈА - БАЛКАН 2018“, што ќе се одржи во Белград, Република Србија. Овогодинешниот Бизнис форум се организира во соработка со „Business France“ и со поддршка на Амбасадата на Република Франција во Македонија, со цел продлабочување и интензивирање на досегашната соработка меѓу компаниите од Западен Балкан и Република Франција од областа на агроиндустријата, инфраструктурата, енергетиката, со фокус на обновливите извори на енергија, информатичките технологии и автомобилската индустрија. Главниот фокус на овогодинешниот форум е претставување на можностите и финансиската поддршка коишто Европската унија преку Берлинскиот процес и заедничките фондови ги нуди на земјите од Западен Балкан за поттикнување на економската соработка, како и полесно пробивање и наоѓање партнери за соработка со земјите од Европската унија. На денешната пленарна сесија на Бизнис форумот ќе се одржат панел дискусии на теми значителни за развојот на бизнис климата меѓу земјите од Западен Балкан и ЕУ. Експертите во своите области ќе одржат презентации на успешни бизнис приказни на француски компании на Балканот, а ќе се зборува и за финансиската помош и ресурси достапни за компаниите од регионот.

Во текот на утрешниот ден ќе бидат организирани 6 тркалезни маси со посебен акцент на агроиндустријата, автомобилската индустрија, инфраструктурата, енергетиката, информатичките технологии и дигитализацијата и можностите за инвестирање во земјите од Балканскиот регион. Компаниите - учесници на овогодинешниот Бизнис форум, во наредните три дена ќе имаат можност да остварат билатерални средби со потенцијални бизнис партнери од Франција, од земјите од Западен Балкан и од Кипар. На билатералните средби посебен акцент ќе биде ставен на наоѓањето потенцијални партнери во делот на: дистрибуција на француски технологии/продукти/услуги на домашните пазари; набавка на нова опрема и технологии од Франција за подобрување на домашните капацитети; наоѓање француски партнери за заедничко аплицирање на тендери; наоѓање француски партнери за инвестирање во зголемување и проширување на производствени капацитети на Балканот; наоѓање потенцијални партнери за заеднички настап на трети пазари и др.

**31.5.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА ШРИ ЛАНКА Н.Е. КАРУНАСЕНА ХЕТИАРАЧИ ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА




На 31 мај 2018 година Стопанската комора на Македонија ја посети амбасадорот на Демократската Социјалистичка Република Шри Ланка со седиште во Сојузна Република Германија, задолжен за Република Македонија, Република Црна Гора и Швајцарската Конфедерација, Н.Е. Карунасена Хетиарачи. Работната средба во Стопанската комора на Македонија беше во рамките на неговата тридневната посета на земјава, по повод предавањето на акредитивните писма на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорѓе Иванов. На состанокот беа разгледани можностите за иницирање соработка меѓу двете земји. На гостинот му беа презентирани поволните услови за инвестирање во земјава во слободните индустриски зони како и можностите за соработка меѓу двете земји во различни сектори и индустрии, како што се: земјоделието, прехранбената, текстилната, фармацевтската, градежната индустрија и во туризмот. Амбасадорот Хетиарачи истакна дека економијата на Шри Ланка е голема и има огромен потенцијал за извозно ориентираните компании од Македонија како и за локалните компании од Шри Ланка кои имаат интерес за инвестирање во Република Македонија, имајќи ја предвид можноста за извоз на производите во земјите од Блискиот исток, МАГРЕБ, Азија со кои Шри Ланка има воспоставено долгогодишна соработка и склучено договори за билатерална соработка во повеќе сектори. Можности за соработка постојат особено за малите и средните македонски фирми и тоа во агро - индустријата и прехранбениот сектор, текстилната индустрија, туризмот, како и формирање на конзорциуми за заедничко аплицирање на државни тендери помеѓу компании од Шри Ланака и Македонија. Во наредниот период потребно е да се работи на организирање посети на бизнис-делегации од двете земји, при што деловните луѓе би имале можност да се запознаат, да разменат искуства и да се договорат за соработка.

**12.6.2018**

## „ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАПАДНО ТЕТИЈСКИТЕ МЕТАЛОГЕНИ РЕСУРСИ“, ТЕМА НА 3–ОТ ЕВРОПСКИ ФОРУМ ЗА РУДАРСТВО И ИСТРАЖУВАЊЕ „MINEX EUROPE 2018“, ШТО СЕ ОДРЖУВА ВО СКОПЈЕ

Иновациите во испитувањето и вадењето руда, обработката, управувањето со отпад, перспективите на рударскиот бизнис во Европа и светот, се темите за кои ќе се дебатира на 3. Европски форум за рударство и истражување „MINEX EUROPE 2018“, под мотото „Одржлив развој на западно тетијските металогени ресурси“, што денеска и утре се одржува во Скопје и завршува третиот ден со посета на рудникот Бучим.

Во своето поздравно обраќање, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кочо Анѓушев истакна дека Владата на Република Македонија интензивно работи на нови законски мерки за стабилизирање на македонската економија и усогласување со стандардите и регулативите на развиените земји.




Амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија, г-дин Чарлс Гарет, ги претстави британските компании кои присуствуваа на Форумот, како и британските инвестиции во рударскиот сектор коишто веќе се присутни и работат на Македонскиот пазар и ги охрабри да ја прошират својата рударска експертиза во регионот.

Г-ѓа Кати Чаба, амбасадор на Канада во Република Србија задолжена и за Република Македонија во своето излагање додаде дека нашата земја има големи предности, што има пристап до минерални суровини, кои доколку се користат рационално можат да обезбедат раст на животниот стандард. Одговорното рударство може да одигра значајна улога во економскиот раст и општествениот развој, како и управувањето со рудниците. Канада има одличен углед во светот како бизнис лидер во користење на напредна рударска технологија и иновативен пристап во развојот и управувањето со рудниците, посочи амбасадорката Чаба, потенцирајќи дека одговорно, одржливо рударство не значи по автоматизам штета на другите економски сектори, како земјоделието или туризмот, туку може да коегзистира во хармонија со нив.

На првата панел дискусија на тема: Рударскиот сектор во Република Македонија, предизвици и потенцијали, г-дин Николајчо Николов, претседател на Македонската Асоцијација на рударството (МАР) при Стопанската комора на Македонија, потенцираше дека иако постојат големи потенцијали во рударскиот сектор за жал не се во целост искористени. Потребно е да се воведат нови и адекватни законски регулативи коишто ќе бидат усогласени со тие на развиените земји, со што ќе се овозможи правилно функционирање на рудниците и здрава и безбедна животна средина за населението.

Конференцијата организирана од МИНЕХ продолжува со реализирање на панел дискусии и конференицја на стручни теми во рамки на дејноста, со странски и домашни експерти, преставници на бизнис секторот, аналитичари.

**05.7.2018**

## АМБАСАДОРКАТА НА ЈАПОНИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



На 5 јули 2018 година, во Стопанската комора на Македонија, претседателот Бранко Азески и Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, оствари работна средба со амбасадорката на Јапонија во Р. Македонија, Н.Е. Кеико Ханеда.

Амбасадорката Ханеда се заблагодари за приемот и воедно изрази интерес во иднина ваквите средби да станат редовна пракса и на ниво на претставници на бизнис заедниците на двете земји.

На состанокот беа дискутирани и разгледани можностите како да се продлабочи релацијата помеѓу Јапонија и Македонија и да се зголеми економската соработка. Амбасадорката Ханеда истакна дека Јапонија е заинтересирана за инвестирање во Македонија и пренесување на своите бизнис практики и „know-how“ на нашиот пазар. Според амбасадорката, Македонија нуди одлични услови за сите јапонски компании коишто имаат потреба своите производствени капацитети да ги преселат тука, од североисточна Азија, Кина и Африка, и воедно полесно да ги пласираат своите производи на европскиот пазар.

Претседателот Азески истакна дека на Македонија треба да се гледа како стратешки партнер и мост за поврзување на Јапонија со останатите земји од балканскиот регион, но и Европа. Азески додаде дека Македонија е земја отворена за соработка, проевропски ориентирана, со одлични поволности за инвестирање и развој на бизнисите според потребите на ЕУ.

Според амбасадорката Ханеда, размената на информации и искуства е многу важен фактор за креирање позитивна перцепција за земјите, кај бизнисмените од двете земји. Многу јапонски компании се присутни веќе на европскиот пазар, но потребно е да се запознаат и со бизнис климата во земјите во „периферијата“ на ЕУ, коишто, според неа, можат да придонесат за поголем успех, развој и пласман не само на европскиот, туку и на балканскиот пазар. Според амбасадорката, со отворањето на јапонската амбасада во Скопје, се создаваат предуслови за продлабочување на економската и трговската соработка помеѓу двете земји, преку реализација на почести посети на бизнис делегации од Јапонија на Македонија и обратно, но и поинтензивна работа на заеднички проекти.

Јапонија е 28-ми трговски партнер на Р. Македонија во периодот јануари - април 2018 година.

**10.9.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА ФИНСКА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - БИЗНИС ФОРУМ „DOING BUSINESS WITH FINLAND“



Амбасадорот на Република Финска во Белград, Република Србија, задолжен за Република Македонија, Н.Е. Перти Иконен, во официјална посета на Стопанската комора на Македонија, одржа работен состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески (10 септември 2018 година). На средбата се разговараше за можностите за зголемување на соработката и трговската размена меѓу двете земји, при што беше постигната согласност дека е неопходно бизнис секторот да биде главниот носител на економскиот раст. Стопанската комора на Македонија активно работи во насока на отворање нови пазари и пренасочување на фокусот преку креирање нови можности за соработка за македонските компании со активна промоција на земјата и нејзините потенцијали и продлабочување на бизнис релациите со земји како што е Република Финска. Претседателот на Комората Азески и Амбасадорот на Република Финска задолжен за Македонија, Н.Е. Перти Иконен, констатираа дека во следниот период освен активности во насока на мотивирање на поголема економска соработка, заеднички ќе бидат иницирани и настани преку кои Финска ќе го пренесе знаењето и искуството и на други полиња од општествениот развој кои директно или индиректно влијаат и на економскиот развој на земјата во целост.

**04.10.2018**

## БИЗНИС ФОРУМ: „DOING BUSINESS WITH FINLAND“

Во насока на претставување на можностите за соработка и директни поврзувања на компании од Република Македонија со компании од Република Финска, како и со останатите скандинавски земји, а со цел унапредување и интензивирање на економската соработка, Стопанската комора на Македонија, во соработка со Амбасадата на Република Финска во Република Србија и „Finnpartnership“, организираше Бизнис форум на тема: „Doing Business with Finland“.

Во своето поздравно обраќање, Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, истакна дека ова е прв настан од ваков вид кој Стопанската комора на Македонија го организира во соработка со

Амбасадата на Република Финска, наменет пред се` за развивање на соработката со компаниите од информатичко-комуникациските технологии, прехранбената индустрија, металната индустрија, но и во делот на третирање на отпадот, каде македонскиот модел е поставен во согласност со скандинавскиот.




Министерот за економија во Владата на РМ, м-р Крешник Бектеши, во своето обраќање истакна дека оваа иницијатива за продлабочување на соработката меѓу Република Македонија и Република Финска е од големо значење за поттикнување на нови форми на соработка и зголемување на целокупната трговска и економска размена меѓу двете земји.

Амбасадорот на Република Финска во Република Србија, задолжен за Република Македонија и Република Црна Гора, Н.Е. Перти Иконен, истакна дека соработката меѓу двете земји е на незадоволително ниво, но дека со приближувањето на Македонија кон ЕУ, сѐ повеќе ќе се зголемува нејзината економска соработка со сите земји-членки на Унијата. Тој во своето обраќање додаде дека е потребно македонските компании да бидат пофокусирани и сконцентрирани кон целта за освојување на финскиот пазар, преку следење на трендовите и имплементација на иновативни решенија коишто ќе влеат од една страна доверба кај финските партнери, но ќе создадат и можности за присуство на пазарите на останатите нордиски земји.

По официјалниот дел, Патрик Бредбадцка, програмски директор на „Finnpartnersip“ и „Finfund“, со својата детална презентација ја претстави бизнис климата во Република Финска, „on-line“-алатките што ги нуди „Finnpartnership“ за сите македонски компании заинтересирани за соработка со фински компании, како и профилите на финските компании коишто веќе го истражиле македонскиот пазар, препознале потенцијал и изразиле интерес за соработка со компании од Република Македонија.

На настанот присуствуваа повеќе од 40 претставници на македонски компании, кои што воедно имаа можност да се претстават пред присутните претставници од Финска и да остварат контакти во насока на понатамошна соработка.

**26.10.2018**

## НОВИ БИЗНИС АКТИВНОСТИ, ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И РАСТ НА ИЗВОЗОТ НУДИ ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МЕКСИКАНСКИ БИЗНИС СОВЕТ И СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА




Можности за зголемување на соработката со Мексико, отворање нови полиња за бизнис и интензивирање на деловните партнерства, нуди Договорот за соработка што го имаат потпишано мексиканскиот бизнис совет за надворешна трговија, инвестиции и технологија и Стопанската комора на Македонија пред неполни две години. Потенцијалот за продлабочување на деловната комуникација е возможна само преку остварување директни средби на бизнисмените од двете земји. За таа цел во следната 2019 година ќе се работи на организација на конкретни бизнис активности за поврзување на компаниите кои имаат интерес за нови пазари, нови партнерства кои нудат долгорочна соработка, е констатирано на денешната средба остварена од страна на Н.Е. Марко Антонио Гарсија Бланко, амбасадор на Мексико задолжен за Република Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина со седиште во Белград со Минчо Јорданов, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и Билјана Пеева- Ѓуриќ, в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија.

Потпретседателот на Комората Јорданов, истакна дека бизнис заедницата во Македонија економскиот развој и перспективата на земјата ја гледа преку, раст на извозот, освојување нови пазари, воспоставување нови деловни врски, што во иднина би требало да донесе и поголеми бенефиции во вкупната извозна структура на земјата, зголемување на соработката со земјите ширум светот, и секако со Мексико. Тој истакна дека за македонските компании од големо значење е да ја надминат перцепцијата дека големи пазари како што е Мексико, се тешко освоиви. Напротив, со поголем ангажнам, спремност и поенергичен пристап може да се покажат позитивни резултати.

Н.Е. Марко Антонио Гарсија Бланко, истакна дека по реализацијата на Бизнис форумот – Македонија - Мексико, којшто се пред година и половина, е завршена првата фаза на запознавање и разбивање на митовите коишто постоеја за двете земји. Форумот оцени амбасадорт, вроди со успех и зголемување на соработката, за што говорат и статистичките податоци. Иако истите се на незадоволително ниво, за поттикнување на бизнисот потребно е време и трпение но и упорност којашто на крај ќе резултира со позитивни резултати и за двете страни.

**30.11.2018**

## ОДРЖАНИ БИЗНИС ФОРУМ И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ ВО АТИНСКАТА КОМОРА ЗА ТРГОВИЈА И ИНДУСТРИИ

-Ме радува што по подолг временски период, успеавме да ја собереме оваа бројна бизнис делегација од двете земји на едно место. Бизнисот е од особено значење за овие две соседни, пријателски и геостратешки важни земји. Постои голем потенцијал за интензивирање и продлабочување на досегашната соработка меѓу бизнис заедниците на двете земји, особено во делот на иновациите, новите технологии и подобрувањето на услугите и продуктите за полесен пристап на трети пазари. Во иднина со поддршка на владите од двете земји, коморите ќе се обидат што поинтензивно да работат на реализација на идните планови за доброто на бизнис заедниците, но и економиите на двете земји, - истакна господин Константинос Михалос, претседател на Атинската комора за трговија и индустрија, во своето поздравно обраќање на Бизнис форумот и билатералните средби, што се одржаа во Атинската комора за трговија и индустрии, на 30.11.2018 година.

Даниела Михајловска Василевска, како претставник на Стопанската комора на Македонија, додаде дека бизнисот е тој кој прв гради мостови и линкот кој ја одржува билатералната соработка помеѓу две земји, дури и кога политичките процеси затајувале, а соработката со Грција е веројатно најдобриот доказ за тоа. -Години наназад, деловните врски од двете страни на границата непречено се развиваа - компаниите од двете земји секојдневно соработуваа, реализираа инвестиции и заеднички проекти, - додаде Василевска.

Со потпишувањето на Договорот за решавање на македонско-грчкиот спор за името и за стратегиско партнерство од страна на владите на двете земји, за очекување е дека ќе се решат сите отворени прашања коишто двете земји ги имаат низ годините и до сега претставувале пречка за поинтензивна и подлабока соработка на политичко ниво, но и во бизнис секторот.

Важно е да се истакне дека голем број грчки компании го имаат согледано потенцијалот и условите за инвестирање во Македонија, уште пред многу години, што ја прави Грција трет најголем инвеститор во Република Македонија во изминатите неколку години. Стотици компании со грчки капитал долги години наназад успешно работат во земјава во повеќе различни сектори како што се банкарскиот сектор, енергетиката, прехранбената и текстилната индустрија, градежништвото и трговијата на мало, вработувајќи повеќе десетици илјади работници. Македонија е блиска земја, не само географски, туку и културно и историски. Канцеларијата за врски на Грција во Македонија е спремна да ја даде целата поддршка и помош за сите компании заинтересирани за соработка и инвестиции во Македонија. Во комуникација со надлежните министерства и институции во земјата, значително ќе им го олесниме пристапот до пазарите на нашите компании, - истакна госпоѓа Пагона Ларда, прв советник за економски и трговски работи при Канцеларијата за врски на Република Грција во Скопје.

Двете страни се согласија дека ваквите средби се во полза на компаниите и придонесуваат за подобрување на економските односи помеѓу двете држави, зголемување на трговската размена и преземање заеднички активности за поттикнување на идна соработка на полето на инвестициите во различни индустрии, растењето на капацитетите на компаниите и заедничка соработка во делот на проекти за научни и иновативни истражувања. Бизнис заедниците немаат време за чекање и коморите се тие коишто ги преземаат првите чекори. Организирањето на овој Бизнис форум во Атина, а и следниот во Скопје, ќе ги поттикне стопанствениците подобро да се запознаат и да се информираат за продлабочување на можностите за соработка, за да можат максимално да го искористат создадениот деловен амбиент од страна на владите на двете земји, за доброто на двете држави.

**29.6.2018**

## АЗЕСКИ ВО ПОДГОРИЦА - ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ИЗВОЗНИТЕ КАПАЦИТЕТИ МОРА ДА ОСТАНЕ ПРИОРИТЕТ ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески зема учество на завршната регионалната конференција "Западен Балкан и ЕУ - каде продолжуваме понатаму", која се одржува во Подгорица, Црна Гора од 28-30.06.2018 година.

Азески, заедно со претседателите на Стопанските комори, членови на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) се обрати на панелот посветен на прашањата за улогата на стопанските комори во креирањето на партнерство помеѓу бизнис заедницата и граѓанскиот сектор во процесот на европски интеграции на земјите од Западен Балкан.




Стопанските комори во регионот на Западен Балкан преку формирањето на Коморскиот инвестициски форум дадоа свој конструктивен придонес во насока на обезбедување поддршка на Владите да ги направат неопходните економски реформи, како предуслов да се обезбеди зголемување на конкурентноста на регионот, како основен фундамент за раст на извозот и вработувањето, паралелно со политичкото и нормативното приближување кон ЕУ.

Во рамките на панелот, се дискутираше како можат да бидат надминати старите политички и историски проблеми преку нова зголемена економска соработка на регионот, и колку за овие процеси можат да придонесат регионалната, билатералната и мултилатералната соработка во регионот на земјите од Западен Балкан.

**03.7.2018**

## КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ – НЕОПХОДЕН Е РЕАЛЕН НАПРЕДОК ВО РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА, ШТО ЌЕ ДОНЕСЕ ВИДЛИВИ ПРИДОБИВКИ ЗА КОМПАНИИТЕ

Во пресрет на одржувањето на Самитот на министрите за економија, кој ќе се одржи на 4 јули 2018 година во Виена, Австрија, како дел од „Берлинскиот процес“ и Самитот во Лондон следната недела, Коморскиот инвестициски форум ги сумираше заклучоците од постигнатите резултати една година по усвојувањето на Повеќегодишниот акциски план за спроведување на Регионалната економска област, и отворањето на Секретаријатот на Коморскиот инвестициски форум во Трст.

Chamber Investment Forum

Од Стопанската комора на Македонија, која е еден од основачите на Коморскиот инвестициски форум, посочуваат дека се поздравува напредокот што до сега беше постигнат во имплементацијата на Повеќегодишниот акциски план за спроведување на Регионалната економска област, особено назначувањето на координатори за регионална економска соработка во рамките на кабинетите на премиерите, напредокот постигнат во насока на усвојување и спроведување на сите протоколи на ЦЕФТА, напредокот постигнат во овозможувањето воведување електронски документи со цел да се намали времето на чекање на камионите во регионот, напредокот постигнат со признавањето на квалификациите во рамките на регионот. Сепак, посочуваат дека, претставувајќи ја бизнис заедницата во регионот, потребен е реален напредок во регионалната економска интеграција, која ќе донесе видливи придобивки за бизнисите

Агендата за регионална соработка треба да биде резултат на заемно признаени интереси на сите регионални засегнати страни, при што ќе се адресираат развојните приоритети на секое стопанство и ќе се стават во контекст на регионален развој со цел да се создаде економска област што ќе биде конкурентна на глобално ниво.

Формулирани се конкретни препораки, како придонес на бизнис заедницата од регионот за поефикасна имплементација на проектите кои се од важност за економскиот просперитет на регионот, кои од страна на Коморскиот инвестициски форум ќе бидат претставени на состанокот што ќе се одржи на (4 јули 2018 година).

**05.7.2018**

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД 5. САМИТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ВИЕНА – ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ

На состанокот на министрите за економските ресори, кој се реализираше во рамките на Петтиот Самит за Западен Балкан, на 4 јули 2018 година во Виена, беше разгледуван и придонесот на Коморскиот инвестициски форум во процесот на воспоставување на дијалогот помеѓу бизнис заедницата од регионот и европските институции, со цел да се олесни работењето на компаниите од регионот на Западен Балкан.

Коморскиот инвестициски форум, предводен од Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија, и Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, работи на маркирање на проблемите со кои се соочуваат компаниите од регионот на Западен Балкан, и со поддршка на Европската унија се работи на што побрзо отстранување на препреките за работење и инвестирање во регионот.



Во Заклучоците од состанокот кој се реализираше во рамките на Петтиот Самит за Западен Балкан, особено беше потенцирана улогата која Коморскиот инвестициски форум преку својот Секретаријат во Трст ја имаше во развивањето на јавно-приватниот дијалог и унапредувањето на конкурентноста на регионот на Западен Балкан, залагањето за отстранување на бариерите за меѓусебна соработка и креирањето на поволно деловно опкружување за поттикнување на странски инвестиции. При тоа, беше поздравено лансирањето на инвестициската платформа (http://investinsee.com/), која го претставува регионот како единствена инвестициска дестинација, и функционира како централна точка од која потенцијалните инвеститори ги добиваат сите потребни информации за инвестирање во земјите од Западен Балкан, вклучувајќи пристап до база на податоци за макроекономските показатели, правната рамка, пазарот, финансиските и други стимулации, потенцијалните партнери и добавувачи, како и конкретни проекти во кои може да го вложат својот капитал.

**17.5.2018**

## АЗЕСКИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ СИМПОЗИУМ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ: ЗА ДА СЕ ИСКОРИСТАТ ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА НАШЕТО СТОПАНСТВО МОРА ДА СЕ ВЛОЖУВА ВО ИСТРАЖУВАЊА И РАЗВОЈ

Претседателот Азески свое обраќање имаше на панелот посветен на прашањата за инвестициските политики на земјите во развојот на дигиталната ера, со презентација на моделите и стратегиите за забрзан развој на малите земји преку примерот на Македонија. Азески се осврна на институционалната политика на земјите во развој во процесот на дигиталната ера, во услови кога економскиот раст и развој на една земја најмногу зависат од пазарната ефикасност, технолошката опременост, високото образование и обуката на вработените



Азески посочи дека успешноста во справувањето со предизвиците во остварувањето на развојните проекции и искористувањето на потенцијалните можности на нашето стопанство, во значаен дел, зависи од вложувањата во истражување и развој, како и примената на иновации и нови технологии.

-Стопанската комора на Македонија и понатаму активно ќе биде вклучена во имплементирањето на современите технолошки решенија, следејќи ги глобалните трендови од една страна, но и барањата и потребите на компаниите, од друга страна, - истакна Азески на крајот од своето излагање.

Дигитализацијата и развојот на технолошките процеси ги менуваат навиките и начинот на живот на луѓето во едно општество, а секое воведување нова технологија доведува до експоненцијален раст на една држава.

**26.8.2018**

## СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И НАД ДВАЕСЕТИНА МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ УЧЕСТВУВААТ НА 56. МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ХРАНА „АГРА“, ШТО СЕ ОДРЖУВА ВО ГОРНА РАДГОНА, СЛОВЕНИЈА

Стопанската комора на Македонија и над дваесетина македонски компании учествуваат на 56. Меѓународен саем за земјоделие и храна „АГРА“, што се одржува во Горна Радгона, Словенија. На заедничкиот македонски штанд, организиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, учествуваат и Агенцијата за поддршка на странски инвестиции и Агенцијата за туризам на Република Македонија.

Штандот со македонски производи го посетија многубројни посетители, граѓани, стопанственици од Словенија и од Европа, а за одбележување е посетата на Дејан Жидан, претседател на Собранието на Република Словенија и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Стопанската комора на Македонија ја претстави својата организациона структура, регионалната поставеност и здруженијата од сите стопански области. Посебно беа презентирани капацитетите и можностите на македонските компании од областа на земјоделството, како тематско претставување на Саемот „АГРА“. Забележителен беше големиот интерес за штандот на македонските винарници, кои ги презентираа своите вина со врвен квалитет, потоа

македонските компании од прехранбената индустрија кои покажаа вкусни и квалитетни производи што се` повеќе се пласираат на меѓународниот пазар. Мошне богата беше понудата на македонските производители на органски производи, со високи меѓународни стандарди и одличен квалитет, веднаш препознаен од посетителите, дегустаторите и стопанствениците од другите држави.

**29.8.2018**

## НА 28.8.2018 ГОДИНА СЕ ОДРЖАА БИЗНИС СРЕДБИ НА „АГРА“

Во рамките на 56. Меѓународен саем за земјоделство и храна „АГРА 2018“, Стопанската комора на Македонија беше коорганизатор и учествуваше со претставници на македонските компании од аграрот на бизнис-средбите „MEET4BUSINESS" – „АГРА 2018“, што се одржаа на 28.8.2018 година во Горна Радгона, Словенија.

Саемот „АГРА“ со својата повеќе од 50-годишна традиција е најголемиот и најважен саем од ваков вид во централна Европа кој успеа да воведе модерен начин на преработка на почвата и искуството за производство на квалитетна храна го пренесе на новата генерација. Имаше презентации од над 1800 излагачи од повеќе од 30 земји.

Бизнис средбите имаа за цел да иницираат бизнис и технолошка соработка, на претходно договорени 25-минутни состаноци. Основа на состаноците беа подготвените електронски каталози кои ги содржеа сите профили на компетенции и капацитети на секој учесник.

Тематскиот фокус на средбите беа: храната, земјоделството, пакувањето и техниките на пакување, логистиката и шумарството.

Пријавените 80-тина учесници одржаа 100-тина билатерални деловни средби, подржани од ЕЕН-Ппроектот. Учесници од Република Македонија имаше 20-тина, а учествуваа и претставници од земјата домаќин Словенија, од Австрија, Унгарија, Хрватска, потоа имаше учесници и од Кина, Индија и од неколку земји од Африка.

**27.11.2018**

## БИЗНИС СРЕДБИ НА КОМПАНИИ ОД АГРОСЕКТОРОТ ОД БУГАРИЈА И МАКЕДОНИЈА

Во организација на „Enterprise Europe Network“ - Стопанска комора на Македонија и ЕЕН - Сандански, Бугарија, на 27 и 28 ноември 2018 година, во Струмица, се одржуваат Бизнис средби и форум меѓу македонски и бугарски компании од областа на аграрот.

На настанот присуствуваат над 100 компании од земјоделскиот сектор, кои се занимаваат со конвенционално и органско производство на храна, односно производители на градинарски производи и овошје, компании од прехранбената индустрија, производители на пијалаци, трговски друштва од областа на аграрот, пчеларството и компании и консултанти за заштита на растенијата.



Производителите, трговските друштва и консултантите за заштита на растенијата од двете земји - Бугарија и Македонија, пројавија огромен интерес за настанот и реализираа многубројни деловни средби. Компаниите разговараа и договараа за унапредување на деловната соработка за производство и трговија на прехранбени производи и пијалаци; машини за земјоделство и опрема; хемиски производи за земјоделство; пакување; обновлива енергија; логистика, применета наука и истражување и иновативни технологии во земјоделството.

Во рамките на форумот се презентираат нови трендови, иновации и новата законска регулатива за заштита на земјоделските растенија во ЕУ, методи за модернизација на одгледување на почвата и искуства за производство на квалитетна храна од поновата генерација.

Посебен интерес присутните покажаа и за проектот Enterprise Europe Network преку кој се овозможува интернационализација на стопанските активности и изнаоѓање на нови парнери за билатерална соработка и заеднички настап на трети пазари.

**18.1.2018**

## ЗАЕДНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ – ПОТТИК НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА

Стопанската комора на Македонија со Коморите од Србија и Црна Гора отпочнаа активности за изработка на регионални дестинации како поттик за раст на бројот на туристи во регионот но и зголемување на учеството на туризмот во вкупната регионална економија. Коморите од регионот здружени во Коморскиот инвестициски форум, кои се целосна подршка на туристичките работници во креирањето и брендирањето на регионалните дестинации, преку КИФ имаат за цел да ги детектираат проблемите со кои се соочуваат туристичките агенции, тур операторите, угостителите при реализрање на овие активности и да работат на изнаоѓање решенија за нивно надминување.

**04.4.2018**

## ПОИНТЕНЗИВНА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА СО ПОДДРШКА НА ВЛАДИТЕ НА ДВЕТЕ ЗЕМЈИ – ПОРАКА ОД МАКЕДОНСКО-СЛОВЕНЕЧКИОТ БИЗНИС ФОРУМ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



Има потенцијал, можности и основ за раст на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија, како две традиционално пријателски земји. Потребно е интензивирање на трговските и инвестициските активностите поткрепени со политичка поддршка, беше заклучено на денешниот Македонско-словенечки бизнис форум во рамките на кој се одржаа и деловни средби меѓу компании од двете земји.

Бизнис форумот организиран од стопанските комори на Македонија и на Словенија, а поддржани од претседателите на владите на двете земји, во соработка со Амбасадата на Република Словенија во Скопје, во присуство на повеќе од 130 учесници, покажа дека постои интерес за еден од традиционалните регионални пазари на Македонија. Треба само да се најдат начини и модели како да се работи на зголемување на соработката и отворање на нови можности.
На крајот на Бизнис форумот, на барање на претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, словенечкиот премиер Церар даде силно уверување за поддршка на Македонија за влез во Европската унија и во НАТО, а премиерот Заев вети дека Владата на Република Македонија ќе го стимулира растот на економската соработка меѓу двете земји за да може до 2020 година истата да достигне до половина милијарда американски долари.

**31.5.2018**

## РЕАЛНИ БИЗНИС ЗДЕЛКИ И МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА НА НИВО НА КОМПАНИИ НО И НА ДРЖАВНО НИВО ЗА МАКЕДОНИЈА, ВЕТУВА ВТОРИОТ ДЕН ОД РЕГИОНАЛНИОТ БИЗНИС ФОРУМ СО ФРАНЦИЈА ВО БЕЛГРАД

Под мотото „Запознај го својот иден партнер од Франција и Балканот“, продолжува тридневниот бизнис форум „Франција - Балкан 2018“, кој се одржува во Белград. Македонските компании - учесници на Форумот, како дел од четириесетчлената делегација, одржаа серија билатерални средби со потенцијални партнери од регионот и директно со француските компании присутни на настанот, на којшто присуствуваат над 400 компании од 12 држави.
Покрај Германија, како наш најголем бизнис партнер, економскиот форум претставува одлична можност за потенцијални бизнис активности и со партнери од Франција во делот на дистрибуција на француски технологии, продукти, услуги на домашните пазари, набавка на нова опрема и технологии од Франција за подобрување на капацитетите, наоѓање француски партнери за заедничко аплицирање на тендери, како и за инвестирање во зголемување и проширување на производствените капацитети на Балканот. Се отвора можност и за регионално поврзување и потенцијално партнерство за заеднички настап на трети пазари.

**12.7.2018**

## РЕГИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ ПРЕКУ ПЛАТФОРМА ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РАМКИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Во рамките на активностите за регионална интеграција на земјите од Западен Балкан, едно од многуте важни прашања е воспоставување регионален приод на системот на средно стручно образование и обука.

Недостигот на стручен кадар со средно образование, надополнет со одливот на кадри надвор од земјите на Западен Балкан, како и трендовите во Европа и во светот на дигитализација, автоматизација на процесите, комјутеризација, глобализација, се предмет на анализа и решенија во рамките на Проектот „Иницијатива за реформа во образованието во Југоисточна Европа“ („ERI СЕЕ“), поддржан од „Култур Контакт“ од Австрија.

**03.9.2018**

## ПОДДРШКА НА ИЗВОЗОТ, ИНФРАСТРУКТУРАТА И ИНВЕСТИЦИИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН - ПОРАКА ОД ЗАЕДНИЧКАТА СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА И НА КОСОВО, АЗЕСКИ И РУКИЧИ

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, заедно со претставници од бизнисот во земјата, реализираше работна средба со претседателот на Стопанската комора на Косово, Берат Рукичи, на која претходеше и заедничка посета со делегацијата од Косово на последната делница што е изградена од автопатот кој се гради кон Македонија, во близина на Урошевац (Феризаи).

-Средбата се реализираше директно на градилиштето каде е завршена уште една делница од автопатот кон Македонија со цел на таков начин бизнис секторот да ја изрази поддршката на инвестиционите активности во инфраструктурата кои се всушност и основата за развој на секоја земја која има за цел економски раст, - потенцираше претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.




-Бизнис секторот, посочи Азески, конечно лоцираше дека основата на развојот на земјите од Западен Балкан е регионалниот развој како што впрочем се развиваат и регионите во Европа кои се дел од Европската унија. Триесет години одевме во погрешна насока, создавајќи, творејќи, но бизнисот препознава кои се основните предуслови за раст. Не е логично да имаме мала регионална соработка, а многу голема со земји кои се илјадници километри далеку од нас.

**20.9.2018**

## МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ОД МЕТАЛНАТА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ПАЗАРИ, НО СО ПРЕТХОДНА СЕРТИФИКАЦИЈА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА

-Организирањето на Македонско-австриските деловни средби ги одразува повеќе од една деценија континуираните деловни активности на Стопанската комора на Македонија и Трговското одделение на Амбасадата на Австрија во Република Македонија, со цел унапредување и интензивирање на вкупната економска соработка помеѓу двете земји. Во таа насока беа организирани и денешните Македонско-австриски деловни средби, кои се одржаа во Стопанската комора на Македонија, а на коишто акцент на продлабочување на соработката е ставен на металната и метало-преработувачката индустрија, - истакна Даниела Михајловска Василевска, координатор на Дирекцијата на здруженијата и регионалните комори при Комората.

Металната и електроиндустријата учествуваат со околу 30% во вкупниот извоз на земјата кон странство, со тенденција на континуиран раст. Ваквото зголемување се должи пред се` на зголеменото производство во сите гранки од металната и електроиндустријата. Учеството на секторот во бруто домашниот производ изнесува околу 5,5%.
Најголем извоз е остварен во производството на моторни возила, производството на машини и опрема. Според статистиката, над 80% од производството се пласира во земјите на ЕУ, поранешните ЈУ-републики, Југоисточна Европа, САД и други земји, а останатиот дел на домашниот пазар.
Секоја наредна година Австрија зазема се` повисоко место како трговски партнер на Македонија. Од 19-ти партнер во 2016 стана 12-ти во 2018 година. Структурата на застапеност на производите во размената, и на страната на увозот и на извозот е перманентно идентична.

**20.3.2018**

## СРЕДБА СО ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА АВСТРИЈА, РИЧАРД ШЕНЦ - ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ДУАЛЕН СИСТЕМ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

На 20 март 2018 година, потпретседателот на Стопанската комора на Австрија, Ричард Шенц, реализираше посета на Стопанската комора на Македонија и одржа состанок со оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Елена Милевска Штрбевска.




На состанокот на којшто присуствуваше и Н.Е. Ренате Коблер, амбасадорка на Република Австрија во Република Македонија, беше изразено задоволство од досегашната одлична институционална соработка во повеќе области од заемен интерес.

Можностите за воведување дуално стручно образование во образовниот систем на Република Македонија беше една од темите за разговор, со цел продолжување на активностите и заложбите на двете институции за поттикнување, унапредување и обезбедување стручен кадар во согласност со потребите на приватниот сектор.

-Токму по примерот на успешните системи на дуално образование што функционираат во западните земји како Австрија, Германија и Швајцарија, улогата на Стопанската комора на Македонија во изминатиот период беше клучна во процесот на реформирање на средното стручно образование при поврзување на приватниот сектор и средните стручни училишта, во делот „учење преку работа“ – истакна м-р Милевска Штрбевска.

Потпретседателот на Стопанската комора на Австрија, Ричард Шенц, порача дека дуалното образование е образование ориентирано кон потребите на пазарот на трудот и е инвестирање во иднината и економијата.

Амбасадата на Република Австрија во Република Македонија, заедно со Стопанската комора на Австрија, преку своето повеќедецениско искуство и експертиза во оваа област ќе дадат директна поддршка и „know-how“ во процесот на имплементација на системот на дуално образование во средното образование.

**23.4.2018**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ, НА СОСТАНОК НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ВО ПОДГОРИЦА

Стопанските комори мора да го потикнуваат развојот на меѓусебната трговија, инвестициите и дигитализацијата во регионот, како предуслов за успешен напредок кон евроинтеграциските процеси на регионот

Стопанската комора на Црна Гора беше домаќин на седницата на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), што се одржа на 21 април 2018 година во Подгорица. На работната средба, покрај претседателите на стопанските комори од регионот – членки на КИФ (Стопанската комора на Македонија, Црна Гора, Србија, Косово, БиХ, Албанија, Словенија и Хрватска), учествуваа и претседателот на EUROCHAMBRES, Кристоф Лајтл, и потпретседателот Волфганг Гренке, како и претставници од стопанските комори на Турција и Војводина, како и на слободните зони на Србија.




На средбата со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, претседателот на Eurochambres, Кристоф Лајтл ја пренесе пораката на еврокомесарот **Јоханес Хан** дека коморите мора да го поттикнуваат развојот на меѓусебната трговија, инвестициите, што покрај процесот на дигитализација во регионот, се многу значајни за заедничкиот европски пат.

На состанокот на КИФ беше посочено дека EUROCHAMBRES ги поддржува процесите на интеграција на Балканот, а притоа мошне значајно е почитување на владеењето на правото за поттикнување на инвестиционите иницијативи во регионот. Западен Балкан мора да придонесе за развојот на Европа. Коморите од Западен Балкан се соочуваат со европските предизвици - интеграција во бизнис-заедницата на ЕУ -– истакна Лајтл.

Членките на КИФ ги разгледаа и заедничките иницијативи и проекти за намалување на невработеноста, првенствено на младите луѓе, преку воспоставување заеднички проекти за стручно образование, имплементација на дуалниот систем на образвание и обезбедувањето стручен и квалификуван кадар, во согласност со потребите на работодавачите, како заеднички предизвик за соочување со невработеноста на земјите од регионот. Исто така, во наредниот период, КИФ своите активности ќе ги насочи кон унапредување на онлајн - Инвестиционата платформа, активностите околу Форумот за регионално поврзување, односно развој на единствен економски простор, како и други значајни регионални проектни активности.

**11.4.2018**

## ТЕХНОЛОГИЈАТА НАСПРОТИ ПОЛИТИКАТА ВО ФОКУСОТ НА 21-ОТ ЕВРОАЗИСКИ ЕКОНОМСКИ САМИТ

Бизнис делегација од Македонија, предводена од претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, учествуваше на Евроазиски економски самит, кој се одржува од 11-12 април 2018 година во Истанбул, Република Турција, во насока на зајакнување на врските помеѓу македонските компании и компаниите од евроазискиот регион. Со поддршка на Унијата на комори и берзи на Турција (ТОВВ -Türkiye Odalar ve Borsalar Birliği) беа остварени средби помеѓу македонските и турските бизнисмени, кои што дискутираа за идните чекори во насока на зголемување на економската соработка. ТОББ е главниот репрезент на приватниот сектор во Турција. Денес брои вкупно 365 членки, меѓу кои и регионални комори на трговијата, комори на индустријата, комори на поморски транспорт и берзи. Во ТОББ членуваат повеќе од 1,5 милиони компании. Професионалната поставеност на ТОББ има за цел да дава поддршка на бизнисите на национално ниво во Турција, како и помош при интернационализација на турските компании. Соработката помеѓу ТОББ и Стопанската комора на Македонија е на дневна основа со цел побрз проток на информации и премостување на бариерите во економската соработка помеѓу двете земји.

На Самитот, покрај истакнатите претставници на политичкиот и на економски живот од Р. Турција, воведно обраќање имаше и д-р Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија, кој ја потенцираше добрата соработка помеѓу

двете земји. - Учеството е и предизвик, бидејќи секоја пролет дискутираме за важни и актуелни теми, но неоптоварени со дипломатски и бирократски бариери. Денес, во третиот милениум, ние сакаме да бидеме дел од новите проекти за развој на човечкиот капитал. Потребно ни е образование што ќе создава луѓе за третиот милениум, - истакна претседателот Иванов.

На Самитот присуствуваше и претседателот на Владата на Р. Турција, господинот Бинали Јилдирим, кој покрај останатото ја истакна потребата за забрзана економска соработка помеѓу земјите од регионот, а овој Самит е местото каде што заедничката соработка може да се фокусира на конкретни проекти.

**26.10.2018**

## УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА Е ИМПЕРАТИВ ЗА ДИНАМИЗИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН – ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА „БАЛКАНОТ И ЕУ – ПЕТГОДИШЕН ЦИКЛУС НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС“

Делегација на Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески, учествуваше на конференцијата „Балканот и ЕУ – петгодишен циклус на Берлинскиот процес“, која се одржува на 25 и 26.10.2018 година, во Будва, Црна Гора. Конференцијата, која по осми пат ја организира Стопанската комора на Црна Гора, собра повеќе од 700 учесници, вклучувајќи високи државни претставници, стопанственици, претставници од научната јавност и повеќе меѓународни институции. Фокусот на прашањата кои беа отворени во рамките на шесте панели на конференцијата се фокусираа на регионалната соработка и унапредувањето на процесот на европски интеграции на подрачјето на Западен Балкан.




Своe воведно обраќање на конференцијата имаше Себастијан Курц, канцелар на Република Австрија, кој посочи дека европските перспективи на земјите од Западен Балкан изгледаат подобро отколку кога било претходно, и дека и двете страни треба да дадат свој придонес во рамките на овој процес. При тоа, државите од Западен Балкан треба непречено да продолжат да ги спроведуваат реформските процеси во насока на обезбедување на високите стапки на економски раст, додека ЕУ треба континуирано да продолжи да ги поддржува овие процеси и да ги зголемува инвестициите во регионот, кои до сега придонесоа за отворање на повеќе од 250.000 работни места во регионот на Западен Балкан.

Во своето воведно обраќање, претседателот на Стопанската комора на Црна Гора Властимир Голубовиќ посочи дека стопанските комори од регионот и пред започнувањето на Берлинскиот процес ги одржуваа на високо ниво економските врски во регионот, континуирано придонесуваа за постепено менување на имиџот на регионот, и инсистираа приоритет да добиваат прашањата од економска природа кои имаат практични импликации врз работењето на бизнисите и врз животот на граѓаните на подрачјето на Западен Балкан. Посочи дека економиите на земјите од Западен Балкан се соочуваат со неразвиена инфраструктира, ниска конкурентност и продуктивност, технолошка неразвиеност, ниска акумулација на капитал и слаб извозен потенцијал, како и дека стопанствениците од регионот очекуваат значителна поддршка од ЕУ за надминување на проблемите на енергетската и инфраструктирната неразвиеност, кои се рбетот на секоја економија, но и поддршка за бизнисите да го усогласат своето работење кон стандардите на ЕУ.

Претседателот на Црна Гора Мило Ѓукановиќ, во своето обраќање посочи дека Берлинскиот процес е важно надградување на политиките на ЕУ кон регионот на Западен Балкан, кој треба да придонесе за поедноставување на економската соработка и за динамизирање на процесот на европски интеграции. Жукановиќ истакна дека е потребно заеднички да се афирмираат политиките насочени кон раст на продуктивноста, зголемување на бројот на работни места, како и намалување на сиромаштијата, невработеноста и работењето во неформалниот сектор, а истовремено, државите од регионот активно да работат на олеснување на трговијата и надминување на нетарифните бариери,

затоа што во моментот, поради чекањето на границите се губи 1% од БДП и се намалува 1% од вредноста на извозот, односно 7% од вредноста на извозот ако станува збор за земјоделски производи.

Во рамките на панелите на конференцијата, свое обраќање имаа д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија за должен за економски прашања и координација со економските ресори, кој дискутираше за прашањата за економските и европските перспективи на Балканот, м-р Крешник Бектеши, министер за економија во Владата на Република Македонија, кој се осврна на прашањата за регионалната соработка како сегмент на европските интеграции и економијата како генератор на вкупниот развој во секоја од државите од Западен Балкан, и Светозар Јаневски од М6, кој се осврна на прашањата кои се предностите и недостатоците од тоа да се води бизнис на подрачјето на Западен Балка.



На маргините на конференцијата, претседателот Азески оствари средби со Себастијан Курц, канцелар на Република Австрија, кој ја изрази својата поддршка за активностите на Коморскиот инвестициски форум во насока на унапредување на регионалната економска соработка, како и со Мило Ѓукановиќ, претседател на Црна Гора, Душко Марковиќ, премиер на Црна Гора, Иван Брајовиќ, претседател на Собранието на Црна Гора, Рамуш Харадинај, премиер на Република Косово, Расим Љајиќ, потпретседател на Владата на Република Србија, претставници на повеќе меѓународни институции и бројни стопанственици од регионот.

## СЕ ЗГОЛЕМУВААТ МОЖНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

Амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, Н.Е. Кристиан Тимоние, со директорот на Канцеларијата „Бизнис Франција”, Пиер Лињо, на 5 февруари 2018 година, реализираа посета на Стопанската комора на Македонија и одржаа состанок со претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев.



На состанокот се разговараше за можностите за зголемување на трговската размена помеѓу двете земји, што може да се поттикне и преку планираниот бизнис форум Франција – Балкан 2018, кој ќе се одржува во Белград, во периодот од 30 мај до 1 јуни 2018 година.

Презентирајќи го форумот, амбасадорот и господинот Лињо, истакнаа дека овој форум е одлична можност за поврзување со деловни партнери од 12 земји, меѓу кои, покрај Франција и земјите од Западен Балкан, ќе бидат и Хрватска, Кипар, Грција, Молдавија и Романија, со што се очекува развој на деловна платформа со повеќе од 250 учесници. Тридневниот форум ќе биде наменет за компании од 5 сектори (земјоделско-прехранбен сектор, инфраструктура, енергетика, информатичка технологија и туризам) и покрај организираните деловни средби, учесниците ќе имаат можност да ги проследат панелите за инвестиции на Балканот, финансирање и развој на бизнисите во регионот.

**27.3.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА ГОЛЕМОТО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

По повод предавањето на акредитивните писма, новоименуваниот амбасадор на Големото Војводство Луксембург, Н.Е. Кристиан Бивер, на 27 март 2018 година, реализираше работна средба со Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија.




Амбасадорот Бивер изрази голема благодарност за приемот и покрај тоа што како нерезидентен амбасадор својата функција ќе ја извршува од Луксембург. Притоа, тој истакна дека во иднина ваквиот вид на средби треба да станат редовна пракса со Стопанската комора на Македонија и на ниво на претставници на бизнис заедниците од двете земји.

На средбата беа дискутирани и разгледани можностите како да се продлабочи релацијата помеѓу Луксембург и Македонија и да се зголеми економската и трговската соработка, која засега е на ниско ниво и се одвива главно во металуршкиот сектор. - Македонија за Луксембург, како и за голем број други земји, претставува одлична можност за инвестирање особено во делот на енергетскиот сектор, прехранбената индустрија, информатичко-комуникациските технологии, со одлични поволности за инвестирање и развој на бизнисите според потребите на земјите од ЕУ, - истакна Пешев.

**22.11.2018**

## АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА ВО СОФИЈА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



На 22 ноември 2018 година, претседавачот на Собранието на Стопанската Комора на Македонија, Антони Пешев, оствари работна средба со амбасадорот на Република Молдавија со седиште во Софија, Н.Е. Штефан Горда и конзулот госпоѓа Ирина Кожокару. Посетата беше реализирана со цел размена на мислења за постојната меѓусебна економска соработка и отворање можности за унапредување на истата.

Според Н.Е. Штефан Горда, размената на информации и искуства е многу важен фактор за креирање позитивна перцепција за земјите, кај бизнисмените од двете земји. Во таа насока, амбасадорот информираше дека се планирани деловни средби, односно посета на бизнис делегација од Молдавија во Македонија, во првата половина на 2019 година. Таков бизнис форум кој не е организиран многу долго време, ќе помогне да се создадат одлични предуслови за поттикнување и продлабочување на економската и

трговската соработка помеѓу двете земји, потенцираше амбасадорот. Стопанската комора на Македонија ќе биде навреме информирана од страна на Трговско-индустриската комора на Република Молдавија, со која е во долгогодишна одлична соработка, за интересите на бизнисмените од страна на Молдавија со цел пронаоѓање соодветни партнери за деловните поврзувања.

**17.12.2018**

## СИСТЕМСКИ РЕФОРМИ ВО РЕГИОНОТ И ПРИСПОСОБУВАЊЕ КОН ЕДИНСТВЕНИОТ ЕВРОПСКИ ПАЗАР КОЈ Е ЦЕНТАРОТ НА ТРГОВИЈАТА ЗА ОВИЕ ПРОСТОРИ – ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИТЕ КОМОРИ (АБК) ВО ИСТАНБУЛ

Билјана Пеева Ѓуриќ, в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија, присуствува на годинешното Генерално собрание на Асоцијацијата на балкански комори (АБК) кое се одржува во Истанбул, Р. Турција, земја која годинава претседава со Асоцијацијата.

На Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) во Истанбул, воведен збор имаше господинот Рифат Хисарџиклиолу, претседател на Унијата на трговски комори и стоковни берзи на Турција и претседател на АБК. Високи претставници од стопанските комори во рамките на Асоцијацијата на балканските комори на Годишното собрание дискутираа за повеќе теми осврнувајќи се на: актуелните случувања во земјите-членки на Асоцијацијата на балканските комори, со акцент на економскиот развој и подобрување на функционирањето на коморскиот систем; потребата од поддршка и развој на стручното образование, а акцент ќе биде ставен и на темите поврзани со дигитализацијата и женското претприемништво.

Воведен збор имаше господин Рифат Хисарџиклиоглу, претседател на Унијата на трговски комори и стоковни берзи на Турција и претседател на АБК, кој посочи дека се потребни системски реформи во целиот регион и приспособување кон потребите на единствениот пазар бидејќи центарот на трговијата за овие простори е Европската унија.

Министерката за трговија на Р. Турција, Рушар Пекчан, само потврди дека Балканот е важна економска точка за турската економија, што се потврдува низ бројки. Меѓусебната размена на Турција со членките на Асоцијацијата на балканските комори се зголемува за 9% на годишно ниво.




На Генералното собрание излагање имаше и в.д. извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, Билјана Пеева-Ѓуриќ, потенцирајќи дека Комората, како најстара и најбројна бизнис асоцијација во земјата, чии членки генерираат приближно 95% од националниот БДП, претставува еден клучен ентитет, мост помеѓу стопанството и јавниот сектор, вклучена во креирањето на економските политики во земјата, која континуирано предлага бројни реформи кои требаа да бидат инкорпорирани во националните стратегии за економски развој.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Во 2018 година, веб-порталот на Стопанската комора на Македонија беше редизајниран и обновен. Неговата промоција се подготвува за почетокот на 2019 година. Информирањето на компаниите-членки и понатаму се врши преку неделните електронски изданија „БИЗНИС ИНФО“ и „БИЗНИС ОГЛАСНИК“, месечниот печатен прилог во магазинот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, дневното електронско издание ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ, како и фејсбук-страниците на Стопанската комора на Македонија: БИЗНИС ИНФО - СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА; ПРЕС-СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА и ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, како и други разни периодични изданија.

***- ВЕБ-ПОРТАЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА*** (www.mchamber.mk)
На веб-порталот на Стопанската комора на Македонија во 2018 година беа објавени сите активности на органите, телата и облиците на организирање на Комората. Беа објавени информации за активностите, достигнувањата и резултатите на членките на Комората и беа пласирани вести од институции и органи од земјава, како и вести од економијата од светот, кои се од значење за бизнис секторот и за членките. Позначајните настани и редовните прес-конференции беа проследени со видео-записи од кои посетителите на сајтот можеа да имаат поширок тонски увид во излагањата на претставниците на нејзините членки.
Одредени содржини кои беа објавувани беа преведувани на англиски јазик, за сите посетители на сајтот од англиското говорно подрачје.

***-„БИЗНИС ИНФО“ (неделно електронско издание)***
Во 2018 година беа издадени 42 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 22 страници. Неделникот објавуваше во просек околу 15 текстови во едно издание - поширoки текстови, коментари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „БИЗНИС ИНФО“ во годината беше прочитано од околу 5.000 корисници.
Покрај тоа, во ова електронско издание беа објавувани извадоци од интервјуа што ги имаат членките на Комората во македонските медиуми, како и текстови за нивните резултати, достигнувања, зафати и инвестиции. Во ова издание беа поместени и текстови пренесени од странски врвни економски изданија за значајни економски случувања.

***-„БИЗНИС ОГЛАСНИК“ (неделно електронско издание)***
Во 2018 година беа објавени 25 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“. Во ова неделно издание, кое се подготвува шеста година, се поставуваат комерцијални повици до македонските компании од две бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија. Тоа се ПОНУДА – ПОБАРУВАЧКА и ЕЕН-МРЕЖАТА. Во прашање се мрежи кои нудат бројни контакти за македонските компании, а од таа обемна содржина се одбираат внимателно подготвени прилози. Редовно се објавуваа комерцијални огласи на странските инвеститори во Македонија со кои тие бараат разновидни набавки од домашните компании.
Покрај тоа, во ова издание се објавуваа и покани во вид на рекламен повик за сите настани од областа на едукацијата, саемските манифестации, презентации, форуми и слично кои беа организирани од Стопанската комора на Македонија.

***-Прилог во „ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС“ (печатена верзија)***
Во текот на 2018 година беа подготвени и објавени поголем број прилози во месечникот„ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, каде што беа објавувани значајни изјави и пораки од експерти од Комората и од претставници на нејзините членки, со цел пораката од Комората на ефектен начин да стигне до јавноста.

***-ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ***
Во текот на годината, за брзо и ефикасно информирање на членките на Стопанската комора на Македонија за позначајните економски информации што во форма на статии се објавуваа во дневните и неделните печатени и електронски медиуми, се објавуваше дневниот електронски ПРЕГЛЕД, за чија содржина во просек се издвојуваа по 15 текстови дневно, како извадоци.

# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА

Центарот за едукација во текот на 2018 година организираше над сто еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор, како и интерни обуки креирани по барање на компаниите кои се реализираа во самата компанија, за вештини и знаења значајни за унапредување и подигнување на нивото на професионалност на своите кадри.





Се организираа и 8 советувања надвор од Република Северна Македонија, каде учесниците имаа можност да се едуцираат во порелаксирана атмосфера, имаа можност за непосредно вмрежување и зацврстување на нивната понатамошната соработка.

Компаниите оваа година активно се вклучија во процесот на практично обучување на ученици, односно обучија лица – ментори кои ќе ги водат учениците низ процесот на практичната работа во компанијата. Па оттука Комората во соработка со стучни лица од Центарот за стручно образование и обука, а по барање на компаниите организираше обуки на ментори во компаниите. Целта на оваа програма е да се развијат знаења, вештини, способности, ставови и вредности, односно компетенции кои треба идните обучувачи (во натамошниот текст: ментори) да ги поседуваат за да можат да работат со ученици/учесници кои изведуваат практична обука кај работодавач, вклучувајќи ги и компетенциите за работа со ученици/учесници со различна попреченост.



Во Програмата е дефинирано што треба менторот да знае, да умее и да прави, за успешно да ја реализира педагошко-андрагошката и дефектолошката работа со учениците/учесниците кои се обучуваат кај работодавачот. Преку обаа програма, менторите се запознаваа со образовниот систем и местото на бизнисите во образованието и обучувањето, со карактеристиките на комуницирање со соодветната целна група, со начините на соработка со училишта и наставниците задолжени за практична обука како и со безбедноста при изведување на практичната обука.

Дополнително Центарот за едукација во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука го организираше специјалистичкиот курс: ВЕШТИНИ ВО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ, каде обучувачи беа тренери од различни области кои на учесниците им понудија комплетна обука која води до надградба на вештини применливи на работно место и стекнување компетенции. Станува збор за обука согласно верификуваните програми кои се организираат во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука. Оваа обука беше дел од програмите кои се верифицирани од Центарот за образование на возрасни и признати од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.





Во планираните програмските активности на Центарот за едукација за 2019 година е да се креираат и реализираат настани согласно потребите на компаниите и тоа преку следење на актуелностите во различни сегменти и ефикасно одговарање на истите. Успехот на едукативните настани, покрај професионалниот пристап во организацијата, се должи пред сè на соработката со стручни и квалификувани предавачи, како и со релевантни институции кои можат да им обезбедат клучни информации на компаниите потребни за секојдневното функционирање.

Центарот и во 2019 година ќе продолжи со унапредување на своите услуги и обезбедување висок квалитет и професионалност во работењето и во таа насока на подобра комуникација со претставниците од компаниите, односно учесниците на едукативните настани ќе биде креирана посебна под веб-страница за Центарот за едукација каде што ќе бидат пласирани сите активности на Центарот и која ќе овозможи подобра прегледност и информирање за идните едукативни настани. Со цел поефикасна промоција на едукативните настани, Центарот ќе го зголеми своето присуство на социјалните и бизнис-мрежи.

## ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2018 година:

1) консултантски услуги за воведување на Систем за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2015:

- процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, е во тек во две компании;

2) консултантски услуги за транзиција на стандарди за Системи за управување со квалитет и животна средина, согласно ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015:

- процесот на транзиција на Систем за управување со квалитет и животна средина согласно ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015, е завршен во шест компании;

3) консултантски услуги за воведување на HALAL стандард:

- процесот на имплементација на HALAL стандард е пред крај во една и започнат во друга компанија ;

4) консултантски услуги за воведување на HACCP стандард:

- процесот на имплементација на HACCP стандард е завршен во една компанија;

5) консултантски услуги за воведување на Систем за управување со здравје и безбедност при работа согласно ISO 45001 стандард:

- процесот на имплементација на ISO 45001 стандард е отпочнат во две компании;

6) учество на интернационална конференција за квалитет ICQEM, Барселона-Шпанија и учество на интернационална конференција за HALAL квалитет HALAL-SAF, Сараево

7) активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитациа на РМ: ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ; ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРМ; ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

8) учество на семинари/обуки за транзиција кон стандардот EN ISO 17025:2017 за лаборатории за испитување и калибрирање

9) активно учество во процесот на ресертификација на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на TUV NORD;

10) активно учество во континуирано одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;

11) активен допринос во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите;

## ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Во текот на 2018 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, продолжи со активностите за афирмирање на арбитражата како алтернативен начин на решавање на споровите во однос на редовните судови пред стопанствениците, адвокатите и пошироката јавност. За таа цел, Постојаниот избран суд – Арбитража презема активности за промоција на арбитражното решавање на споровите и предностите од договарање надлежност на Арбитражата на домашен и меѓународен план, преку остварување средби на претставниците на Арбитражата со претставници на институционални арбитражи од други земји, како и учество и организација на настани од меѓународен карактер.

**I.Промотивни активности**

- **Одржување на прес – конференција на тема „Унапредување на арбитражното решавање на споровите за поголема соработка помеѓу бизнис партнерите“.**

Во пресрет на одржувањето на арбитражната конференција, организирана беше прес-конференција на 16.04.2018 година, на која учество зема д-р Горан Рафајловски, претседател на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во новопремената просторија – судница на Арбитражата. Претседателот на Арбитражата, на прес - конференцијата најави дека на 19 и 20 април 2018 година, во Стопанската комора на Македонија, во организација на Арбитражата со поддршка на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) ќе се одржи Меѓународната конференција на тема: „Арбитражата денес: иницијативи и перспективи“. Д-р Рафајловски информираше дека на Конференцијата, истакнати експерти, теоретичари и практичари од 10 различни европски земји, вклучувајќи адвокати од водечките светски адвокатски друштва, арбитри и професори со долгогодишно искуство од областа на арбитражата, два дена ќе дискутираат за најактуелните прашања од областа на арбитражното право.




При тоа, истакнато беше дека дека на светско ниво, арбитражата е преферирaн метод за решавање на споровите кои произлегуваат од деловното работење за 90% од компаниите, и е најчесто применуван метод за решавање на споровите кои произлегуваат од областите градежништво и енергетика, како резултат на бројните предности кои арбитражата ги има во однос на решавањето на споровите пред редовните судови. Компаниите како најпозитивна карактеристика на арбитражата ја гледаат извршноста на одлуката, по што следат флексибилноста, можноста за самостоен избор на арбитрите кои ќе постапуваат во спорот и временската ефикасност на постапката. Д-р Рафајловски посочи дека арбитражното решавање на споровите кое се одликува со голема ефикасност, квалитет и брзина на постапката, како и стручност на арбитрите кои постапуваат во споровите може да придонесе за враќање на довербата во правосудниот систем во државата, при што домашните компании наместо да ја договараат надлежноста на арбитражите во Париз, Цирих или Лондон, ќе ја договараат надлежноста на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

- **Организирање на Меѓународна арбитражна конференција „Зајакнување на соработката помеѓу деловните партнери преку унапредување на арбитражното решавање на споровите – Арбитражата денес: иницијативи и перспективи“, 19-20.04.2018 година**

Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, со поддршка на Централно – европската иницијатива (ЦЕИ), на 19 и 20 април 2018 година организираше меѓународна арбитражна конференција **„Зајакнување на соработката помеѓу деловните партнери преку унапредување на арбитражното решавање на споровите – Арбитражата денес: иницијативи и перспективи“.**



На конференцијата земаа учество земаа повеќе од 140 учесници, истакнати експерти, теоретичари и практичари од 10 различни европски земји, вклучувајќи адвокати од водечките светски адвокатски друштва, арбитри со децениско искуство во арбитража, како и професори кои долги години се занимаваат со овие прашања. Учесниците два дена дискутираа за најактуелните прашања од областа на арбитражното право, вклуќувајќи ги прашањата за арбитрабилноста, практичните прашања поврзани со арбитражното решавање на споровите, Конвенцијата за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки (Њујоршка конвенција) која во 2018 година прослави 60 години јубилеј од своето постоење, и инвестициската арбитража како едно од прашањата кое буди најголем интерес кај лицата кои се занимаваат со работи од областа на арбитражата и поширокатa јавност. Како говорници на Конференцијата земаа учество и дел од членовите на Претседателството на Арбитражата.

- **Подготовка и издавање на Брошура за Арбитражата**

Арбитражата, во април 2018 година, **подготви и издаде Брошура посветена на меѓународната арбитражна конференција, арбитражното решавање на споровите и активностите на Постојаниот избран суд – Арбитража.** Брошурата опфати теми посветени на работењето на Арбитражата, договарањето надлежност на Арбитражата, поведувањето и текот на арбитражната постапка, видовите на спорови кои може да бидат решавани пред Арбитражата, како и предностите на арбитражното решавање на споровите.

Дополнително, во материјалот накусо беа презентирани и излагањата на говорниците на арбитражната конференција „Зајакнување на соработката помеѓу деловните партнери преку унапредување на арбитражното решавање на споровите – Арбитражата денес: иницијативи и перспективи“, со оглед дека Брошурата беше издадена во рамки на организацијата на Конференцијата, а примероци од материјалот беа испечатени во 150 примероци и поделени на учесниците на настанот.

**II. Нормативни активности**

- **Ревидирање на одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија**

Во текот на 2018 година, Претседателството на Арбитражата во неколку наврати отвори дискусија за потребата од ревидирање на одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во насока на надминување на прашањата кои се јавуваат како отворени во секојдневното практично постапување во арбитражните постапки кои се поведуваат пред Арбитражата, но и во насока на подобрување на ефикасноста на арбитражните постапки, организациската поставеност на Арбитражата, како и

следење на современите трендови на арбитражната практика. **Активностите ќе продолжат и во 2019 година**, кога се очекува да биде усвоен нов Правилник на Постојаниот избран суд – арбитража при Стопанската комора на Македонија.

- **Дополнување на Листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при стопанската комора на Македонија**

Следејќи ја потребата за континуирано проширување на Листите на арбитри на Арбитражата со истакнати професионалци кои имаат искуство во областа на арбитражното право, по доставен предлог на Арбитражата, со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на Листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, донесена од Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, **бр. 02-1411/3 на седницата на Управниот одбор, одржана на 19.09.2018 година**, во листата на арбитри за спорови со меѓународен елемент беа додадени:

- м-р Илија Митрев Пенушлиски,советник за меѓународна арбитража и јавно приватно право,*Shearman & Sterling LLP Paris;*
- д-р Мориц Келер (Moritz Keller), советник за решавање на спорови, *Freshfields Bruckhaus Deringer Vienna;*
- проф. Аниш Х. Бајректаревиќ (Anis H. Bajrektarević)**,** шеф на катедра и професор по меѓународно право и глобални политички студии на *ИМЦ Универзитетот во Австрија.*

**III. Учество на меѓународни настани и конференции**

Во текот на 2018 година, претставници од Арбитражата земаа учество на повеќе настани од регионално и меѓународно значење и преземаа активности за промоција и препознатливост на активносите на Постојаниот избран суд – Арбитража на меѓународен план.

Меѓународните настани беа посветени на актуелните прашања и состојби од областа на арбитражното решавање на споровите, предизвиците и преспективите за натамошен развој на арбитражата, во чии рамки претставниците од Арбитражата споделија свои видувања и искуства со претставници од арбитражните институции од Регионот и Европа.

## БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, логистички дејствија, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година во Бизнис канцеларијата и канцелариите во регионалните комори се издадени:

- 2320 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 12241 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 524 АТА-карнети;
- 7 потврди за ексклузивитет;
- 14 потврди за слободна продажба;
- 10 потврди за производител;
- 9 потврди за членство во Комората;
- 150 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Потврдено во Комора);
- 48 мислења за исполнување на економските услови.

На седници на соодветните здруженија и регионалните комори во Стопанската комора на Македонија, компаниите беа перманентно информирани во текот на 2018 година за работата со издавањето на сертификатите за потекло и другите меѓународни трговски документи, потребни за обавување на стопанските активности.

# EXCELLENT SME

Проектот Excellent-SME можност да се направи разлика меѓу успешните и помалку успешните компании.

Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA е сертификат го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Главната цел на сертификатот, се совпаѓа со ЕУ-директивите, да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигура бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспарентност. Сертификатот им овозможи на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса, и најважното - нејзиниот бонитет.

Со инсталирање и користење на потенцијалот на сертификатот постојните и идните деловни партнери може да прават разлика меѓу успешни и помалку успешни компании.

Овој проект Стопанската комора на Македонија го започна во април 2013 година, а од година во година се е поголем е бројот на компании кои ја препознаа потребата од Excellent, односно ги увидоа бенефитите како сопственици на сертификатот Excellent-SME

Проектот Excellent SME е застапен во девет држави ,земјите кои произлегоа од поранешните југословенски републики : Словенија, Србија, Македонија, Хрватска, Црна Гора, но и: Романија, Унгарија, Бугарија, и Словачка .

Од особена важност е соработката меѓу компаниите носители на Excellent SME сертификатот од сите земји од регионот како одговор на глобализацијата на големите компании, а Стопанските комори имаат голема улога во развојот на овие релациите помеѓу компаниите.

Исклучително важно за проектот е дека истиот се зголемува, а со тоа се зголемува и белата листа на компании. На овој начин ќе се зголеми и регионалната поврзаност помеѓу компаниите и заедничкиот настап на Excellent SME компаниите на трети пазари.

Во Македонија компании кои се здобија со сертификатот Excellent SME се 95 и истите вработуваат повеќе од 5600 вработени. Најголем број на Excellent SME компании во Македонија се во дејноста трговија, производство и градежништво.

Во насока на поголема промоција на проектот Excellent SME реализирани се презентации пред компаниите во Регионални канцеларии на Стопанската комора на Македонија: Прилеп, Битола, Штип и Кичево, пред компаниите учесницки на семинарите кои ги организира Центарот за едукација како и на прес конференција на која беа потенцирани потребата и бенефитите од учаството на компаниите во проектот Excellent SME.

# КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ – ПРЕТПРИЕМАЧИ

25.01.2018 година беше означен како старт на Клубот на менаџери - претприемачи за 2018 година. Членовите имаа можност да следат едукативни, забавни и промотивни настани во текот на целата година, со однапред предвидена програма која опфаќа повеќе настани месечно, со однапред предвидена динамика и времетраење на истите. Бројните едукативни програми и обуки кои се вклучени во годишната програма им им овозможија на менаџерите да го поттикнат сопствениот стручен и професионален развој, но и да обезбедат адекватна и мотивирана работна сила, иновативни производи и конкурентска предност, што произлегува од спремноста на менаџерот-претприемач да се носи со своите обврски и секојдневно да инвестира во својот тим.



Клубот на менаџери покажа дека претставува нова алатка, но и ексклузивна можност за малите и средни компании да станат дел од мрежа на компании кои остваруваат континуиран раст и развој. За таа цел, Клубот на менаџери - претприемачи за своите членови обезбеди следење на едукативни настани, во релаксирана, но продуктивна атмосфера во специјално опремената Бутик сала „Дуна Компјутери“, како и следење на забавни настани, вмрежувања и team building настани кои придонесоа компаниите подобро да се запознаат, меѓусебно да споделат знаење, искуство и контакти и на тој начин да генерираат нови идеи за деловни потфати.



Во 2018 година Клубот на менаџери-претприемачи брои 67 претставници од мали и средни компании. Во текот на 2017 година, заедно со членките согласно Годишната агенда беа реализирани 25 едукативни настани со реномирани предавачи од земјата и од странство на повеќе теми како: „Емоционална интелигенција“; „Лична мотивација и мотивација на вработените - надминување на проблемот на новите генерации - милениумци“; „Менаџмент на безбедност со информации“Оценување на вработените“; „Управување со високо ефективни тимови“ како и обуката „ (Coaching)“ која се изведуваше како модул од четири настани и др. Клубот во овој период одржа 3 вмрежувања (едното беше во соработка со компании од Советот на странски инвеститори, а второто беше реализирано заедно со компаниите од Кавадрци и третотот со компаниите од Прилеп, при организираните посети на фирмите Кожувчанка ДОО – Кавадарци и Комфи Ангел-Прилеп.

Секоја од остварените активности во рамките на Клубот беше покриена со објава со цел информирање на компаниите за организираните настани.

Следејќи ги трендовите во европските земји од една, но и потребите и барањата на нашите компании од друга страна, преку Клубот на менаџери-претприемачи се креираше алатка која ги поврзува сите бенефити на едно место, со цел поддршка на малите и средни компании во насока на пронаоѓање деловни партнери, промоции, соработка на домашните со странските компании и создавање синџири на добавувачи, искористување на ЕУ-фондовите, пронаоѓање партнери. Тоа е возможно благодарение на одличната логистика, поврзаност, но и контакти кои Стопанската комора на Македонија ги има со домашните и странски институции кои нудат информации, анализи, едукација, но и пронаоѓање партнери.

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**21.2.2018**

## ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНАТА СОРАБОТКА СО СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ВО РАМКИТЕ НА ИПА ПРОЕКТОТ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА




Еден од клучните приоритети на Советот на странски инвеститори е интензивирање на соработката на странските инвеститори со домашните компании и нивна поголема инклузивност за зајакнување на конкурентноста на целокупната економија.

Во таа насока, Советот на странски инвеститори и Стопанската комора на Македонија, заедно со Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, започнуваат заеднички проект за зацврстување на соработката меѓу странските компании и локалните доба вувачи кои имаат потенцијал да станат нивни добавувачи.

Во рамките на проектот, на 21.02.2018 година во Стопанската комора на Македонија, беше организирана тркалезна маса на која земаа учество голем број странски компании во земјава, заинтересирани за продлабочување на соработката со домашните компании.

На тркалезната маса учествуваше и проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**26.3.2018**

## ПРОЕКТ „ДЕН СО МАКЕДОНСКИТЕ ВОДЕЧКИ ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ“ ОРГАНИЗИРАН ОД СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија под покровителство на претседателот на Република Македонија, Н.Е. д-р Ѓорге Иванов, во периодот од април до август 2018 година, организира Проект: „ДЕН СО МАКЕДОНСКИТЕ ВОДЕЧКИ ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ”.

Според м-р Штефан Петер, претседател на Советот на странски инвестори, главна цел на Проектот е десет млади амбициозни луѓе од Македонија да поминат еден ден со македонските водечки извршни директори, со што ќе добијат ретка можност да се запознаат како изгледа работниот ден на еден врвен менаџер, квалитетно навлегување во процесите на водењето на компанија, стекнување нови знаења, практични искуства и вештини кои ќе придонесат за развој на нивниот претприемачки дух.

Учеството на извршните директори во Проектот е доказ за нивната посветеност да ги поддржат најдобрите поединци во нивниот кариерен развој кои еден ден ќе ги преземат лидерските позиции во македонските компании, обезбедувајќи им не само знаење, туку и практични вештини и искуства.

**12.4.2018**



## СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ СО НОВ СОСТАВ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

На последната пленарна седница на Советот на странски инвеститори (ССИ) при Стопанската комора на Македонија, одржана на 11 април 2018 година, беше избран нов состав на Управниот одбор на Советот.

На настанот, господинот Марко Мантованели, менаџер на Светска банка за Македонија и Косово и господинот Бојан Шимбов, економист во Канцеларијата на Светската банка во Скопје, го презентираа последниот Редовен економски извештај за Западен Балкан, објавен од Светската банка.

**20.4.2018**

## ПОГОЛЕМА ИНКЛУЗИВНОСТ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ВО ЛОКАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ СИНЏИРИ НА СНАБДУВАЊЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ МАКСИМИЗИРААТ ЕФЕКТИТЕ ОД СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕМЈАТА

Конференцијата за зацврстување на соработката меѓу странските компании и локалните компании кои имаат потенцијал да станат нивни добавувачи, во организација на Советот на странски инвеститори и Стопанската комора на Македонија, заедно со Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 20.4.2018 година се одржа во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје.

И покрај напредокот постигнат во привлекувањето на извозно ориентираните странски директни инвестиции, способноста на локалните МСП подлабоко да се интегрираат во синџирот на снабдување на глобалните СДИ во земјава е лимитирана пред се од нивното релативно ниско ниво на продуктивност, корпорациски вештини, технолошките капацитети, бизнис софистицираност и некои аспекти на деловното опкружување на локално ниво.

**25.4.2018**

## ПРЕНЕСЕНО: ПРИЕМ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОЕКТОТ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИВЕСТИТОРИ „Ден со македонските водечки извршни директори" кај претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов

Претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов, денеска приреди прием за студентите од додипломски, постдипломски и докторски студии, коишто во рамки на проектот „Ден со македонските водечки извршни директори", беа избрани да поминат еден работен ден со менаџери на успешни компании во Република Македонија. Проектот се реализира под покровителство на Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, во организација на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија. Програмата ќе се реализира во периодот од мај до август 2018 година, а меѓу успешните менаџери кои ќе ја спроведуваат обуката се Штефан Петер од ЕВН Македонија, Ирена Јакимовска од „Комфи ангел", Волфганг Марингер од „Арчелор митал", Владимир Косијер од „Пивара Скопје" и Аврам Стојчевски од „Ван Хол".

**13.6.2018**

## СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ОДРЖА СЕДНИЦА НА УПРАВЕН ОДБОР - НОВО ИЗДАНИЕ НА БЕЛАТА КНИГА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС КЛИМАТА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ



На 12 јуни 2018 година Управниот одбор на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија одржа редовна седница на којашто се дискутираше за повеќе точки на дневниот ред.

Алесандро Занота, економски советник во Делегацијата на Европската унија во Скопје ги презентираше клучните поенти од последниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, со посебен акцент на економските критериуми и перформанси на земјата во изминатиот период.

**13.6.2018**

## БИЛАТЕРАЛНИ ДЕЛОВНИ СРЕДБИ ПОМЕЃУ СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ЗА ПОГОЛЕМА ИНКЛУЗИВНОСТ ВО ГЛОБАЛНИОТ ЛАНЕЦ НА НАБАВКИ

Деловни средби за зацврстување на соработката меѓу странските инвеститори и локалните компании кои имаат потенцијал да станат нивни добавувачи, во организација на Советот на странски инвеститори и Стопанската комора на Македонија, заедно со Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржаа на 13.6.2018 година во Стопанската комора на Македонија.

**24.6.2018**

## ГОЛЕМ ХУМАНИТАРЕН ГУРМАНСКИ ПИКНИК ВО ГРАДСКИОТ ПАРК ВО СКОПЈЕ




Советот на странски инвеститори и Стопанската комора на Македонија го организираа 3-от по ред хуманитарен светски гурмански пикник со авентични гурмански специјалитети од различни земји, промовирајќи ја културата и традицијата на своите компании членки преку автентични кујни.



Големиот хуманитарен гурмански пикник во Градскиот парк во Скопје, понуди содржини за целото семејство, со многу музика, забава и анимација за деца. Македонските граѓани и претставниците на бизнис заедницата имаа можност да се запознаат со различните вкусови на интернационалните кујни и да уживаат во музиката на годинешните македонски претставници на Евровизија – музичката група Ај кју, беа дел и од хуманата намера на настанот .

**26.7.2018**

## Посета на компанијата КОМФИ АНГЕЛ од Прилеп во рамки на проектот „ДЕН СО МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ“

Во рамки на предвидените активности на проектот „Ден со македонските извршни директори“ кој Советот на странските инвеститори при Стопанската комора на Македонија го организира со Школата за млади лидери под покровителство на Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, беше извршена посета на компанијата Комфи Ангел од Прилеп.

Младите лидери имаа прилика да се запознаат со менаџерскиот тим на Комфи Ангел и непосредно да бидат дел од работниот ден на извршниот директор Ирена Јакимовска. Пред учесниците беа презентирани организационата структура на компанијата и начинот на функционирање на истата, притоа беа посетени различни сектори во компанијата, вклучително и производните капацитети што овозможи присутните директно да се запознаат со процесите на производство и неговото менаџирање.

**30.11.2018**

## ОСНОВАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО ВО РАМКИТЕ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ



На конститутивната седница одржана на 30 ноември 2018 година во Стопанската комора на Македонија беше основана Асоцијација на странски компании со технолошки напредно производство во рамките на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија.

Пред големиот број присутни претставници на странските компании од технолошко-индустриските развојни зони и од индустриските зони во Македонија се формализира постоењето на оваа Асоцијација, којашто ќе функционира во рамките на Советот и ќе ги претставува и застапува специфичните интереси на нејзините членки. Иницијативата за формирање на вакво тело потекна од неколку странски инвеститори во земјата, да се обединат на едно место сите странски компании лоцирани во технолошко-индустриските развојни зони и во индустриските зони во Македонија, а со цел да се формализираат нивните ставови и потреби при комуникација со државните институции.

**12.12.2018**

## Промовирано печатеното издание „Бела книга 2018“ на Советот на странски инвеститори - ПЛАТФОРМА ЗА ДИЈАЛОГ МЕЃУ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ВЛАСТИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА И ИНВЕСТИРАЊЕТО ВО ЗЕМЈАТА

На 12 декември 2018 година, во Стопанската комора на Македонија, во присуство на премиерот Зоран Заев, амбасадори, бизнисмени и членови на странски инвеститори, беше промовирана „Белата книга 2018“ на Советот на странските инвеститори.

- Овогодинешното издание опфаќа сет на приоритети на економските политики, од перспектива на странските инвеститори, но дополнително нуди и предлози за олеснување на работењето во специфични области, со цел да се стимулира подинамично инвестирање на странскиот капитал во земјата, - истакна Штефан Петер, претседател на Советот на странските инвеститори. Во понатамошниот дел на настанот, на панел-дискусијата одржана во рамките на настанот за актуелни економски теми и прашања поврзани со предизвиците на македонската економија во наредниот период дискутираа: претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, како и претседателот на Советот на странски инвеститори, Штефан Петер.



# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

**„ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС“**

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2018 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2018 година:**

- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучени се договори за Премиум Покровител со 3 нови компании;
- склучен е договори за Силвер Покровителство со 1 нова компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- организирани се работни средби покровител со покровител, на нивно барање;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на администраторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на ТВ екрани на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, и на 5-ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, 5-ти кат сала 4и во лифтот во Комората;
- реализирана традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите – за покровителите;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

MERMEREN Kombinat
МЕПСО
Duna
T · ·
VERO
ПЕКАБЕСКО
vitaminka
СТОПАНСКА БАНКА а.д. Битола
cashback world
ЕЛЕМ ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА
КОЖУВЧАНКА
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION

### СТАНДАРД Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
HALKBANK
EVN
TIKVEŠ SINCE 1885
seavus www.seavus.com
МАКПРОГРЕС
RADE KONČAR-TEP
ComfyAngel
EDS ENERGY DELIVERY SOLUTIONS
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
Прилепска Пиварница
ОКТА
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
СЕМОС
Hotel StoneBridge
ZAN MITREV CLINIC
ДЕ-НИ МЕБЕЛ

### СИЛВЕР Покровители

SMELT-ING
ALLIANCEOne
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion
Vezeshari
MC Robin
ХЕМОМЕТАЛ
evita
АГРИА агроиндустриска групација
Екстра Меин
SPARKASSE